УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТ И АРХЕОЛОГИЈА

Насока АНТИЧКА АРХЕОЛОГИЈА

Постдипломски студии

МАГИСТЕРСКИ ТРУД на тема:

# МАГИСТРАЛНИОТ ПАТ VIA AXIA ВО ДОЛИНАТА НА ВАРДАР ВО РИМСКО ВРЕМЕ


Ментор:
Професор д-р Виктор Лилчиќ-Адамс

Кандидат:
Андриана Петковска
Индекс бр. 4391/12


Скопје, 2024

## С О Д Р Ж И Н А


1. ВОВЕД 5
   1.1 Географско- климатски карактеристики 8
   1.2 Цел на истражувањето 10
   1.3 Методологија на археолошките истражувања 11
   1.4 Образложение за изборна тема 13

2. ИСТОРИЈАТ НА ИСТРАЖУВАЊАТА 15

3. ИСТОРИСКИ И ЕПИГРАФСКИ ИЗВОРИ 25
   3.1 Историски извори 26
   3.2 Епиграфски споменици 34

4. ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА РИМСКИОТ ПЕРИОД ВО ДОЛИНАТА НА ВАРДАР 39

5. АДМИНИСТРАТИВНА ПОДЕЛБА НА ДОЛИНАТА НА РЕКАТА ВАРДАР ВО РИМСКИОТ ПЕРИОД 43

6. РИМСКИОТ ПАТ ТЕСАЛОНИКА-СТОБИ-СКУПИ 46

7. АНТИЧКИ ГРАДОВИ И ПРОБЛЕМИТЕ ЗА УБИКАЦИИ 61
   7.1 Гортинија 64
   7.2 Тауријана 72
   7.3 Идомене 77
   7.4 Добер 87
   7.5 Стенае 94
   7.6 Антигонеа 102
   7.7 Стоби 109
   7.8 Гурбита 120
   7.9 Билазора 126

7.10 Скупи ______ 135

**8. АНТИЧКИ ТВРДИНИ И НИВНАТА ФУНКЦИЈА** ______ 148

8.1 (Кула) Давина Кула ______ 152

8.2 Градиште Таор ______ 158

8.3 „Дрма“ Смрѓец, Бадер општина Петровец ______ 164

8.4 Градиште „Маркови Кули” с.Летевци ______ 169

8.5 „Градиште“с.Добрино ______ 173

8.6 „Кале“ с.Сопот ______ 175

8.7 „Отовичко Кале“ с.Башино ______ 178

8.8 „Корија“ с. Раштани ______ 181

8.9 „Кула Превалец“ Велес ______ 183

8.10 „Острец“ село Згрополци ______ 184

8.11 „Свети Илија“ село Виничани ______ 185

8.12 „Вршник Плоча“ село Цидимирци ______ 186

8.13 „Градиште рид“ село Војшанци ______ 186

8.14 „Пченични Дупки-Споменик“ Демир Капија ______ 188

8.15 „Чифлик Илмов Рид“ Демир Капија ______ 189

8.16 „Маркова Кула“ Корешница, Демир Капија ______ 190

8.17 „Кула Среден Град“ Корешница, Демир Капија ______ 193

8.18 „Кула Постралец“ - Демир Капија ______ 194

**9. ВИСОКИТЕ КАСТЕЛИ-СПЕКУЛИ И СИГНАЛИЗАЦИЈАТА ВО ДОЦНАТА АНТИКА** ______ 196

**10. ПРЕДРИМСКИ ПАТНИ ТРАСИ** ______ 204

**11. ЗАКЛУЧНИ РАЗГЛЕДУВАЊА** ______ 212

**12. КАРТИ, ФОТОГРАФИИ И ЦРТЕЖИ** ______ 228

**13. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА** ______ 241

Пред 130 години, првиот канцелар на обединета
Германија, Ото фон Бизмарк, рекол:

*„Кој ја контролира долината на Вардар,*

*тој ќе биде господар на Балканот“.*

# 1. ВОВЕД

Античките патни мрежи имаат клучно значење во разбирањето на социо-економскиот и геополитичкиот развој на старите цивилизации. Тие, најчесто биле утврдувани по природните траси на речните долини, крајречните котлини, рамнините и височрамнините и останувале без значајни промени низ вековите.

Главните патни правци од раната антика продолжуваат да се користат и во римско време.Три позначајни патни траси на територија на Македонија кои се користеле во Римската Империја биле:

1. Via Egnatia или Егнатискиот Пат, што водел од Јадранско Море кон Дарданелите;

2. Via Axia или Вардарскиот Пат, што се протегал кон северната граница на Римското Царство и

3. Диагоналниот Пат, што водел од античкиот град Хераклеја во Линкестида преку градот Стоби на Вардар, до Сердика, каде што се спојувал со таканаречениот Војнички Пат од Наисус кон Константинопол. Дијагоналниот Пат ги поврзувал првите две патни траси.

Помеѓу овие артерии на поврзување, Via Axia се издвојува како значајна рута која што се пробивала низ срцето на Македонија по долината на реката Вардар (античкиот Аксиј), уште во раната антика. Долината на реката Вардар служела како древна патна комуникациска рута уште од античко време, поврзувајќи различни региони и олеснувајќи ја трговијата, воените кампањи и културната размена помеѓу

поразвиениот балкански егејски југ и неразвиениот балкански север особено во раната антика.

Аксиј-античкото име на реката Вардар се споменува во повеќе антички извори кај историчарите Херодот, Тукидид, Плиниј и други. Еден од најстарите извори каде се споменува името Аксиј е во Хомеровата Илијада, во времето на Тројанската војна како *широкострујниот Аксиј (река што широко тече)*, област од каде доаѓале Пајонците. Хомер ги сместил Пајонците на просторот околу Аксиј, во времето на Тројанската војна (Hom, Il.II 844-850). Страбон, опишува дека реката Аксиј извира од областа на Агријаните, кои се пајонско племе (Strabo. VII, 327, 329). Реката ја делела областа Пајонија и навлегувала во Македонија, во областа Амфакстида. Потоа, во римско време со поделбата на Македонија на мериди, Аксиј ги дели двете од четири мериди.

Актуелноста на Вардарскиот пат останала би рекла уште повеќе, се зголемила во денешно време, при што продолжува да се користи за транспорт, со патишта и железници кои што минуваат низ долината, поддржувајќи ја модерната инфраструктура, економиите и туризмот.

Историското значење на долината на Вардар се рефлектира во бројните археолошки локалитети пронајдени во регионот. Овие локалитети сведочат за богатата историја на човековата активност и важноста на Вардарската долина како комуникациска патна траса. Токму затоа, комуникациските мрежи биле и предуслов за подигање, растење и развивање на населбите, особено градовите. Стратешката локација на реката ја прави суштинска трговска и комуникациска рута што поврзувала различни цивилизации и култури. Нејзината природна одбрана, вклучувајќи стрмни карпи и тесни клисури, ја прават идеална природна бариера против напаѓачките сили, поради што биле оформувани голем број стратегиски утврдувања за одбрана на териториите од двете страни на реката Вардар.

Неколку антички градови и тврдини во Македонија биле стратешки позиционирани долж трасата на Via Axia. Овие градови, служеле како важни административни центри, како за трговијата, така и во контекстите на воената одбрана.

Меѓу многуте патишта, документирани на картата Tabula Peutingeriana, прикажана е и трасата на Via Axia, каде ја истакнува нејзината важност како значајна сообраќајница во регионот.

Имајќи ги предвид сите споменати премиси, мојата цел во рамките на оваа магистерска студија е да се занимавам со проучување на богатата структура на овој древен пат, неговите крстосници, бројните градови, тврдини и крајпатни населби, документирани делумно од страна на археолозите, во помал размер споменати на единствената карта на патиштата од античката епоха - Појтингеровата Карта или Tabula Peutingeriana. Сеопфатното проучување на овие меѓусебно поврзани урбани центри, нивните стратешки утврдувања и населението коешто било населено на оваа територија во римско време ја сочинуваат централната точка на која ќе се фокусирам во рамките на ова истражување.

Од досегашните археолошки истражувања на регионот на долината на Вардар, може слободно да се заклучи дека регионот е богат со материјално – културни остатоци, почнувајќи од праисторијата преку средниот век, па сè до денес.

## 1.1 Географско- климатски карактеристики

Реката Вардар е најголема и најзначајна река во Република Македонија. Реката извира од изворот кај селото Вруток, во југозападниот дел на Полошката Котлина во подножјето на Шар Планина, на надморска височина од 683 м, Вардар, тече сè до Гевгелија на кота од 43 м, потоа преминува низ Грција и се влева во Егејското Море. Вкупната должина на реката изнесува 388 км, од кои на Македонија и припаѓа 301 км.

Реката Вардар тече низ пет котлини и четири клисури. Тие наизменично се менуваат и тоа: Полошката Котлина (63,5 км), Дервенската Клисура (21,5 км), Скопската Котлина (51 км), Таорската Клисура (31 км), Велешката Котлина (7,5 км), Велешката Клисура (22,0 км), Тиквешката Котлина (55 км), Демиркаписката Клисура (19,5 км) и Валандовско-Гевгелиската Котлина (30 км). Од вкупната должина на долината на реката Вардар, две третини (207 км) е рамничарска, а една третина (94 км) е клисурска долина.

На својот тек низ Македонија, Вардар прима 37 притоки, подолги од 10 км. Од нив, 16 се слеваат од десната, а 21 од левата страна.

Сливот на реката Вардар е на границата на две големи растително-географски области: Медитеранската и Евросибирската, што предизвикува мешање на влијанијата на благата средоземноморска и острата континентална клима.

Средоземноморската клима по долината на реката Вардар е присутна до Демир Капија, а на север нејзиното изменето влијание се чувствува до работ на Скопската Котлина и по долините на неговите притоки.

Особено, сообраќајно значење има долината на реката Вардар која широко е поврзана на север со Моравската долина, а на југ кон Егејското Море. Токму, по долината на Вардар минува меѓународниот автопат Е-75 и меѓународната железничка пруга. Тие се најважната сообраќајна врска на Македонија на север со земјите од Западна, Северна и Средна Европа, а на југ со Грција и Средоземјето. Овој патен коридор, по долината на Вардар, денес уште се нарекува коридор 10.




*Сл. 1. Мапа на течението на реката Вардар*

## 1.2 Цел на истражувањето

Примарната цел на мојата студија е реализирање темелно истражување на траекторијата на Via Axia низ територијата, расветлувајќи ги значајните градови и утврдувања коишто биле оформени на нејзиниот пат.

Преку детална анализа на историските записи, археолошките наоди и картографските претстави како што е Tabula Peutingeriana, ова истражување има за цел да го реконструира културниот, економскиот и стратешкиот пејзаж што го дефинирал римскиот период во Македонија.

Навлегувајќи во археолошките остатоци, разместени или позиционирани на Виа Аксиа, оваа студија има за цел да обезбеди прецизна реконструкција на патеката на античкиот пат, истакнувајќи ги градовите, утврдувањата и другите значајни локалитети што биле составен дел на неговиот тек. Прецизно да ги истражи и документира безбројните археолошки аспекти и историското значење опфатени во оваа магистрала, навлегувајќи во меѓусебно поврзаните градови, тврдини и кастели кои го красат нејзиниот пат.

## 1.3 Методологија на археолошките истражувања

Методологијата употребена во ова истражување комбинира различни пристапи, опфаќајќи ги теренските истражувања (под теренски истражувања ги подразбирам археолошките рекогносцирања како и археолошките ископувања и детално разгледување на веќе откриените градби од различен карактер), како и кабинетските истражувања што подразбираат анализа на историски текстови и картографски претстави; и интердисциплинарни студии, што ги спојуваат пред сè археологијата, но и историјата и географијата.

Користејќи ги примарните и секундарните извори, вклучувајќи антички текстови, археолошки извештаи, научни написи и дигитални ресурси, оваа студија има за цел да синтетизира сеопфатен преглед и прецизно проучување на античките градови, тврдини лоцирани покрај Via Axia во долината на реката Вардар во римско време. Интеграцијата на податоци за археолошките истражувања со поединечни студии за одредени локалитети, овозможува похолистичко разбирање на минатите човечки општества.

Организирањето на сиот материјал во една структура, соодветно класифициран според типолошки и хронолошки аспект, карактерот и намената на наодите, ќе обезбеди согледување, на одредени процеси, аспекти и тенденции кои можеби не биле во фокусот на анализите на досегашните истражувачи. Во трудот е застапен секаков вид на

археолошки материјал, со цел добивање на што појасна слика за темата којашто е предмет на истражувањето.

Со спојување на историските извори со археолошките наоди, ова истражување, не само што сака да придонесе за научното разбирање на Via Axia, туку и да евоцира живописен приказ на животот на оваа рута за време на римскиот период во Македонија.

Преку овој синергистички пристап, се надевам дека ќе придонесам за унапредување на археолошкото знаење, ќе го продлабочам нашето разбирање за минатото и ќе го отворам патот за идните истражувачки потфати.

Особена благодарност му должам на мојот ментор проф.д-р. Виктор Лилчиќ-Адамс за поддршката и насоките при развојот на темата, како и за фотографиите кои ми беа отстапени.

## 1.4 Образложение за избор на тема

Изборот да истражувам на оваа специфична тема за мојот магистерски труд произлегува од повеќеслојниот интерес за античката историја, заедно со длабоката фасцинација од сложената интеракција помеѓу инфраструктурата, урбаните центри и регионалната динамика во античко време. Долината на реката Вардар, позната по својата стратегиска географска локација во срцето на Македонија, служела како премин кој поврзувал различни региони, па и различни светови во епохата на антиката. Системот на патишта во оваа област, не само што го олесни трговското и военото движење, туку, исто така, одигра дефинитивна улога во културната размена и административното управување.

Привлечноста на разоткривањето на слоевите на историјата вткаени во пејзажот долж овој пат, како што е документирано во Tabula Peutingeriana, ја разгоре мојата љубопитност за разбирање како овие меѓусебно поврзани населби напредувале и комуницирале во антиката.

Накратко, со ова истражување ќе се обидувам да го откопам и синтетизирам мозаикот на цивилизации и утврдувања сместени покрај Via Axia во Македонија во римско време, придонесувајќи за посеопфатно разбирање на историското, културното и социо-економското ткиво на регионот за време на антиката.

Привлечноста на откривањето на заборавените или занемарените аспекти на оваа историска рута и желбата да се придонесе кон поширокото разбирање на античката инфраструктура и нејзините

регионални импликации, го мотивираат и поткрепуваат овој научен потфат.

Овој труд, се стреми не само да ја мапира физичката траекторија на Via Axia, туку и да вдахне живот во заборавените приказни за градовите, тврдините и кастелите кои некогаш напредувале по нејзиниот пат, со обид да се премости јазот помеѓу минатото и сегашноста, откривајќи ги мистериите на прастарата патна мрежа која ги обликувала цивилизациите и продолжува да остава неизбришлива трага на современиот свет.

## 2.ИСТОРИЈАТ НА ИСТРАЖУВАЊАТА

Историјата на истражувањата на античките градови и тврдини во Македонија во антиката, како и на рекогносцирањето на патната траса на Via Axia, вклучува неколку значајни истражувачи кои значително придонеле за нашето разбирање на археолошкото наследство на овој регион.

Многу истакнати историчари во минатото, фасцинирани од ликот и делото на Александар Македонски, како и од неговите наследници, створиле  низа дела, монографии, за разлика од римскиот период на Македонија кој е целосно запоставен, денес се соочуваме со недостаток на литературни извори, како и многу ограничената археолошка активност во Македонија, пред Првата светска војна. Во минатото, немало систематски истражувања на патните траси каков што бил на пример, магистралниот пат Via Axia.




*Сл.2. Артур Еванс, прва археолошка карта на регионот на Скопје со дел од Via Axia*

Еден од првите истражувачи е британскиот археолог Артур Еванс, кој е поврзан со откривањето на минојската цивилизација на Крит. Меѓутоа, тој има идиректно влијание врз проучувањето на античка Македонија, преку неговото проучување на регионот на Скопје кон крајот на 19. век. Имено, Еванс ги истражувал римските остатоци на Зајчев Рид, локалитетите Давина и Кула кај селото Чучер, ја прецизирал местоположбата на Скупи на утоката на Лепенец во Вардар и кај селото Злокуќани, отпатувал во селата Таор и Бадер, каде што открил траги од Четирикулието (Тетрапиргија), за која зборува хроничарот Прокопиј.

Тој, во својата книга Antiquarian Researcher in Illyricum, Scupi,Scopia and the birthplace of Justinian[1], опишува низа важни локалитети од римско време низ кој поминувал овој пат, заедно со други траги, кои имаат тенденција да покажат дека комуникацијата во тој период била отворена и од оваа страна. Тој, забележал дека Вардарскиот Пат продолжувал на југ кон Железните порти на Вардар (Демир Капија), по течението на Аксиј, преку Стоби и на крајот, патот завршувал во Солун.[2]

*Сегашната директна рута до Велес и долен Вардар тече поблиску до таа река, но постариот пат се врти кон исток, по нисколинија на ридови, за да се избегнат мочуриштата на овој дел, од нивото на Вардар.*[3]

Сегашната директна рута низ регионот на Скопје, што водела кон Велес и долен Вардар тече поблиску до таа река, но постариот пат се водел на исток, по една ниска линија ридови, за да се избегнат мочуриштата (Катлановската Блатија) на овој дел, од нивото на Вардар.

Еванс, опишува дека патот од Беломбег (Белимбегово), се дели на два дела, гранки - секоја веројатно, претставува римска патна линија -

[1] Evans A, 1885, 6
[2] EvansA, 1885, 82
[3] EvansA, 1885, 101

едната лево што води до Астибо - Штип, а другата е главната линија на комуникација со Стоби и Солун.

*„Појдовна точка на моите истражувања беше* (Катлановска/В.Л.А.) *Бања, во Пчињската долина, топлите бањи и античките каменоломи кои што веќе ги опишав, кои што очигледно, ја чинеле бањската станица, означена на Картата на Појтингер како првата станица на патот кон Тесалоника, 21 милја* (31.5 км) *оддалечена од Скупи. Самиот римски пат, во својата јужна насока, мора да продолжувал од околината на(Катлановската) Бања, должлевиот брег на реката Пчиња и ја преминувал (реката), а ридот над преминот претставувал природна позиција за кастел што го контролирал овој премин. На оваа позиција, всушност, се наоѓаат урнатините на една турска кула - стражарница, позната како Бадерско Кале, кое што претходно го контролирало патот низ теснецот; патот, што секако бил римски пат. Името на ова Кале е интересно, бидејќи покажува дека името на Бадер сѐ уште се одржува на двата речни брега и неговата функција ја дополнува причината за постоење на постар, византиски „frourion“, каков што била Бедериана, во близината на селото. Самото село Бадер, лежи на десниот брег на реката, која што е тука лесно минлива. Селото е проста група куќи од сувоѕидишта; всушност, единствена значајна карактеристика е фонатаната подигната од побожната дама, со муслиманско име Фатима; неговата местоположба, сепак, закачена на стрмнината под „железните порти“ на речниот тек, секако беше прекрасна. Јас не можев да забележам какви било остатоци од римско време, иако во близината имаше христијански гробишта од некоја антика во одреден степен расфрлани околу еден даб. За еден час пешачење нагоре, странично од долината и од влезот* (во клисурата/В.Л.А.), *кај што лежи Бадер е селото Блаце, каде што беа откриени два римски натписи од инженери вклучени во рудничките операции на вадење на камен во околината, поврзани со изградбата на македонската линија. ...Од ова село, што зазема централна и контролна местоположба на овој ридест предел, помеѓу Пчиња и Вардар, води права патна линија, речиси кон југ, кон селото*

*Кожле и сливот на двете реки. За овој пат јас сум наклонет да го сметам за римски.*[4]




*Сл.3. Артур Еванс, карта Antiquarian Researches in Illyricum: Part I-IV Communicated to the Society of Antiquaries, Parts 1-4*

Неколку истражувачи биле насочени кон анализа на сочуваните итинерарии и на Tabula Peutingeriana, како András Mócsy, Alfred von Domaszewski, J. Hahn, W. Tomaschek,Konrad Miller,Никола Вулиќ, Фанула Папазоглу, Мирослава Мирковиќ и многу други.

Унгарскиот историчар, археолог и професор András Mócsy, во својата книга Gesellschaft und Romanisation in der römischen Provinz Moesia Superior [5], ги опишува станиците на Via Axia од Tabula Peutingeriana бидејќи итинерариумот Антонини ги содржи само станиците на големата дијагонала Сингидунум-Константинопол. Таму, тој наведува, дека при реконструкција на патната мрежа, мора да се имаат предвид и царинските (попатните) станици.

Alfred von Domaszewski, австриски историчар, дава свое размислување за патната мрежа од граничната линија на Горна Мезија во правец на Скупи.

[4] Evans A. 1885, 142-143
[5] Mócsy A. 1970, 1970, 17-25

Историчарите Johann Georg von Hahn и Wilhelm Tomaschek, се обиделе некои станици што се впишани на картата помеѓу Scupi и Stobi да ги распоредат на патот од Scupi кон Naissus.

Konrad Miller, историчар и картограф, во 1887 година, објавил копија на доцноантичка патна карта од 12. век Tabula Peutingeriana, целосна и во боја. Милер, во својата обемна работа посветена на римските маршрути, предложил прилично комплициран начин да се реконструира редот на станиците на овој дел од римскиот пат. Тој, претпоставува дека не само што треба да се смени распоредот на средните станици, туку дека треба да се сменат и бројките што укажуваат на растојанието во милји. Тој смета, дека станицата Ad Hercule кај Stobi, прво треба да се идентификува со станицата Ad Hercule(m) кај Naissus[6].

Милер, целата рута помеѓу Ниш и Скопје ја претставува на следниот начин: Naissus-XIII-Ad Hercule(m)-VIII - непозната станица – XX-Ad Fines – XXV-Anausaro-XII-бања – XXI-Scupi.[7] Тој, поставува вишок станици од патот Scupi-Stobi меѓу Ниш и Скопје, но не по редоследот по кој се наведени на табелата, туку обратно.

Фанула Папазоглу, класицист, епиграф и академски работник, експерт по древната историја на Балканот, има публикувано многубројни научни студии за историјата на старобалканските племиња, политичката, културната и економската историја на античка Македонија, како и периодот на Македонија во римско време, врз основа на проверени литературни, археолошки, епиграфски и нумизматички извори. Таа, во својата книга *Македонски Градови у римско доба* [8] ги опишува македонските градови во римскиот период, како и за предримското население во Македонија, при што третирала околу 250 градови (населени места), од римско време. Папазоглу, го изнела и своето мислење за патот

[6] Miller K., 1916, 555
[7] Ibid
[8] Папазоглу Ф. 1957

Stobi-Scupi и за убикација на некои од градовите и станиците наведени во Појтингеровата карта за кој ке пишувам подолу во трудот.

Српскиот историчар, класичен филолог, археолог и професор Никола Вулиќ, во јужниот дел на Качаничка клисура, кај денешното место Генерал Јанковиќ (*Hani i Elezit)*, на десетина километри северно од Скопје, во близина на железничката станица забележал 2 миљокази што се наоѓале *in situ.* [9] Римјаните кога ги поставувале границите на миљоказите се служеле со материјал што го наоѓале на самото место, како варовнички камен, мермер или гранит, а облиците на миљоказите биле со разновидна висина и ширина и димензија.

Вулиќ, во текот на повеќе децении вршел истражувања низ целата територија на Македонија и собирал камени споменици, што се чуваат и денес во лапидариумот Куршумли Ан. Од 1935 до 1939 година, тој ги ископувал античките театри во градовите Скупи и Стоби. Своите резултати ги објавил во Споменик на Српската Кралска Академија, во 1931 година. Истражувал и во Демир Капија каде забележал остатоци од голема античка населба, најверојатно Стенае и траги од антички пат на горниот влез на Вардарскиот превој и пристапот до него[10].

Мирослава Мирковиќ, српска историчарка и професор која го проучувала римскиот период на просторот на Југоисточна Европа, значаен дел од нејзината работа го посветува и на проучување на старите патишта. Во научниот труд „Римски пут Naissus-Scupi и станица Ad fines“[11] се фокусира на проучување и реконструкција на дел од римскиот пат што поврзувал два значајни града од римскиот период - Наис (денешен Ниш во Србија) и Скупи.

Многу истражувачи во минатото се занимавале со рекогносцирањето на патната траса на Via Axia, во помали или поголеми

[9] Никола Вулић, 1925, 1–4
[10] Nikola Vulic, 1938, 8
[11] Мирковић, М., 1960, 249–256

сегменти. Во нивните обиди за реконструкции на одделни делови на трасата, често се доаѓало до забуни, во однос на идентификациите на попатните станици и градови, како и со растојанијата во римски милји од историските извори, во споредба со современата километража. Многу од нив денес се разрешени, меѓутоа некој од нив сѐ уште остануваат отворени прашања.

Меѓу нив се Блажо Ѓорѓиевски и Томо Томовски,[12] кои предложиле во науката реконструктивни решенија на делници од патот помеѓу Стоби и Скупи.

Борка Драгојевиќ-Јосифовска, вршела истражувања на повеќе локалитети како Исар Марвинци, Стоби, Скупи и други. Таа ги објавила камените миљокази од регионот на Скопје. Се работи за два миљокази на латински јазик, од кои едниот е од Катланово. На едниот е врежана бројката XX, што означува 20 римски милји (околу 30 километри)  до античкиот град Скупи.[13]

Викторија Соколовска, работела на многу систематски истражувања како Исар Марвинци, Демир Капија, Скопско и други локалитети, својот интерес го насочила кон проучување на раната антика, при што има објавено голем број на стручни и научни трудови. Во монографијата „Античкиот град на Исар-Марвинци, Валандово“[14], таа дава предлог за идентификација на градот на Исарот, крај Марвинци.

Археолог и академик Алексова Блага, вршела ископувања на голем број на локалитети во Демир Капија, Баргала, Крупиште, Струмица, Полог, Охрид, Преспа, Дојран, Оризари, Радолишта, Стоби и други. Научните резултати од своите археолошки откривања ги објавувала во повеќе свои студии и монографски изданија и ги презентирала на

[12] Томовски Т., 1961, 113-125

[13]Dragojević-Josifovska B., 1982, два миљокази: (Dragojević-Josifovska B., 1982, No 203, 158-159); вториот, со ознака XX римски милји (до Скупи. Dragojević-Josifovska B., 1982, No 204, 159)

[14] Соколовска В., 2011

меѓународни конгреси и симпозиуми во Европа и на повеќе универзитети во САД. Нејзиниот придонес во рамките на Вардарскиот Пат, го гледам во нејзините проучувања на градот Стоби во римскиот период.

Во текот на последната деценија, во пределот на Велешко, работел д-р Дамјан Донев, кој рекогносцирал некои од локалитетите од тој предел, резултатите од истражувањата ги публикувал во списанието *Македонско Наследство* и на други места.[15]

Со теренските истражувања, во последните децении биле регистрирани поконкретни археолошки наоди, како и рекогносцирања кој ги започнал проф. д-р Иван Микулчиќ кој извршил убикации на повеќе патни станици и реконструкција на најголем дел од патната траса на Via Axia, како и на категоризацијата на античките тврдини кај нас, за што има објавено голем број на трудови, научни текстови и книги. Тој ги посетил и документирал локалитетите: Градиште, Таор; Црквиште, Зелениково; Пакошевска Карпа, Пакошево; Дрма-Смрѓец, Бадер; Маркови Кули, Летевци; Кале, Сопот; Отовичко Кале, Башино Село; Велешко Кале, Велес и други.

Со уште поголем истражувачки интензитет, продолжил професорот д-р Виктор Лилчиќ-Адамс во континуитет, сѐ до ден денес. Тој има дадено голем придонес во археологијата на Македонија. Учествувал во голем број проекти, научни собири, има издадено голем број на научни трудови за убикации на антички и средновековни градови и тврдини,[16] како и истражувања на античките патишта на територијата на Република Македонија. Вардарската магистрала или продолжениот крак на Via militaris, детално ги опишува во Античка патна мрежа, во Археолошка карта на Република Македонија, том I,[17]потврдени со археолошки наоди и со попатните кастели-стражи. Има докуменирано непознати утврдувања меѓу кои: Градиште, Добрино; Цуцулигово, Карабуниште;

[15] Donev D., 2007, 63-79; Donev D., 2008, 27-49
[16] Види ја неговата биографија кај: Јакимовски А., 2018
[17] Лилчиќ (Адамс) В., 1994, 112-118

Кула-Пеѓок, Карабуниште; Јасиковец-Плочи, Кожле; Кале Карпа Цуцул, Карабуниште;  Кале, Слп; Кале Влахчани Цуцул, Слп; Корија, Раштани; Градиште, Рлевци; Трска, Бузалково; Кале-Превалец, Велес;  Градиште, Кочилари (антички град Алмана), Асарлак, Кочилари и многу други.

Професорот В. Лилчиќ-Адамс со импресивни физички и умствени научно-истражувачки залагања, практично успеа да реализира лична истражувачка опсервација, врз речиси сите македонски фортифицирани локалитети од епохата на антиката и да изработи најобемна текстуална, фото и техничка документација за нив.[18]

Во текот на 2022 и 2023 година,  терминираше едно од неговите позначајни долгогодишни истражувања на старите фортификации во долината на реката Вардар. Имено, В. Л. Адамс, заедно со Микеле Фасоло (од Институтот за античка топографија во Рим, Италија), ја претставија реконструкцијата на патните траси што воделе во долината на двата брега на реката Вардар (Аксиј), од епохите на предисторијата, антиката и средниот век. Тие ги презентираа своите резултати на Осмиот конгрес за Археолошка топографија во Ферара, Италија на 16 јуни 2023 година. Истата година, овие двајца неуморни истражувачи во соработка со Антонио Јакимовски и Горан Тренески, презентираа труд насловен како „Via Axia во античката епоха“, на XXVI Симпозиумот на Македонското археолошко друштво во Охрид, одржан во октомври, 2023 година. Трудот ќе биде отпечатен во зборникот трудови Macedonia Acta Archaeologica, посветен на годинешниот научен собир.[19]

Овие истражувачи, меѓу другите, колективно го збогатија нашето знаење за античките македонски градови и тврдини преку нивните археолошки истражувања, научни публикации и толкувања на историски

[18] Види кај: Јакимовски А., 2018, 42

[19] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат: Лилчиќ-Адамс В., Фасоло М., Јакимовски А, Тренески Г., Via Axia во античката епоха, труд презентиран на XXVI симпозиум на Македонското археолошко друштво, во Охрид на 18-20 октомври 2023 година, статија во подготовка за печат

извори. Нивната работа беше клучна во спојувањето на сложената историја и културното наследство на Македонија во антиката, нудејќи вредни сознанија за минатите цивилизации, урбаните центри и одбранбените структури на регионот.




*Сл.4. Дел од истражувачите кои биле насочени кон анализа на сочуваните итинерарии и на Tabula Peutingeriana*

# 3. ИСТОРИСКИ И ЕПИГРАФСКИ ИЗВОРИ

Историските извори се главниот начин со кој можеме да разбереме повеќе за настаните од минатото. Проучувањето на историјата е многу важно, бидејќи ни помага да откриеме како дојдовме овде.

Вардарскиот регион со својата местоположба уште во античко време претставувал своевидна енигма. Затоа, античките историчари и географи имале спротиставени мислења за границите, етничката припадност на племињата, како и за положбата на урбаните центри. Тука, ќе дадам еден кус преглед на тоа како античките автори го доживувале овој регион, а потоа во трудот со археолошките наоди ќе дадам мое видување за состојбите во антиката, во регионот по долината на Аксиј.

Писмените сведоштва, односно епиграфските споменици пронајдени на територијата на Република Македонија се со натписи на старогрчки и латински јазик. Само мал број од натписите напишани на старогрчки јазик се од периодот пред доаѓањето на Римјаните на овие простори (5. и 4. век, п.н.е.). Повеќето натписи и на грчки и на латински се од периодот по римското освојување на Македонија, Пајонија и Дарданија, при што доминираат натписите од 2. и 3. век.

## 3.1 Историски извори

Историчарите од антиката, своевремено ги опишувале римските провинции, но најголем недостаток на историските извори има за провинциите на територија на Македонија. Од неколкуте оскудни историски извори, денес можеме да разбереме за неколку градови или владетели од тоа време, каде во старите извори, па дури и за современите историчари територијата на Македонија во римскиот период не се истакнувала со некој поголеми настани и помалку ги привлекувала за разлика од другите римски провинции.

**Плиниј Постариот** *(Gaius Plinius Secundus),* римскиот природоиследник кој го напишал делото „Naturalis Historia“ (Природна историја) кое што вклучува географски информации и споменици за различни региони во своето време, вклучувајќи и Македонија. Тој набројал неколку градови, рамнини и реки во Македонија.[20]

Освен Плиниј, за проучување градовите во римските провинции меѓу кои и Македонија, како важен извор се делата и на географите Птоломеј и Хиерокле.

Грчкиот историчар **Тукидид** (Θουκυδίδης), го забележал градот Гортинија кој бил заземен од Ситалк без борба. [21] Во времето на владеењето на македонскиот крал Пердика, кога се случил Ситалковиот поход, Тукидид споменува неколку градови што се наоѓале во долината на Аксиј и кои што продолжиле да егзистираат се до крајот на антиката.

**Страбон (*Στράβων),*** историчар, географ и филозоф во неговите историски дела дал најцелосен географски опис на Македонија. Во

[20] Papazoglu F.,1957, 3
[21] И. Микулчиќ, 1999, 23, Papazoglu F., 1957, 38

неговата VI книга која, иако не е целосно сочувана, дава податоци за римските освојувања и борбите во Македонија.[22]

Во своето дело „Географија“, Страбон ги коментира и воените постигнувања и важноста на Македонија во античките времиња. Тој ги споменува и владетелите на Македонија, вклучувајќи ги Филип II и Александар III, кои играат значајна улога во историјата на овој регион. Дава податоци за границите на  Горна Македонија (областа ја нарекува Слободна).

Страбон, областа Амфакстида ја наведува во долниот тек на Аксиј, на патот од Солун, во долината на Аксиј преку Стоби ги споменува градовите Идомене и Гортинија.

**Тит Ливиј,** римскиот историчар (Titus Livius), во своите дела го опишува периодот на римската инвазија на Македонија, од почеток на II век п.н.е. Тој дава податоци за поделбата на Македонија во 167 година, исто како и Диодор. Ливиј ги наведува градовите: Стоби (како град кој припаднал на четвртата мерида) на кого му дал епитет „стар град“,[23] и Антигонеа, како пајонски градови. Билазора, ја споменува како град некаде на Аксиј,[24] како место/клисура низ кој поминувале две патни траси, една по реката Аксиј, друга преку Бабуна и Пелагонија.

Ливиј ја споменува Билазора заедно со Алмана, движејки се по Вардарскиот пат на брегот на Аксиј, каде последниот македонски крал Персеј подигнал логор, кога планирал да се сретне со Галите/Бастарните под нивниот водач Клондик **(Liv. XLIV, 26)**.[25]

[22] Papazoglu F.,1957, 19
[23] И. Микулчиќ, 1985, 101
[24] Papazoglu F.,1957, 232
[25] И. Микулчиќ, 1999, 180

Т. Ливиј, наведува дека македонскиот крал Персеј во 168 година, ги поканил Бастарните да дојдат во Билазора на преговори за нивното учество во војната против Рим.[26]

Друг податок, во кој се споменува македонскиот крал Филип V во 211 година, п.н.е., кој пред да тргне на југ, ги нападнал Илирите, а потоа поминал низ Пелагонија во долината на Бабуна. В. Л. Адамс и А. Јакимовски, сметаат дека Филип V влегол во Скопскиот басен, маширајќи по западнот Вардарски пат, каде го освоил агријанскиот град на Исар, Студеничани кој во тоа време бил под Дарданска власт.[27]

Ливиј овој град го наведува како Синтија, но Ф. Папазоглу, укажува на исправката на овој пасус претставен во литературата кај Вилхем Томашек: Dardanorum urbem finitimam/дарданскиот пограничен град/или дарданскиот град на границата.[28] Археолошките наоди пронајдени на локалитетот Исар, Студеничани, претежно се монетите, ковани во времето на Филип V и Персеј, од кои биле платени македонските војници, што ја потврдуваат оваа хипотеза.[29] Овие монети на Филип V и Персеј укажуваат дека во градот можеби била сместена антигонидска војска, што не се откриени досега во ниту еден друг локалитет, во регионот на Скопско.

**Полибиј,** грчкиот историчар (Πολύβιος) во своите дела дава податоци за периодот на римско-македонските војни, но од тоа што е зачувано можат да се најдат мал број податоци за топографијата на Македонија на почетокот на 2. век. Тој го опишува походот на Филип V против Илирите во 217 година и освојувањето на Билазора во Пајонија, со

[26] V. L.Adams, A.Jakimovski- New archaeological moments about the location of the ancient city of Bylazora, 2023
[27] Lilčić Adams V & Jakimovski A., 2024 (статија во печат). Благодарам на професорите што ми ја дадоа оваа статија на увид и користење во рамките на мојот магистерски труд
[28] Papazoglu F., 1969, 116-117
[29] Lilčić Adams V., 2020, 151

овој стратешки потег, тој ги спречил Дарданците да напаѓаат во Македонија.




*Сл.5. Карта базирана на Равенската космографија*

Податоци за патните траси кои што поминувале низ територијата на Македонија се наоѓаат и определени податоци во изворите **итинерарии** (*itinerarium)*, кои што претставуваат регистар на станици со детални топографски податоци и растојанија на патиштата кои се користеле во периодот на Римското царство.

Така, познати ни се следните итинерарии: **Itinerarium Antonini Augusti и Itinerarium Burdigalense sive Hierosolymitanum Itineraria**, **Tabula Peutingeriana** и **Равенската космографија** (*Ravennatis anonymi cosmographia – Anonymi Ravennatis)*. Податоците од овие итинерарии се корисни за лоцирање на одредени градови или населби. Во *Itinerarium Burdigalense* уште познат под називот *Hierosolymitanum Itineraria* станиците се поделени во неколку категории: градови, конаци/гостилници и места за менување коњи. Од овие податоци, сосема јасно дознаваме каков вид на населба е наведена на патната рута: град (civitas), живеалиште (mansio) или помалото место кое што служело за одмор на коњите (mutatio).[30]

[30] Лилчиќ (Адамс) В., 1994, 112

Главните римски комуникации на подрачјето на централниот Балкан се забележани во овие итинерарии, меѓу нив е и старата рута *Naissus – Scupi – Stobi – Thessalonica.*



*Сл.6. Tabula Peutingeriana со дел од Македонија*

Меѓутоа, од исклучително значение за нашите проучувања на , а меѓу нив и на долината на реката Вардар, претставува првиот картографски приказ на Појтингеровата Карта (**Tabula Peutingeriana**). На оваа карта, воглавно се нацртани најзначајните патни магистрали од 4 век н.е. имајќи предвид дека истата протогено потекнува од картограф кој ја снимил, забележал состојбата, некаде околу 350/360 година н.е., а потоа истата била неколку пати прецртувана низ вековите.

Според тоа, Tabula Peutingeriana е уникатна зачувана мапа на патниот систем што се користел во Римската империја, со цел да се прикаже структурата и мрежата на cursus publicus (јавениот пат). Ја опфаќа целата област на провинциите под римска власт и териториите што ги освоил Александар Македонски на исток.

Античка римска карта на која што е претставена патната мрежа на Римската империја,[31] што се протега од Британските острови и Шпанија на запад, до Индија на исток. Тоа е средновековна копија на доцноримска карта што ги прикажува главните патишта, градови и растојанија помеѓу

[31] Škrivanić, G., 1974, 31

различни локации во империјата. За нас, од особена важност е што се прикажани три патни магистрали што минувале во доцната антика низ територијата на денешна Македонија (Егнатискиот пат, Дијагоналниот пат и Вардарскиот пат). Според тоа, можеме да сметаме дека во време на римскиот царски период, Македонија била важна територија во рамките на Римската империја и била добро поврзана со патишта.




*Сл.7. Tabula Peutingeriana (дешал Scupis-Stopis-Thessalonice)*

Поради нагласената коса проекција на картографските извори од кои била прецртувана Tabula Peutingeriana, изработувачите на оваа древна карта, на делницата Naissus-Scupi-Stobi, или префрлиле по грешка некои од крајпатните станици и пред Скупи, на релацијата кон Стоби[32] или како што размислува професорот В. Лилчиќ-Адамс, дека споиле два постоечки патни правци што воделе долж двата брега на реката Аксиј, од Скупи до Стоби.

[32] Лилчиќ-Адамс В., 2019, 184

Приказот на патната комуникација во Македонија на Tabula Peutingeriana, служи како историска вредна референца, нудејќи увид во обемот и поврзаноста на римската патна мрежа во регионот во тоа време. Сепак, толкувањата на одредени локации и маршрути може да се разликуваат, бидејќи картата не дава прецизна географска точност, туку шематски приказ на патната мрежа во рамките на Римската империја.

Иако, Tabula Peutingeriana не може експлицитно да ги детализира помалите локални патишта во Македонија, може да укаже на некои правци што ги поврзуваат помалите градови и села заедно со нивните позиции, во однос на главните сообраќајници.

Овие патишта биле од суштинско значење за римската администрација да одржува контрола над териториите, овозможувајќи ефикасно патување и комуникација низ империјата. Тие, често биле добро конструирани, користејќи различни техники за да се обезбеди издржливост и стабилност, вклучително и поплочување со камени плочи (sumacrusta) или чакал.

Tabula Peutingeriana е именувана по германскиот антиквар од 16 век, Конрад Пеутингер. Нацртана е на дванаесет пергаментни листови од кој се сочувани само 11, со околу 3.500 разни географски имиња.[33] Денес, мапата е конзервирана и се наоѓа во Одделот за ракописи, автограми и затворени збирки на австриската национална библиотека (поранешна библиотека на Царскиот двор), во Виена од 1738 година.

Гавро А. Шкриваниќ, во трудот што го приредил: Monumenta Cartographica Jugoslaviae, Том I Античке карте, Вардарската Магистрала, Via Axia ја опишува како пат од Прокупље до Солун, преку Скупи и Стоби за Солун, каде наведува дека патот е од големо военополитичко

[33] Škrivanić, G., 1974, 35

значење.[34] Тој, во својата книга ги наведува попатните станици од оваа рута.




*Сл.8. Гавро А. Шкриваниќ, карта на римските патишта според Појтингеровата Карта (детал од Scopis-Tauriana)*

---

[34] Škrivanić, G., 1974, 31-56

## 3.2 Епиграфски извори

Освен итинерариите, тука треба да се истакнат и епиграфските податоци: натписи, кои во широка смисла сведочат за изградбата и староста на античките патишта,мкако и миљоказите.

**Миљокази (*milliarium/milliaria)*** се римски попатни цилиндрични камени столбови, кои поради наведените растојанија во милји така и се нарекуваат. Овие археолошки наоди се најверодостоен извор за утврдување на правецот на определен, пред сè магистрален пат во римскиот царски период, што заради нивната големина и тежина, не ретко останале цели недалеку од патиштата кои ги означувале. Тие се значајни сведоци за активности и присуството на римските владетели или нивните легати на Македонија. Во вардарскиот регион, кој е тема на мојот труд пронајдени се неколку миљокази.

Археологот Никола Вулиќ, во околината на Скопје, пред повеќе години открил два миљокази, од кој на едниот со одбележано растојание од m(ilia) p(asuum) VIIII до Скупи, северно од денешниот премин Блаце кај местото Генерал Јанковиќ.[35] Миљоказот сега се наоѓа во Археолошкиот музеј во Скопје. Тој бил поставен како ознака на патот од Скупи до Улпијана. Бројката од 9 римски милји, дистанца која што соодветствува со околу 14 км, одговара на растојанието помеѓу местото на наоѓање и локацијата на Скупи.[36]

Другиот миљоказ пронајден на истотот место, исто се наоѓа во Археолошкиот музеј во Скопје, а датира од почетокот на владеењето на римскиот император Антонин Пиј (во 138 г).[37]

---

[35] Никола Вулић, 1925, 1–4
[36] Никола Вулић, 1931, бр. 556; B. Josifovska-Dragojević, 1982, 196
[37] Никола Вулић, 1931, бр. 556

Третиот миљоказ пронајден блиску до Елес Хан на место каде ја поминува реката преку мостот, кој носи натписи од два периода, еден во чест на Марк Аврелиј, и другиот на Константин.[38] Денес, тој се чува во Археолошкиот музеј на Скопје.

Еден миљоказ пронајден во Стоби подигнат е во чест на императорот Адријан. Според пронајдениот натпис кај Злокуќани, во која колонијата Скупи се викала *Aelius*/Аелија, Вулиќ заклучил дека и бил даден на колонијата во чест на Императорот Адријан, бидејќи *Aelius* било неговото родно име.[39]

Друг миљоказ во селото Злокуќани, бил пронајден случајно, при извршување на земјоделски работи во 1961 година, датира од периодот на владеење на императорот Марк Јулиј Филип, (Арабјанин) 244–249 година,[40] кој најверојатно го подигнале жителите на Скупи, во чест на императорот, на него е врежана бројката I – 1 миља.

Миљоказ со цилиндричен облик е пронајден и во 1966 година, при вадење песок од реката Вардар на некогашната скопска Градска плажа. Овој миљоказ што бил подигнат на главниот пат, на место што би требало да биде оддалечено од Скупи 2 милји, бил поставен во почетокот на владеењето на Антониј Пиј (138-161 г.н.е).[41] Денес, тој се наоѓа во Музејот на град Скопје.

[38] Evans, 1885, 77-78
[39] Никола Вулић, 1931, 1-24
[40] Милан Ивановски, 1974, 53–55
[41] Борка Јосифовска-Драгојевић, 1968, 73–75; И. Микулчиќ, 1999, 233



*Сл.9. Миљоказ пронајден на поранешната Градска плажа во Скопје, на местото каде патот врвел преку Вардар.*

Два миљокази на латински јазик се пронајдени кај Катланово, на едниот од нив врежана е бројката XX, што означува 20 римски милји до античкиот град Скупи, дистанца која што соодветствува со околу 30 км.[42] Подигнат е во 249 година од н.е., во чест на Гај Месиј Трајан Декиј.

*На императорот Кајсар на Гај Месиј Квинт Трајан на побожниот, среќен. непобедлив Август, татко на татковината кога ја извршувал конзулската власт прв пат; до колонијата на жителите на Скупи 20 милји.*

Миљоказот од варовник, пронајден е во населбата Маџари, во јули 1986 година, при градежни работи кај фабриката Газела. На него стои натпис во чест на Марк Аврелиј Антонин Август.6 милји. Миљоказот е датиран во 162 година.

[42] Dragojević-Josifovska B., 1982, два миљокази: (Dragojević-Josifovska B., 1982, No 203, 158-159); вториот, со ознака XX римски милји (до Скупи. Dragojević-Josifovska B., 1982, No 204, 159)

Во близина на село Марвинци, во 1984/85 година, пронајден е дел од миљоказ, фрагментиран грчки натпис на камен со височина од 35 и широчина од 46 см, со врежан текст од двете страни.[43] Се претпоставува дека тој бил донесен на Исар – Марвинци од блиската околина на с. Марвинци, некаде во раниот 4. век од н.е. и вграден како сполија во западниот агол на одбранбениот ѕид. В. Соколовска прва го објавила, но се смета дека вистинската смисла на миљоказот ја разоткрила Фанула Папазоглу.[44]

На предната страна пишува: *од Идомена до Добер 20 стадии*. На задната страна пишува: *од Добер до Идомена 20 стадии*.

И. Микулчиќ, смета дека според низа аналогии од раната антика и овој миљоказ стоел на локалниот пат, кој од населбата кај Марвинци (според него, градот Гортинија) водел за магистралниот пат по кој можело да се оди кон Идомене-Добер (односно Добер-Идомене) и на кој се приклучувал на дистанца од 20 стадии (3,6 км), додека поменот на двата града на аверсот и реверсот на миљоказот ја исклучува можноста населбата кај Марвинци да била Идомене или Добер.[45]



*Сл.10. Епиграфски натпис на миљоказ пронајден во с. Марвинци 1984/85 година*

[43] В. Соколовска 1986, 139-142
[44] F. Papazoglu, 1988, 174–179
[45] И. Микулчиќ, 1999, 26

Во Демир Капија пронајден е камен милјоказ од времето на Константин I (ран 4. век). На кој што стои само ознаката „πόλις“, но не и името на градот.[46] На Tabula Peutingeriana стои ознаката *Стенае.* Затоа и во стручната литература се користи *Стенае,* како замена за името на ова место. Меѓутоа, во науката се смета дека терминот *Стенае* се однесува на карпестиот теснец низ кој реката Вардар го пробила својот тек, а не и за име на античкиот град што се наоѓа на локалитетот Клисурско Маало-Бања, Демир Капија.

Значајни се и останатите видови епиграфски споменици, што даваат можност да се опишат повеќе сегменти од секојдневното живеење на популациите населени по долината на реката Вардар, презентирајќи го развојот на духовната и материјалната култура, преку интересните претстави за верувањата и обичаите, за трговските и културните врски. По средното течение на Аксиј, во регионот од Велес до Гевгелија располагаме со релативно голем број натписи, а голем дел од нив се надгробни.[47]

[46] Микулчиќ И., 1999, 182
[47] Бабамова С., 2022, 368

## 4. ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА РИМСКИОТ ПЕРИОД ВО ДОЛИНАТА НА ВАРДАР

Во 169/168 година, п.н.е., македонскиот крал Персеј, основал логор во близина на Елпеј (Мавролонгос, во Пиерија под Олимп) на јужната граница на кралството. Оттука, во 168 година, п.н.е., Персеј собрал 22.000 војници, тргнал кон север, марширајќи по реката Аксиј (Вардар). Ливиј забележал дека Персеј подигнал логор на брегот на Аксиј.[48] Целта му била да ги најми Бастарните на чело со нивниот водач Клондик, за да ги нападнат Дарданците од Полог. Персеј не успеал во намерата, се вратил во Пиерија без сојузници. На 22 јуни 168 година, п.н.е., во битката кај Пидна, римските легии под водство на конзулот Лукиј Емилиј Паул катастрофално го поразиле Персеј и македонската војска. Со тоа, завршила втората македонска кралска династија на Антигонидите.[49]

По победата на Римјаните во трите римско–македонски војни (215–168 година, пред н.е.), започнува период на римската управа и владеење на Македонија.

По Третата македонска војна, територијата на Македонија била поделена на 4 автономни области – мериди (*meris, partes, regions)*, кои политички и економски функционирале независно една од друга. Границите на меридите биле утврдени со анализа на податоците забележани од историчарите Диодор и Тит Ливиј. На чело од секоја мерида, покрај главниот магистрат стоел совет (*synedrion* -

[48] Лилчиќ-Адамс В., 2016, 61
[49] Ibid

репрезентативно тело составено од претставниците на градските општини) со законодавна и административна функција.[50]

Во 149 година, пред н.е., состојбата во Македонија ескалирала, било кренато  востание кое што било неуспешно, а било предводено од Андриск, којшто се претставувал како Филип (VI), син на македонскиот крал Персеј (лажниот Филип VI 149-148 година, пред н.е.). По востанието, Македонија ќе ја загуби својата самостојност и во 148 година пред н.е. ќе добие статус на римска провинција, со римски наместник, стационирана римска војска, воведување на нови даноци. Границите на првата римска провинција на Балканот, често се менувале во зависност од припојувањето на новоосвоените области. Како дел од Римската Империја и прва провинција на Балканот, Македонија, станала појдовна точка за римските походи кон другите делови на Балканот и на Азија.

Неколку пронајдени натписи од Повардарието, ги потврдуваат овие врски со Рим, преку почесни натписи подигнати во чест на наместниците на провинцијата или во чест на царевите.[51] Вакви почесни натписи наоѓаме во градот кај  Исар-Марвинци и Стоби.

Падот на Македонското Кралство ги засилил нападите од страна на Дарданците, кои отсекогаш на Македонија гледале како плен и во текот на I век пред н.е. вршеле константни ограбувачки пробиви,[52] што резултирало со  тригодишната војна против Дарданците, од 75-73 година пред н.е. (Bellum Dardanicum) во која што тие биле покорени од страна на конзулот Гај Скрибониј  Курион.

Во следниот период, помеѓу 57 и 55 година, п.н.е., Римјаните им ја препуштаат Македонија на Тракијците и Дарданците да ја ограбуваат и опустошуваат.[53] Во 48 година, за време на граѓанската војна помеѓу

[50] Папазоглу Ф., 1957,  51 – 55

[51] С.Бабамова, 2022,  369

[52] Лилчиќ-Адамс В., 1995, 58

[53] Ibid

Помпеј и Кајсар се мобилизираат воени одреди на Дарданци, Беси, Македонци и Тесалци, од страната на Помпеј.

Во следниот период следел мирен тек на настани, поготово во времето на Октавијан Август, кога Македонија била вброена во сенаторските провинции со статус на провинција без постојана воена единица (*provincial inermis*),[54] Македонија останала настрана од главните воени и политички дејствија во римската држава, но сепак го задржала своето место како своевиден значаен мост меѓу Истокот и Западот.

Со доаѓањето на Римјаните, старите пајонско-македонски градови во долината на реката Вардар доживувуваат уназадување, иако не им е одземена автономноста, тие продолжуваат како основни локални административни единици во провинцијата. Иако, од теренските археолошки истражувања согледуваме дека Рим форсира одбрани градски точки кои што им биле значајни од стратегиско освојувачки карактер (Стена, Демир Капија; Антигонеа, Неготино; Стоби; Скупи, Злокуќани), додека некои градски точки, како на пример, градот Гортинија (Вардарски Рид, Гевгелија) максимално го запоставува.

Вековите, по римските освојувања од 168 година, пред н.е., до 1. век од н.е., биле исполнети со чести варварски напади на Македонија и негативно влијаеле врз економскиот развој на градовите во Македонија. Но, од време на императорот Октавијан Август, македонските градовите почнуваат да заживуваат и да се развиваат во урбанизирани центри, при што максимално ги користеле античките патишта и се разбира локалните ресурси.

Во овие констелации, античкиот град Скупи кој се развил од ранoримски легионерски логор добил статус на колонија.

[54] Јованова Л., 2013, 794

Градот Стоби израснал непосредно околу постарата пајонска населба,[55] во римскиот царски период познат како *municipium Stobensium.* Не знаеме што се случувало со пајонскиот град Билазора во римско време,[56] што своевремено во 217 година, пред н.е., го освоил македонскиот крал Филип V за да ја обезбеди северната граница на кралството Македонија од упадите на воинствените Дарданци.[57] Вистина, познати се неколку надгробни стели од римскиот период од Велес, како и монети на римските цареви Нерон, Антонин Пиј и понатаму низ 4. до 6. век од н.е.,[58] што би можеле да служат како некаков доказ за одржувањето на ова место во првите векови од н.е.

За сите останати градови е користен називот „πόλις", кој е вообичаен во целиот источен дел на Римското Царство.
Римската епоха, во регионот на долината на реката Вардар, оставила длабоки траги и голем број на археолошките наоди.

[55] Микулчиќ И. , 1985, 14
[56] Лилчиќ-Адамс В, 1995, 59
[57] Лилчиќ-Адамс В, 2022, 357
[58] Му благодарам на професорот В. Лилчиќ Адамс за овие податоци до кои дошол неговиот тим при 10-дневните истражувања на Велешкото Кале Велес, во рамките на теренските истражувања на проектот Археолошко рекогносцирање на старите градови и тврдини во сливовите на реките Вардар, Дрим и Струмешница 2023

# 5. АДМИНИСТРАТИВНА ПОДЕЛБА НА ДОЛИНАТА НА РЕКАТА ВАРДАР ВО РИМСКИОТ ПЕРИОД

Во административен поглед, територијата на денешна Македонија, во рано римско време била поделена на неколку римски провинции:

- Во раноцарскиот римски период, речиси целата територија на денешна Македонија била покриена со раноримската **провинција Македонија**. Провинцијата Македонија се протегала на запад до брегот на Јадранското Море, опфаќајќи ја и денешна Средна и Јужна Албанија, на исток до реката Места (*Нест*). На југ се протегала до Средна Грција, а на север до планинската бариера Шара-Караџица-Јакупица-Осогово-Плачковица Малешевските Планини.[59] По формирање на провинцијата Македонија, во нејзин состав влегла и Ахаја, додека нема многу податоци за тоа што се случува со границата, во однос со Тесалија. Во 27 год. пред н.е., по формирање на провинцијата Ахаја, јужниот дел на Балканскиот Полуостров е изземен од провинцијата Македонија, а границата е повлечена кон север, на старата линија од пред 148 год. пред н.е.[60] Границите на провинцијата често и се менувале, особено северната граница на Македонија, која што според Ф. Папазоглу од податоците што ги дава Страбон на север, и нема историска граница.[61] Во отсуство на пишани историски извори, истражувачите кои ја истражувале оваа проблематика, претпоставиле дека границата на провинција Македонија во римската епоха не можела многу да отстапува од границата на античкото Македонско кралство.[62]

[59] И. Микулчиќ, 1999, 207
[60] Папазоглу Ф., 1957, 74-77
[61] Папазоглу Ф., 1957, 79
[62] Донев Д, 2005, 57

- Меѓутоа скопско-кумановскиот регион покривал дел од раноримската **провинција Горна Мезија (Provincia Moesia Superior**), оформена во 15 година, пред н.е.,[63] што се протегала на север покривајќи го регионот на Косово и на североисток. Границите помеѓу Македонија и Горна Мезија не се прецизно утврдени. Според В. Лилчиќ-Адамс, причината зошто Скопскиот басен како пајонско-македонски не бил приклучен кон римската провинција Македонија, била обврската на Римјаните кон Дарданците кои, по победата над Македонија, од Римјаните за својот придонес во војната побарале за награда да ја добијат Пајонија.[64]

- На северозапад се наоѓала провинцијата **Тракија (Provincia Thracia)**. Осоговскот регион со Средна и Горна Брегалница, бил вклучен во Тракија која била основана во 44 година.[65] Тогаш, североисточниот дел на денешна Македонија, кратовско-кривопаланечкиот регион (Кратово, Злетово, Пробиштип, Кочани, Крива Паланка) влегол во состав на провинцијата Тракија.[66]

За време на Диоклецијан, провинција Македонија, била една од 12-те диецези, кога диецезата Мезија е поделена на Дачка и Македонска диецеза, а во Константиново време, кога постои поделбата префектури - диецези -провинции, се наоѓа во Илирската префектура (*Praefectura praetorio per Illyricum)*.

Со потподелбата на големите раноримски провинции на Балканскиот полуостров на преминот од раниот римски царски период во доцниот римски царски период, споменатите провинции биле реорганизирани во неколку помали провинции:
Така, територијата на Македонија била поделена на следните провинции:

[63] Лилчиќ-Адамс В., 1995, 58
[64] Лилчиќ-Адамс В., 2019, 157
[65] Микулчиќ И., 1999, 207
[66] Јованова Л., 2013, 794

1. Провинција Македонија Втора (**Provincia Macedonia Secunda**), која се протегала врз некогашното кралство Пајонија, што значи го покривала средниот тек на реката Вардар и долните делови од долините на реките Брегалница и Струмешница.
2. Провинција Македонија Прва (**Provincia Macedonia Prima**), која се протегала на просторот на Егејска Македонија, меѓутоа на север се протегала до Демир Каписката Клисура, додека на северозапад до течението на Црна Река (Erigon) во Пелагонија, ги опфаќала подрачјата на Леринско и Битолско.
3. Провинција Дарданија (**Provincia Dardania**), која се протегала главно врз регионот на Косово, меѓутоа Рим ја протегнал на југ покривајќи ги подрачјата на Скопско и Кумановско.
4. Провинција Средоземна Дакија (**Provincia Dacia Mediterranea**), која ги покривала регионите на североисток на Македонија (Пробиштипско, Кривопаланечко, Кочанско, Виничко, Делчевско и Беровско).
5. Провинција Нов Епир **(Epirus Nova**), главно северен Епир, меѓутоа кај нас ги опфаќала земјите на Охридско-Струшко и Преспанско[67].

Според истражувањата, во рамките на територијата на денешна Македонија во доцната антика се допирале границите на следните пет доцноантички провинции: Macedonia Prima, Macedonia Secunda, Dardania, Epirus Nova и Dacia Mediterranea.[68]

Од сите провинции, само провинцијата *Macedonia Secunda* целосно е опфатена со територијата на денешна Р. Македонија, додека останатите провинции во Р. Македонија зафаќаат само помали делови.[69]

[67] Лилчиќ Адамс В., 2013, 964
[68] Лилчиќ Адамс В., 2013, 964
[69] Микулчиќ И., 1999, 207

# 6. РИМСКИОТ ПАТ ТЕСАЛОНИКА-СТОБИ-СКУПИ

Патниот правен систем бил создаден од Сенатот кој го одобрил финансирањето на патиштата низ империјата. Уште во 123 година, п.н.е., народниот трибун Гај Грах донел закон за патишта/„право за патишта“- *Iex viaria*. (Плутарх, Животот на Гај Грах 7.2). [70] Овие патишта биле користени за служба на војската, администрацијата, како и за трговија и приватни патувања.

Римјаните во регионот на долината на Вардар не изградиле посебни патишта, бидејќи истите постоеле. Тие само ги одржувале и прилагодиле на нивните услови. Античките Македонци како народ со развиена држава, имале добра патна мрежа низ својата земја која што Римјаните ја искористиле при нивните воени походи за освојување на Македонија.

Голем број истражувачи кои ја истражувале оваа проблематика во нивните реконструкции често наидувале на неизвесности во нивната цел да добијат соодветен збир на растојанија во римски милји и денешната километража, при што некои прашања остануваат отворени и дискутабилни и денес.

Главната цел на овој труд, што се однесува на трасата на Виа Аксиа, која што минува низ долината на реката Вардар е да се даде концизен

[70] https://www.perseus.tufts.edu/hopper/text?doc=Perseus%3Atext%3A2008.01.0089%3Achapter%3D7%3Asection%3D2

приказ и преглед на главната конструкција на трасата, со помош на најновите археолошки истражувања.[71]

Via Axia, претставува јужен крак на таканаречениот Via militaris (војнички пат) којшто од патот Белград-Софија-Константинопол се двоел кај Ниш и по течението на Вардар продолжувал на југ до Солун. Овој магистрален пат бил приспособен за колски сообраќај за разлика од старите патишта кои што биле користени само за коњски-каравански превоз.[72]

Тука, ќе се задржам на попатните станици кои што се наведени на Tabula Peutingeriana, за патот Скупи-Стоби-Тесалоника.

**SCUPIS – XXI - (AQVE?)(?) – XII – ANAUSARO – XXXV - AD FINES – VIII - AD HERCULE -VIIII – PRAESIDIO – VIIII - AD CEPHALON – XIII – GURBITA – VIII – STOPIS – XII – ANTIGONIA – XI – STENAS – XII – IDOMENIA – XX – TAURIANA – XVII – GALLICUM – XVI -THESSALONICE**

Всушност, тука се соочуваме со еден проблем кој долги години бил предмет на расправа во науката, некои истражувачи делат мислење дека авторот на картата или поверојатно, некој од препишувачите на картата вцтрале два пата на релацијата од Скупи кон Стоби. Едниот од нив прецизно е внесен со голем број попатни станици на мали дистанци, додека пак другиот со шематски приказ на мал број попатни станици со долги дистанци.

Поради косата проекција на картата, некои имиња на попатните станици се извртени, некои дистанци се заменети и споени се два соседни патни правци во еден, при што на трасата од Скупи кон Стоби се зголемил бројот на попатните станици и бројот на милјите на релацијата.[73]

---

[71] Во овој контекст би ги споменала истражувањата на В. Лилчиќ-Адамс со неговиот тим при 10-дневните истражувања на Велешкото Кале Велес, во рамките на теренските истражувања на проектот Археолошко рекогносцирање на старите градови и тврдини во сливовите на реките Вардар, Дрим и Струмешница 2023

[72] Микулчиќ И., 1982, 54

[73] Папазоглу Ф., 1957, 24; Мирковић, М., 1960, 249–256; Томовски Т. 1961, 113

За овој проблем во минатото, а и денес биле предолжени голем број на предлози - исправки од страна на неколку истражувачи како К. Miller, Ф. Папазоглу, М. Мирковиќ, Т. Томоски, Б. Ѓорѓиевски, И. Микулчиќ , В. Лилчиќ-Адамс и др.[74]

Растојанието на Tabula Peutingeriana помеѓу градовите Скупи и Стоби, според податоците од картата изнесува 111 милји (дистанца која што одговара на 164,28 – 166,5 км), додека реалната оддалеченост е 52 милја (84 км),[75] што укажува на тоа дека дистанцата помеѓу Скупи и Стоби на Појтингеровата карта била дуплирана.

К. Милер, предложил корекција така што ги отстранил станиците од Scupis до Ad Hercule (Aqve, Anausaro, Ad Fines, Ad Hercule) и наведува дека тие треба да се бараат на патот Ниш-Скопје, но, не по истиот редослед.[76] Воедно, тој дополнил две непознати станици, источно и западно од Скупи.

Забелешки и реконструкција направил и Н. Вулиќ, при тоа што станицата Ad fines, ја поставува како провинциска граница помеѓу градовите Scupi и Naissus. Називот Ad Fines, често се користи во итинерариите како ознака за граница меѓу две провинции.

Н. Вулиќ, дава забелешка за непотребно внесените станици од страна на Милер, додека пак за станицата со знакот на бања - **AQVE** (безимената станица) вели дека е една од двете бањи што се наоѓаат на патот Ниш-Велес-Врањска или Катлановска Бања.[77] Тој дал предлог реконструкција на релацијата од Scupi кон Stobi со следните станици: Scupis – XXI - Aqve – VIII – Presidio - VIIII - Ad Cephalon - XIII – Gurbita - VIII - Stopis.

[74] Miller K., 1916, 555, Папазоглу Ф. 1957, 82; Микулчиќ И., 1982, 55; Лилчиќ-Адамс В., 1994, 114-115
[75] Лилчиќ-Адамс В., 2019, 184, Б. Георгиевски, 1991, 211
[76] Miller K.., 1916, 555
[77] Вулић Н., 1925, 1–4

Со оваа реконструкција се сложила и Ф. Папазоглу, но не во целост со тоа што ја исфрла станицата Aqve – бања од картата,[78] велејќи дека Н. Вулиќ не ја земал предвид дистанцата, односно додал 9 милји подолго од претставеното.[79]
Слична реконструкција на патната мрежа Скупи-Стоби, предложил и И. Микулчиќ, при што ги смета за додадени станиците Anausaro и Ad Hercule и ги вметнува во правец кон Наисус.[80]

Мислењето на Мирослава Мирковиќ е дека преостанатите станици (Aqve, Anausaro, Ad Fines, Ad Hercule) без да се менува растојанието, ставени во обратен редослед, треба да припаднат на дел од патот што води од Скупи према Вициано,[81] а станицата *Aqve* не ја става на самиот пат, туку некаде јужно. Слична реконструкција прави и Б. Ѓеорѓиевски велејќи дека во овој дел од патот, всушност, станува збор за два паралелни пата, а попатните станици треба да се распоредат помеѓу нив без да се менуваат нивните меѓусебни растојанија, [82] додека пак според Т. Томовски, станицата *Aqve* ја сместува кај Катлановска Бања, врз основа на видни остатоци од старата бања во Катланово.[83]

Можеме да заклучиме дека поголемиот број на истражувачите сметаат дека станиците **(AQVE?)(знак за бања) – XII – ANAUSARO – XXXV - AD FINES – VIII - AD HERCULE** се грешно преместени јужно кон Стоби, односно патот Скупи - Стоби бил споен со друг соседен пат.

Древниот римски пат протегнат низ живописните предели доаѓајки од Дунав, низ (Сингидиум) Белград и (Наисус) Ниш во Македонија влегува од север преку Косово, преку територијата на античкиот град Ulpiana,

[78] Папазоглу Ф. 1957, 81-82
[79] Види забелешка 78 кај Папазоглу Ф. 1957
[80] Микулчиќ И., 1982, 55
[81] Мирковић, М., 1960, 253
[82] Георгиевски Б., 1991, 211
[83] Томовски Т. 1961, 118

каде што е и потврден со натпис.[84] Долго време, во науката се сметало дека оваа траса била пократок пат, што во однос на патот што се водел по долината на реката Морава кон Грделичката Клисура.[85]

Патот, понатаму влегува преку Качаничката Клисура,[86] во Скопско кај Стенковец на нејзиниот излез минувал низ римската населба 'Царевец'[87] во атарот на село Бразда, чиј влез во клисурата бил стратешки контролиран од кастелот на ридот Давина Кула, атар на селото Чучер.[88]

Навлегувал во територијата на Скопската Котлина и продолжувал долж левиот брег на реката Лепенец, низ Визбеговско Поле кон Момин Поток, каде избивал на левиот брег на реката Вардар. Оттука, поминувал покрај првата станица на територијата на Македонија, означена на Tabula Peutingeriana – градот Скупи - како: ***SCUPIS*** на 2 километри, источно од градот, каде што исто е потврден со миљоказ.[89] Потоа, патот водел југозападно кон Скопско Поле и Таор каде повторно го поминува Вардар. Селото Таор се смета за крстосница, каде се делеле два пата, од кој едниот водел за Катланово, а другиот продолжувал да го следи течението на Вардар.[90] И. Микучиќ, смета дека патот на две места минувал преку Вардар. Тој, врз основа на пронајдениот миљоказ заклучува дека на 2 милји (3 км) источно од Скупи, патот го преминувал Вардар.[91]

В. Лилчиќ-Адамс, дава еден предлог за реконструкција на овој дел од патот водејќи преку рамнината на атарот на село Белимбегово, минувајки северно од мочурливиот предел Шамак пред Катланово, каде патот избивал на реката Пчиња.[92]

---

[84] Професорот по класична филологија Никола Вулиќ од Белградскиот универзитет, во околината на Скопје пред повеќе години открил два миљокази, од кој на едниот со одбележано растојание од m(ilia) p(asuum) VIIII до Скупи северно од денешниот премин Блаце кај местото Генерал Јанковиќ
[85] Вулић Н., 1925, 1–4
[86] Мирковић, М., 1960, 253
[87] Микулчиќ И., 1982, 54-56; Лилчиќ 1994, 114-115
[88] Лилчиќ-Адамс В, 2019, 184
[89] Јосифовска Драгојевић Б., 1968, 73–75; Микулчиќ И., 1999, 233
[90] Лилчиќ Адамс В., 2019, 187
[91] И. Микулчиќ, 1999, 233
[92] Лилчиќ-Адамс В, 2019, 185

Потоа, патот продолжувал по десниот брег до крајпатниот каструм на локалитетот Дрма-Смрѓец, што се наоѓа на 1,3 км, северозападно од селото Бадер, за кое што место е даден предлог за убицирање на станицата **PRAESIDIO** од Појтингеровата карта.[93]

Ист став за оваа попатна станица имаат повеќето истражувачи. Дистанцата од 21 миља помеѓу Скупи и Praesidium која што е означена на Tabula Peutingeriana, И. Микулчиќ смета дека одговара на реалната раздалеченост претворена во километри,[94] односно 27 км од Скупи до станицата Praesidio, каде што се пронајдени и два миљокази.[95] Тој заклучил, дека безимената станица која многумина ја идентификуваат со бања, всушност и не е бања, туку ознака за президиум, при што вели дека вметнати се само две станици (Anausaro и Ad Hercule) што ги сместува кон Наисус, а со тоа името Praesidio ќе се вклопи со ознаката на безимената станица.[96]

Латинскиот назив Praesidio, означува воена точка - тврдина или место за одбрана.[97]

За патот што продолжува по станицата Praesidio, В. Лилчиќ-Адамс во еден момент, предлага две варијанти, од кои првата е дека патот се движел, односно се искачувал по Крст (селски попатен крст каде што се вкрстувале селските патишта) и Кожелска Корија, преку селата Бадар и Кожле доаѓа до устието на реката Пчиња во Вардар.[98] И. Микулчиќ, исто се определил за оваа патна траса велејќи дека патот од Бадер, го поминувал устието на Пчиња, ја поминувал тврдината кај Кожле и води кон Сопот.[99]

---

[93] Ibid
[94] Микулчиќ И., 1999, 226
[95] Dragojević-Josifovska B., 1982, два миљокази: (Dragojević-Josifovska B., 1982, No 203, 158-159); вториот, со ознака XX римски милји (до Скупи. Dragojević-Josifovska B., 1982, No 204, 159)
[96] Микулчиќ И., 1982, 55
[97] Лилчиќ-Адамс В., 1998, 17
[98] Лилчиќ-Адамс В., 1994, 114-115, Лилчиќ-Адамс В., 1998, 17
[99] Микулчиќ И., 1999, 226.

Втората предложена варијанта е дека патот се протегал по течението на левиот брег на Пчиња каде минувал преку тврдината на Маркови Кули, Летевци,[100] доаѓал до устието во Аксиј, потоа патот се пробивал по левиот брег на Аксиј низ клисурата.

*На оваа позиција, всушност, се наоѓаат урнатините на една турска кула - стражарница, позната како Бадерско Кале, кое што претходно го контролирало патот низ теснецот; патот што секако бил римски пат.*[101]

А. Еванс, за овој дел од патот забележал дека Бадерското Кале на коешто била турска кула, се наоѓало на доминантен рид на левиот брег на Пчиња, над местото каде што древниот пат преминувал од десниот на левиот брег и дека Бадерското Кале го чувало и контролирало теснецот, низ кој течела реката Пчиња.

Утврдувањето на Бадерско-Пчињската клисура, со пронајдените археолошки наоди, [102] ни укажува за постоење и контролирање на значајната древна патна комуникација, во текот на железното време, антиката и средниот век.

Низ клисурата. по 4 км доаѓа до следната наведена станица на Tabula Peutingeriana **AD CEPHALON** одалечена 13 римски милји (19,23 км), од следната станица. За оваа станица, И. Микулчиќ го наведува кастелот на „Кале“ Сопот, додека пак В. Лилчиќ-Адамс го посочува „Кале“ Сопот[103] како станицата Ad Cephalon, но со последните истражувања кои ги водеше заедно со археолошкиот тим, размислува дека станицата Ad Cephalon, во доцната антика можеби се наоѓала на Велешко Кале.[104]

Оваа станица, Т. Томовски ја лоцира кај месноста Главје сметајќи дека би му одговарал грчкиот топоним Ad Cephalon, што значи глава.[105]

---

[100] Лилчиќ-Адамс В., 1994, 114-115, Лилчиќ-Адамс В., 2019, 185
[101] Evans A., 1885, 142-143
[102] Лилчиќ-Адамс В., Атанасов В., Илиевски А., Ширтовски И., 2023, во печат
[103] Лилчиќ-Адамс В., 1994, 114-115, Лилчиќ-Адамс В., 1998, 17
[104] Лилчиќ-Адамс В., Атанасов В., Илиевски А., Ширтовски И., 2023, во печат
[105] Томовски Т. 1961, 119

Земајќи го предвид покусото растојание помеѓу станиците Ad Cephalon и Gurbita (од Велешко Кале до Градиште, Згрополци) коешто изнесува 13,5 км пократко за 5,73 км, А. Јакимовски и В. Лилчиќ-Адамс, сметаат дека името ad Cephalon не означува име на град/станица, туку место/поставка.[106] Ad Cephalon во значење на глава, главно место, главна точка, или место каде што се преминувала реката Вардар. Оваа станица била значајна крстосница каде од главниот пат покрај Вардар се одвојувал спореден пат, што водел долж реката Тополка, како југозападен крак кон Пелагонија и северозападен крак кон Скопскиот басен за просторот западно од Вардар (на линијата Превалец, Раштани, Слп, Карабуниште, Добрино, Зелениково.[107]

Археолошките истражувања, укажуваат дека и предримската патна траса која што во континуитет низ антиката и средниот век минувала долж коритото на реката Пчиња, од Бадер кон селото Сопот, каде што се регистрирани две крајпатни утврдувања.[108] Кула Бадер и Солиште, Летевци, а појужно се наоѓа и кастелот на локалитетот Маркови Кули, Летевци. Оттука, целосно се отфрла мислењето на Ф. Папазоглу, која станицата Ad Cephalon ја убицирала кај велешкото село Новачани.[109]

Понатаму, патот водел на југ-југоисток, до тврдината Отовичко Кале, село Башино Село, каде што според В. Лилчиќ-Адамс постоеле две траси, првата *сйоредна* траса водела по клисурата на реката Вардар, па сѐ до ‘Кале’ Велес и кон југ, а втората *йобезбедна* траса водела источно од Велешката Клисура, и масивот Св. Илија се спуштала кај римскиот викус Веноле, јужно од устието на реката Бабуна во Вардар.[110] Оттука, патот преминувајки го Вардар кај кота Острец преку седлестиот превој кон Добро Поле се спуштал кај Скачинска Река и доаѓа до следната станица

[106] Lilčić-Adams V. & Jakimovski A., 2024 (статија во печат), Лилчиќ-Адамс В., 1998, 17
[107] Лилчиќ-Адамс В., Атанасов В., Илиевски А., Ширтовски И., 2023, во печат.
[108] Лилчиќ-Адамс В., 2019, 185
[109] Папазоглу Ф. 1957, 81-82
[110] Лилчиќ-Адамс В., 1994, 114-115; Лилчиќ-Адамс В., 1998, 20

забележена на Tabula Peutingeriana: **GURBITA** – 'Градиште' кај селото Згрополци, убикација што ја предложи И. Микулчиќ.[111]

Иако, К. Miller станицата Gurbita ја поставил на местоположбата кај селото Ногаевци (Градско), според археолошките истражувања и наоди, станицата/населбата Гурбита се наоѓа на локалитетот Градиште, село Згрополци, при што растојанието од Стоби до Гурбита (Градиште, Згрополци) е 8 римски милји, што одговара на растојанието од Стоби до Градиште, Згрополци, 11,83 км.[112]

Од станицата кај Градиште, Згрополци патот продолжувајќи по десниот брег на реката Вардар, преку Градско, пристигал до следната наведена станица: **STOPIS,** односно градот Стоби, лоциран на устието на Црна во Вардар, а потврден со бројни археолошки наоди и археолошки истражувања што траат контиуирано со децении, до ден денес.
Токму тука, постоел премин од десниот на левиот брег на Аксиј.[113]

Д-р Карл Халд во својата книга Auf den Trümmern Stobis, го посочува Стоби како главна спојница (крстосница) на патот Солун-Стоби, Хераклеа-Стоби, Сердика-Стоби и Скупи-Стоби, цитирајќи го историскиот извор од Ливиј, кој вели дека третата провинција требало да биде формирана по наредба на Лукиј Емилиј Паул, синот на истоимениот конзул Салц, кој починал во Кана, а отишол во Стоби.[114]

Патот од Стоби во растојание од 17 км, покрај десниот брег на Вардар поминувајќи покрај селото Криволак, приоѓал до древниот град на локалитетот Градиште-Неготино од неговата северна страна.[115] Се работи за наредната станица **ANTIGONIA** на Појтингеровата Карта. Растојанието помеѓу двете станици, Stobi и Antigonea соодветствува со бројот на милји впишан на картата.

---

[111] Микулчиќ И., 1999, 152-153
[112] Lilčić Adams V & Jakimovski A., 2024 (статија во печат)
[113] Лилчиќ-Адамс В, 2022, 311
[114] Dr. Karl Hald, 1917, 18
[115] Лилчиќ-Адамс В., 1994, 114-115; Микулчиќ И., 1999, 152-153; Лилчиќ-Адамс В., 1998, 20

Никола Вулиќ, врз основа на некои археолошки наоди и остатоци на теренот, ја убицирал станицата Антигонеа, кај селото Тремник. [116] Меѓутоа, остатоците на локалитетот Градиште, Неготино, како древен пајонски град со континуирана егзистенција потврдена од архајскиот период до 6. век од н.е., децидно ја потпираат хипотезата за убикација на Антигнеа на Градиште Неготино, од страна на професорот Иван Микулчиќ.[117] Имено, растојанието од Градиште кај Неготино, до следната станица соодвестуваат меѓусебно, што може да се смета за точна дистанца.[118]

Патот од Градиште, Неготино продолжува во следните 13 км на југоисток и пристига до следната станица на Tabula Peutingeriana: **STENAS** кај Демир Капија. Оваа траса е идентична со денешната траса на автопатот што води кон Демир Капија. Кај Демир Капија, патот пристигал во големиот антички град на локалитетот Клисурско Маало-Бања, Демир Капија, што се наоѓал пред самиот карпест теснец низ кој се провлекува реката Вардар за да влезе во долгата Демиркаписка Клисура. Тука, патот бил бочно всечен во вертикална карпа над десната страна на реката Вардар, бидејќи карпите се издигаат од двете страни, додека пак, споредната траса водела преку гребенот Постралец искачувајќи се до Преслапот, кај месноста Долни Краставец.[119] Овој Демиркаписки теснец, односно патот што минувал низ него, бил контролиран од јаки тврдини на околните карпи. Поради стратешкото значење на Демир Капија, тука била и границата во антиката помеѓу кралството Македонија (областа Амфакситида) и Пајонија.[120]

Тука, бил пронајден е миљоказ од времето на Константин I (ран 4. век) што не е зачуван во целост. На него може да се прочита само зборот

116 Vulic N., 1938, 4
117 Лилчиќ-Адамс В., 2022, 308
118 Микулчиќ И., 1999, 226, Микулчиќ И., 1984, 1-2
119 Лилчиќ-Адамс В., 1994, 114-115, Микулчиќ И., 1999, 226
120 Микулчиќ И., 1999, 178

„πόλις“, но не и името на градот.[121] Историските извори не даваат информации дека постоел град со тоа име,[122] па затоа во стручната литература се користи називот *Стенае (словенски Просек),* како замена за името на ова место. Зборот Stenas/Stenae со значење карпи, теснец.[123]

Во науката се смета дека терминот Стенае се однесува на карпестиот теснец низ кој што реката Вардар го пробила својот тек, а не и за име на античкиот град што се наоѓа на локалитетот Клисурско Маало-Бања, Демир Капија.

Остатоци од римски пат сочувани се на северниот крај на местото Манастир во должина од 20 м. Патот доаѓајки од северозапад, од северната страна ја заобиколувал старата населба и се пробивал кон изохипсите на најблиското седло, преку карпеста подлога.[124]

Сочуваните остатоци се состојат од длабоко всечени траги од колите во карпестата подлога, со широчина од 10 см, и длабочина од 12 см, со меѓусебно растојание од 125 см.[125] Овие траги, одговараат на многу други траги сочувани од античко време, што укажува на долга употреба на патот низ времето.

Делницата на патот Стенае-Тауријана била повеќе пати предмет на проучување во науката, при што и ден денес се присутни дилеми околу овој дел од трасата.

За овој дел од патот којшто продолжува понатаму кон Валандовската Котлина, В. Лилчиќ-Адамс, на почеток се приклонува кон мислењето на И. Микулчиќ, според кое патот ја преминувал реката Вардар кај селото Удово, а потоа водел по северната страна на долината на Анска река и доаѓал до локалитетот Исар-Кула, Валандово, на која што

[121] Микулчиќ И., 1999, 182
[122] Папазоглу Ф. 1957, 242
[123] Папазоглу Ф., 1957,242; Микулчиќ И., 1999, 176
[124] Микулчиќ И., 1982, 127
[125] Соколовска В., 2013, 18

И. Микулчиќ го убицирал градот Идомене.[126] Потоа, од Исар Кула патот продолжувал низ Дервенска Рекичка, преку селото Фурка стига до Нов Дојран. Ист предлог за оваа траса има и Киро Ристов.[127]

Втората идеја, според В. Л. Адамс е дека патот водел по десниот брег на Вардар преку атарот на денешното село Миравци и потоа кај населбата на локалитетот Градишор-Мрамор, село Милетково го преминувал Вардар и пристигал до следната станица на Tabula Peutingeriana - градот **IDOMENIA** Исар Марвинци (според Б. Јосифовска). Тука, обрнуваме внимание на трасата на магистралниот пат, додека за проблемот со убикацијата ќе посветам поголемо внимание во наредното поглавје.

Водејќи се според пронајдениот миљоказ, на кој што стои натписот: од Идомене кон Добер 20 стадии и обратно, В. Соколовска ја предложила следната траса на патот од Стенае низ Клисурата. Според неа, патот се движел по десниот брег на Вардар кон селото Смоквица, каде ја преминувал реката Вардар преку селата Грчиште и Фурка водејки до Нов Дојран.[128] На тој начин, Соколовска го лоцирала градот Идомене на локалитетот Градишор Мрамор-Манастир село Милетково, додека пак, античкиот град на Исар Марвинци го идентификува со Добер.[129]

Ако ги земеме предвид двете наведени патни варијанти: едната од Исар Кула-Валандово до Нов Дојран (30 км) и другата варијанта од Исар Марвинци до Дојран (28 км), според двата предлози не одговара растојанието што е наведено на Tabula Peutingeriana.

Киро Ристов, дава предлог дека магистралниот пат се движел, не преку Демир Капија, туку преку Будур Чифлик, потоа атарот на селото Дрен, атарот на селото Петрово, и по околу 18 км на југоисток, доаѓал со селото Габрово каде се наоѓала античката населба на локалитетот Градиште. Оттука, патот водел кон нареднта позначајна населба на

[126] Лилчиќ-Адамс В., 1994, 114-115
[127] Ристов К., 2002, 48
[128] Соколовска В., 1997, 49
[129] Соколовска В., 2011, 34

локалитетот Градиште, Божови Ниви во долината Брест, село Смоквица на кој што тој го лоцира градот.[130] Од тука, според него, патот водел преку долината Брест до село Прдејци, каде што го ја поминувал реката Вардар и тоа јужно од локалитетот Прдејска/Глоска Чука, атар на село Грчиште и продолжувал долж левиот брег на реката кон селото Ѓавато. Според Ристов, ова бил значаен премин за поврзување на двата брега, а како доказ се пронајдени остатоци од видливо поплочување каде била забележана постара римска траса. [131] Оттука, на југ скршнува кон Тауријана, јужно од Богданци, преку село Паљурци, помеѓу Карабалија и Амзалиски рид продолжува кон Нов Дојран.

Ако јаземеме пак, варијантата на трасата што водела од Исар-Кула, Валандово, патот водел преку селото Чештово и влегувал во клисурата на Дервенска Рекичка од каде продолжувал кон следната станица на картата – градот **TAURIANA** во Нов Дојран.[132] И. Микулчиќ, смета дека направена е инверзија во дистанците Стенае-Идоменае-Тауријана.[133]

За станицата Тауријана нема историски извори од античките автори, додека пак археолошките остатоци на терен укажуваат на постоење на поголема урбанизирана населба под селото Нов Дојран, која што била егзистирала во Римскиот раноцарски период, а можеби била оформена уште во доцнорепубликанско време.
Оттука, по отворен терен патот водел на југ покрај езерото и преку *Галик* (Кукуш) **GALLICUM** на Појтингеровата карта и пристигал во Тесалоника-Солун - **THESSALONICE** на Појтингеровата карта.

Овие сознанија, укажуваат дека погоре изложените варијанти на патната траса егзистирале и во предримско време, но и дека имале и друг тек и правец во зависност со развојот на населбите и центрите со стратешка цел за миграција на војската, како и трговска и

[130] Ристов К., 2002, 65
[131] ibid
[132] Лилчиќ-Адамс В., 1994, 114-115
[133] Микулчиќ И., 1999, 226

административна. Оваа патна магистрала ја форсирале и модифицирале Римјаните по своите победи, но точното време на изградба и реформа на патот сѐ уште треба да се потврди. Стариот пат за Пела кој што преку Гортинија (Вардарски Рид, Гевгелија), влегувал на територијата на денешна Македонија, на Рим не му влегувал во концептот за походите на Исток. Така што, тие оформиле и форсирале потполно нов правец на патот што водел преку Тесалоника кон Бизантиум-Константинополис. На тој начин, Рим престанал да го користи правецот на магистралниот пат, долж десниот брег на реката Аксиј, на релацијата од Градишор Мрамор, Милетково преку Гортинија (Вардарски Рид, Гевгелија) кон некогашниот главен град на античка Македонија, Пела.




*Сл.11. Карта на дел од патот кој римјаните го измениле преку Идомене, Тауријана накај Галикум*

Според истражувањата, преференцијата за источниот пат и напуштањето на раноантичкиот магистрален пат, западно од Вардар датираат околу крајот на 2. век пред н.е. Додека пак, во текот на 1. век пред

н.е., римските воени инжинери го обновуваат патот, долж источниот брег на Вардар и долниот тек на Пчиња од нејзиниот влив до селото Бадер, за да го избегнат тешкиот ридест терен, западно од Вардар, кој што бил пречка на претходно постоечката раноантичка магистрала, што служела како пат за римските легии сè до крајот на 2. век, п.н.е.[134]

Идентификувањето на точната рута на трасата Via Axia, односно на римскиот пат Тесалоника-Стоби-Скупи, поддржано со археолошки наоди, придонесува за нашето разбирање на функцијата на патот, како витална артерија за комуникација, трговија и воено движење во регионот.

Додека некои станици се прецизно лоцирани преку археолошки истражувања, други остануваат неидентификувани, нагласувајќи ја тековната природа на археолошките истражувања и потенцијалот за понатамошни откритија. Идните ископувања, континуираното истражување и студии може да фрлат повеќе светлина на овие загадочни локалитети, збогатувајќи го нашето знаење за римската патна мрежа и нејзиното влијание во античка Македонија. Воедно, ќе придонесе и за посеопфатно разбирање на патот Скупи-Стоби-Солун и неговото значење во поширокиот контекст на римската инфраструктура.

[134] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 318

# 7.АНТИЧКИ ГРАДОВИ И ПРОБЛЕМИТЕ ЗА УБИКАЦИИ

Вгнездени во срцето на Балканот, покрај течението на реката Вардар, во античка Македонија се наоѓаат низа антички градови кои напреднале во римско време. Поврзани со патната мрежа Via Axia, овие градови, што се карактеризираат со нивното стратегиско позиционирање, обдарени со природни ресурси и раздвижени трговски патишта, го оформиле столбот на трговијата, културата и управувањето во регионот за време на римската ера.

Во центарот на овие антички градови, лежат прецизно испланирани урбани објекти, што се карактеризираат со импозантни структури, форуми, мрежи на улици итн. Распоредот, често ја следел типичната римска ортогонална шема на урбаниот растер, покажувајќи ја наклонетоста на Римјаните за ред и ефикасност во градското планирање. Карактерот на градските куќи му припаѓа на перистилниот тип, познат во раноантичкиот цивилизиран свет и раширен низ медитеранските простори во текот на целиот антички период.[135]

Во ранoримскиот период се вовеле во употреба и печените тули покрај каменот. Најчести техники на градење биле инкертум (*incertum*) во комбинација со еден вид на опус кементикиум (*opus caementicium*), познат во раната антика како *ем̄лек̄он*, како и опусот микстум (*mixtum*). Куќите биле покриени со ќерамиди.[136]

Општеството во овие антички градови било стратификувано, со владејачка елита составена од локални аристократи, римски службеници и богати трговци. Под нив, разновидна популација на занаетчии и

[135] Герасимова Д. 2007, 4
[136] Герасимова Д. 2007, 10

работници придонела за економски просперитет и културна живост на овие урбани центри.

Архитектурата на овие градови се карактеризира со раздвижени пазари, форуми, јавни згради, храмови, театри и бањи изградени со прецизни детали и украсени со мозаици и статуи. Овие градби преполни со активност, нудејќи калеидоскоп на придобивки од целата Римска империја, служеле како места за социјална интеракција, интелектуален дискурс и политичка дебата. Римското присуство донело, не само материјално богатство, туку и културна размена, за што сведочи спојувањето на локалните традиции со римските обичаи, верувања и практики. Религијата заземала централна улога во животите на жителите, па затоа биле градени храмови и светилишта посветени на божествата од грчко-римскиот и локалниот пантеон.

Меѓутоа, животот во долината на реката Вардар не бил без предизвици. Политичката нестабилност, економските флуктуации, надворешните закани и повремените конфликти претставувале закана за стабилноста и просперитетот на овие градови.

Сепак, низ периодите на просперитет и тешкотии, урнатините на овие антички градови опстојале, оставајќи зад себе наследство што продолжува да не плени и инспирира и денес.

Во долината на Аксиј некои поважни градови продолжиле и по римската окупација со истите функции што ги имале, додека пак малите земјоделски неутврдени населби ги преживеале овие немирни времиња и станале носители на економската моќ. Оние градови што ја преживеале оваа епоха, за да егзистираат и понатаму низ епохата на Римското Царство морале да се прилагодат на новите услови на стопанисување и новите урбани барања. Меѓутоа, забележано е дека Римјаните во

административен поглед не ги форсирале, напротив тие ги запоставиле некогашните моќни пајонско-македонски градови.[137]

Напредок во развитокот на одделни градови има за време на династијата на Флавиевците (69-96 година од н.е.), каде според археолошките наоди може да се забележи развој во културниот и стопанскиот живот. Развој на градовите, а и во помалите населени места – селата/населбите, се забележува и за времето на Антонините (96-192 година, од н.е.).

Помал број на остатоците среќаваме од ранoримскиот период, додека побројни се остатоците од објекти за живеење коишто му припаѓаат на доцното римско време кој е одбележан со големи градежни активности низ целата Империја, вклучувајќи ја и Македонија.[138]

Ова поглавје, ќе го започнам со краток опис на градовите движејќи се од југ кон север, иако стариот пат за Пела, кој што водел преку Гортинија (Вардарски Рид, Гевгелија) и влегувал на територијата на денешна Македонија, Рим го отфрлил, но сепак вреди да го спомнеме.

[137] Лилчиќ-Адамс В., 1995,59
[138] Герасимова Д. 2007, 2

## 7.1. ГОРТИНИЈА- ГОРΔΥΝΙΑ– GORTYNIA

Градот Гортинија којшто се наоѓал во областа Амфакстида, се споменува уште во историските извори кај Тукидит и Страбон како еден од градовите во Македонија што ги освоил одрискиот владетел Ситалк (429 година, п.н.е.). Овој град се наоѓал на самата река Аксиј, при што преку Гортинија се стигнувало до градот Стоби.[139] Според Птоломеј III, градот се наоѓал југозападно од градот Идомене.[140]

Податоците на Плиниј ни кажуваат само дека Гортинија е сместена на десниот брег на Аксиос и во неговиот долен тек. Во доцноантичките извори и понатаму не се споменува името на градот Гортинија.

Професорот Фанула Папазоглу, смета дека Гортинија треба да се наоѓа јужно од Идомене, но ги цитира Плиниј и Страбон, каде првиот вели дека Гортинија се наоѓа на источниот брег на реката Аксиј, додека пак Страбон ја идентификува Гортинија кај Демиркаписката Клисура, при што Папазоглу доаѓа до заклучок дека Гортинија треба да се наоѓа јужно од клисурата.[141]

[139] Папазоглу Ф. 1957, 134
[140] Види фуснота, Папазоглу Ф. 1957, 28
[141]Papazoglou F., 1888, 181-182




CARTE 5. — L'Amphaxitide.

*Сл. 12. Карта на Амфакстифа според Ф. Папазоглу- Les villes de Macédoine à l'époque romaine*

Според изворите: Плиниј и Страбон, професорот Иван Микулчиќ дава предлог за убикација на Гортинија на локалитетот Исар, село Марвинци, 7 км југозападно од Идоменае (според него кај Валандово).[142] Микулчиќ, ова свое мислење го темели врз натпис откриен во Марвинци. Првиот ред од текстот со името на градот на овој натпис е оштетен во горниот дел, меѓутоа долната поткршена зона на буквите делумно се

142 Микулчиќ И., 1999, 23

сочувала, при што И. Микулчиќ го реконструирал (според негово читање и интерпретација) со името Гординиатон-Гортинија.[143]

Археолошките ископувања на локалитетот Вардарски Рид, вршени во континуитет во периодот од 1995 година, даваат некои нови сознанија за градот Гортинија, којшто во античка Македонија бил еден од трите најзначајни центри. Првите сондажни археолошки истражувања на локалитетот со заштитен карактер биле изведени во 1979 година, од страна на тогашниот Републички завод за заштита на спомениците на културата за потребите и пробивањето на новите ленти на магистралниот пат Е-75, од Гевгелија до македонско-грчката граница. Потоа, во 1998-1999 година, повторно, пак за потребите за изградба на нови автопатни ленти.[144]

Во периодот 1998-2004 година, систематските истражувања се вршат во соработка помеѓу Филозофскиот факултет од Скопје и Националната установа Музеј-Гевгелија, а понатаму 2005-2018 година со кратки прекини, ќе продолжат во реализација на Националната установа Музеј-Гевгелија.

Локалитетот ***Вардарски Рид*** се наоѓа на доминантно возвишение на северната периферија на градот Гевгелија, на десниот брег на реката Вардар. Од источната и јужната страна локалитетот го заокружува реката Вардар, додека другите две страни се отворени кон Гевгелија. Тој дел претставува низински терен, кој во минатото, во периодите на висок водостој бил под вода, односно бил изложен на разлевањето на водите на Вардар, па така Вардарски Рид бил стратешка позиција која доминира над Гевгелиско Поле и долината на Вардар.[145] Локалитетот ги опфаќа

[143] Микулчиќ И., 1999, 26
[144] Сламков Е., 2020, 75
[145] Митревски Д., 2005, 15

следниве катастарски парцели: 2048, 2052, 2053, 2090, 2091, 2111, 2112, 2113/1, 2115/1, 2115/2, 2117, 2118/1, 2118/4, во КО Гевгелија.[146]

На локалитетот има остатоци од континуирано живеење и е со разновидни културни остатоци во текот на повеќе од 1000 години, од крајот на бронзеното време (13. век, пред н.е.) до доаѓањето на Римјаните (2.-1. век, п. н.е., како и 1.-2. век од н.е.).

Локалитетот се протега на два рида, западен што е повисок, карпест и пострмен (Рид 1) и источен (Рид 2) кој што е понизок и поблаго паѓа кон коритото на Вардар.[147] Двата рида се споени со благо седло, отворено од едната страна кон коритото на Вардар, а од другата кон ниските терени кон денешна Гевгелија. Систематски истражувања на Вардарски Рид се изведувале од 1995 година, на три пунктови или во секторите: Акропола, Јужна тераса и Источна тераса.[148]
Со археолошките истражувања во 1999 година, во раководство на професорот д-р Драги Митревски, во градот била откриена камена плоча со епиграфски натпис, на која што се препознава дел од името на градот (ГО)РТΥΝΙΑ.[149]

Со систематските истражувања на градот, откриени се над 400 монети.[150] Стратиграфијата на локалитетот е изразена преку 16 културни слоеви кои припаѓаат на 6 населби,[151] почнувајќи од мала праисториска населба на Ридот 1, во текот на 5. и 4. век, пред н.е., израснал старомакедонскиот град - античката Гортинија. По прекин на населбата повеќе од 1000 години, во полниот среден век (11.-13. век од н.е.), секторот некропола повторно се користел за погребување на населението од

[146] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 305; Fasolo M., Lilcik Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат. Охрид, Македонија: Лилчиќ Адамс В., Фасоло М., Јакимовски А, Тренески Г., Via Axia во античката епоха, труд презентиран на XXVI симпозиум на Македонското археолошко друштво, во Охрид на 18-20 октомври 2023 година, статија во подготовка за печат
[147] Митревски Д., 2005, 15
[148] Митревски Д, 2008, 62
[149] Митревски Д., 2001, 56-57
[150] Јованов М., 2005, 315
[151] Митревски Д., 2005, 17

Вардарски Рид. Четвртата населба, е таа што била забележана и во историските извори, како градот што го освоил Ситалк во 429 година, п.н.е., додека пак во Петтата населба, повеќето градби биле срушени и таа се поврзува со келтските продори кон југ.[152] Шестата населба била ново подигната-ново изградена населба, со нови типови на објекти и техники, со ортогонална шема поделена по квартови.[153] Оваа населба, својот раст го достигнала најмногу во крајот на 3. и почетокот на 2. век, п.н.е., сè до римската окупација којашто го уништила животот на градот, освен на Источната тераса на Ридот 2, каде што наодите покажуваат континуирано живеење се до 1. век.[154]

Оваа населба била документирана со најбројни археолошки наоди, меѓу кои бројни се пронајдените монети од сите македонски владетели по Александар III, па сè до првите примероци на римски монети во Македонија. Населбата била најмалку четири пати обновувана, пред да биде дефинитивно разурната и постепено напуштена.[155] Градбите што се откриени во Акрополата, претставуваат целина со концепциска поврзаност, заштитена со внатрешен бедем имајќи централна позиција во градот.[156] Од двете страни на овој комплекс водат две поплочени улици широки 3-4 м.

[152] Митревски Д., 2005, 28
[153] Митревски Д., 2005, 33
[154] Митревски Д., 2005, 28, Јованов М., 2005, 316
[155] Митревски Д., 2008, 65
[156] Митревски Д., 2005, 34




*Сл. 13. План на градбите на Акрополата (според Д. Митревски)*

Во секторот Источна тераса откриени се куќи за живеење, каде овој дел од теренот бил во интензивна употреба, од населбата III до населба VI, наслоени една врз друга. [157] Тие, со својата конструкција и движен археолошки материјал говорат за благосостојбата на нивните сопственици (Куќа со светилиште, Куќа со атриум итн.).[158]

Континуираното живеење на Источната тераса на Ридот 2 се до 1. век п.н.ера, било потврдено со многубројни наоди монети, една од нив е

[157] Митревски Д., 2005, 31
[158] Јованов М., 2005, 316

сребрен денар – *serratus*, кој датира од 82 година п.н.е, на кој на аверсот претставен е Меркур со крилеста капа и кадукеј потпрен на рамото, додека на реверсот бил претставен Уликс со неговото куче кое стои до него. [159] Биле пронајдени и монети на императорите Марк Антониј, Клавдиј, Веспазијан и други.[160]

Најзначајниот, досега откриен објект во тој дел на градот е една богата приватна куќа од 2. век п.н.е. со 6 простории на сопственик кој собирал стари предмети со уметнички вредности, од бронза, мермер, коска, теракота, монети и слично, поради што овој објект бил наречен „Куќа на колекционерот“. [161]Најстарите откриени наоди што потекнуваат од железното време, се четири приврзоци во форма на птица, од типот таканаречени македонски (пајонски) бронзи и еден приврзок во форма на срна.[162]

Во секторот Јужна тераса, откриени се остатоци од најрепрезентативната градба Стоа (од петтата населба), а во просторот над неа откриен е цел комплекс на градби (металуршки, керамичарски и занаетчиски работилници, магацини, дуќани и слично) со карактеристичен инвентар и богати и разновидни движни наоди.[163]

Со истражувањата во 2010 година, на акрополата на градот, бил пронајден печат, што е датиран од крајот на вториот или почетокот на 1. век пред н.е., направен најверојатно од глина, со претстава на Нике качена на бига/двоколка со коњи, а над неа натпис ΓΟΡΔΥΝΙΑ (или можеби, првично ΓΟΡΔΥΝΙΑΣ).[164]

На вториот ред од написот може да се прочита како ΓΡΑΜΜΑ, што значи печатот можел да има припаѓал на секретарот на градот.

[159] Јованов М., 2005, 318
[160] Види кај Јованов М., 2005, 315-321
[161] Митревски Д., 2008, 65; Митревски Д., 2005, 86-87
[162] Митревски Д., 2005, 237
[163] Ibid, Митревски Д., 2005, 29
[164] Бабамова С., 2018, 11-12

Пронајден е и фрагмент со натпис направен од песочник, кој е скршен од сите страни, освен од левата, чија што површина била оштетена.[165]




*Сл. 14. Печат од локалитетот Вардрарски Рид (слика С. Бабамова)*

Археолошките истражувања на овој локалитет, водени во континуитет, како и пронајдените бројни наоди, меѓу кои се вбројуваат и овој печат и натпис, претставуваат суштински докази што ја потврдуваат научната теза на многу истражувачи со која се потврдува локацијата на градот Гортинија, наведена од антички автори.




*Сл. 15. Панорама на Вардарски Рид, плочата со натпис и план на античкиот град*

165 Бабамова С., 2018, 13

## 7.2. ТАУРИЈАНА–TAURIANA

Античкиот град Тауријана се наоѓа во стариот дел на ***Нов Дојран***, каде под денешните куќи биле откриени објекти на: една јавна бања, една ранохристијанска базилика со мозаичен под и мермерни украси што датираат од (5-6. век од н.е.), како и куќи што се простираат на површина од околу 7-8 ха.[166]

Во 1960 година, од страна на Археолошкиот Музеј во Скопје под раководство на професорката Блага Алексова биле извршени археолошки ископувања во Нов Дојран, со цел да се утврди просторот на кој се наоѓала античката и раносредновековната населба, врз која што биле подигнати куќите на селото Нов Дојран и притоа се претпоставува дека повеќето објекти на античкиот град биле израмнети и можеби во голем дел уништени.[167] Било констатирано дека голем дел од античките градби, како и движниот материјал, со изградбата на новите куќи бил разнесен или уништен. Притоа, било извршено сондирање во неколку дворови каде се откриени неколку објекти што биле оштетени или изѕидани во нови градби.[168] Во овие археолошки истражувања била пронајдена ранохристијанска базилика, со трикорабна диспозиција на внатрешниот простор, со полукружна апсида и колони меѓу корабите. Базиликата била откриена во самиот Дојран и тоа северно од главната улица, помеѓу денешните куќи и била датирана во Јустинијановата епоха. Освен базиликата, била пронајдена и еднобродна црква со мало предворје со гробови, датирани 9.-10. век.

---

[166] Микулчиќ И., 1999, 269-270
[167] Алексова Б., 1960, 136
[168] Алексова Б., 1960, 136

На северниот брег на Дојранското езеро, била констатирана доцноантичка населба каде се откриени простории поплочени со мермер и остатоци од декоративна пластика, статуи, теракоти римска керамика и многу градежен материјал.[169]




*Сл. 16. Нов Дојран – Таурijана; капител од Топлец*

Додека, пак, кај местото Топлец, на 1,79 км, северозападно од црквата Св. Ѓорѓија во Нов Дојран, биле откриени остатоци од градби со наоди од римскиот период. Блага Алексова, врз основа на откриените наоди во 1960 година, заклучила дека на овој простор во антиката и византискиот период се ширела голема населба која што продолжила да се развива и во средниот век.

Иван Микулчиќ, забележал дека на местото *Сланец* има остатоци од антички храм каде гробови со наоди 2.-4. век лежат покрај населбата, но нема траги од обѕидие.[170]

[169] Алексова Б., 1960, 137
[170] Микулчиќ И., 1999, 269-270

Локацијата на Нов Дојран, врз основа на античките литературни податоци, некои научници ја идентификуваат како античкиот град Добер, додека други сметаат дека тука се наоѓала станицата од Појтингеровата карта Тауријана.

Многу научници се обиделе да го идентификуваат античкиот град Добер кај Дојран земајќи го предвид Тукидит кој опишувајќи го походот на одрискиот крал Ситалк вели дека одриската војска, откако ја преминала ненаселената планина Керкина, што ги дели тракиските Синти од Пајонците, пристигнала во пајонскиот град Добер, од каде започнала напад врз македонскиот градови Идомене, Гортинија и Аталанта. [171] Други пак, го идентификуват Добер со Дојран, поради сличноста на првите две букви во двете имиња.

Според Фанула Папазоглу, античката патна станица од Појтингеровата карта –Тауријана, најверојатно се наоѓала на западниот брег на Дојранското Езеро, бидејќи растојанијата дадени од Tabula Poitingeriana одговараат на таа позиција.[172]

Со заштитните археолошки истражувања, во февруари 1998 година, од страна на Народниот музеј од Гевгелија во Дојран, откриени се повеќе уништени римски гробови, каде и констатирано е оштетувања на локалитетите Манастир и Караула[173].

Во самата населба Нов Дојран и во неговата непосредна околина, идентификувани се неколку локалитети од античкиот период. Всушност, самата населба е изградена на урнатините на античката населба која егзистирала на западниот брег на ДојранскотоЕзеро. Имено, на целиот простор од современата населба се откриваат остатоци од градби, гробови и богати подвижни наоди: керамика, монети и накит, кои потекнуваат од доцноримскиот и рановизантискиот период.

[171] Папазоглу Ф. 1957, 248
[172] Папазоглу Ф. 1957, фуснота 85
[173] Сламков Е., Гушев Ѓ., 2005, 189

Пронајдени се остатоци од ранохристијанска базилика и елементи од камена пластика. Извонредниот примерок на бронзен тег (од 3. век, п.н.е.) укажува на постоење и на предримска населба.

Тој претставува масивно лиен тег од бронза во форма на биста на момче, датиран во 3. век, п.н.е., со височина од 9 см (слика 16.). Очите се изработени од сребро, а зениците веројатно биле исполнети со стаклена паста. На врвот стои ушка за прикачување. Главата носи јасни обележја на античка скулптура, особено на делата од кругот на скулпторот Лизип.



*Сл. 17. Бронзен тег, 3. век, п.н.е*

Локалитетите Манастир и Караула, што се наоѓаат во самото урбано јадро на градот Дојран, претставуваат некрополи од римскиот период што датираат првата некропола 3.-4. век, и втората некропола 1.-3. век.[174]

Од сите гробни конструкции се издвојува гробот 2 - гробница што во нејзината конструкција со маркантни димензии, биле употребени делови од еден или два раноримски саркофага од атички тип, а во неа се пронајдени богати гробни прилози.[175]

[174] Сламков Е., 2012, 47
[175] Сламков Е., Гушев Ѓ. 2005, 207

На локалитетот Манастир, што го зафаќа целиот централен простор од современата населба, особено на патот за Стар Дојран се констатирани остатоци од темели на градби, базилика, архитектонска пластика, гробови со конструкција од тегули „на две води" и многубројни археолошки предмети (керамика, монети, накит) и скулптурална пластика. Локалитетот бил уништен со ископување на канализациони канали заради приклучување на централното градско подрачје во колекторскиот систем на Дојранското Езеро.[176] Се претпоставува, дека се работи за остатоци од античката населба Тауриана.[177]

На 4 км од населбата, на северозападниот брег на езерото, на локалитетот Топлец пронајдени се терми од римско време, терми во зоната на термалните извори се откриени остатоци од архитектонска пластика од мермер (колони и капители). По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал.[178]

Населбата според површинските остатоци можеме да ја лоцираме во западната периферија на Нов Дојран и надвор од неа кон возвишението познато под топонимот Пољана.[179]

На западната периферија на современата населба, на локалитетот Школо, откриени се остатоци од ранохристијанската базилика (6. век).

Многуте антички остатоци што ги красат дворовите на жителите на Нов Дојран и денес сведочат за богатата историја на градот, но тие остануваат тука, разни столбови од објекти, плочи декоративни елементи, место каде историјата чека со посредство на археологијата, да биде откриена, забележана и потврдена. По сите досегашни сознанија досега, најверојатно, тука се наоѓал античкиот град Тауријана.

[176] Сламков Е., Гушев Ѓ. 2005, 190
[177] Види Археолошка карта стр. 102
[178] Алексова Б., 1960, 136
[179] Сламков Е., 2012, 47

## 7.3. ИДОМЕНЕ -IDOMENIA-Ιδομεναι

Научната дискусија за локацијата на градот Идомене, споменат во делата на античките автори Страбон и Плиниј е континуирана, бидејки сѐ уште не е посведочен со епиграфски споменици. Мислењата за убикација на овој антички град се поделени. Предложени се неколку хипотези во кои некои истражувачи градот Идомене го лоцираат во атарот населото Милетково, некои на Исарот над Валандово, а според некои се наоѓал на локалитетот Исар, кај селото Марвинци.

Фанула Папазоглу, мислејки дека станиците Стенас и Тауриана се со сигурност локализирани, првата кај Демир Капија, а другата кај Дојран, вели дека градот Идомене, најверојатно се наоѓа во оној дел од Вардарската долина, што се шири кон исток и Валандово.[180]

Во просторот на Валандовската Котлина, по течението на Анска Река (Бојмица), се наѓаат остатоците на два древни града. Едниот кај село Марвинци, а другиот над Валандово. Во текот на минатите децении, неколку истражувачи дале предлог за убикација на имињата на градовите спомената во изворите на овие археолошки локалитети.

Борка Јосифовска, според бројните археолошки наоди [181] за убикација на градот Идомене го предложила локалитетот Исар-Кале, кај селото Марвинци. [182] На овој локалитет биле откриени делови од монументална скулптура, заветни  и надгробни релјефи, човечки и животински фигури од теракота, монети, праисториски алат и накит, итн.,  а откриени се уште неколку натписи од кои едниот содржи дедикација на храмот од кој што случајно бил откриен дел од скалилата.[183]

---

[180] Папазоглу Ф., 1957, 133

[181] Види кај:Dragojevic-Josifovska B., 1976, 63-64

[182] Јосифовска-Драгојевиќ, 1958, 298-299; Јосифовска-Драгојевиќ, Б., 1967, 308

[183] Јосифовска-Драгојевиќ, 1958, 298-299

Истото мислење го дели и Фанула Папазоглу, додека пак Викторија Соколовска градот кај Исар Марвинци, го идентификува со античкиот град Добер.[184] Гавро А. Шкриваниќ, предложил убикација на градот Идомене кај селото Милетково.[185]

По откривањето на стадионот-камен, во близина на селото Марвинци во 1984/85 година, на кој што се споменуваат двата града од двете страни,[186]Викторија Соколовска, помислила дека градот кај Исар-Марвинци бил пајонскиот град Добер, и го лоцирала македонскиот град Идомене на спротивната страна на реката Аксиј, на локалитетот Градишор-Мрамор, атар на селото Милетково.[187]

Треба да се напомене, дека само бројот на стадии на едната страна од плочата (од Идомене/до Добер/20 стадии) е видлив. Додека на втората страна од камениот стадион (Од Доберус/до Идомене/?), недостасува бројот на стадиите, што значи дека оваа бројка би можела да биде сосема поинаква, а не 20 стадии.[188]

Според Фанула Папазоглу, текстот нема паралели и не го означува растојанието помеѓу Идомене и Добер. Таа, смета дека каменот не дава информации за растојание помеѓу Добер и Идомене и дека повторувањето на истото растојание на спротивната страна на каменот би било апсурдно.[189] Толкувајќи го натписот од местото каде што стоел каменот, според кој што имало 20 стадии до Идомене, но растојанието до Доберос е непознато, бидејќи бројот е прекинат, при тоа го лоцира Идомене кај Исар-Марвинци без да се земе натписот предвид, бидејќи

[184] Соколовска В., 2011, 28; Соколовска В., 2022, 83
[185] Škrivanić, G., 1974, 54
[186] В. Соколовска 1986, 139-142;  на предната страна пишува: од Идомена до Добер 20 стадии. На задната страна пишува: од Добер до Идомена 20 стадии
[187] Соколовска В., 2022, 83
[188] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 305, Fasolo M., Lilcik Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат. Охрид, Македонија: Лилчиќ Адамс В., Фасоло М., Јакимовски А, Тренески Г., Via Axia воантичката епоха, труд презентиран на XXVI симпозиум на Македонското археолошко друштво, во Охрид на 18-20 октомври 2023 година, статија во подготовка за печат
[189] Бабамова С., 2018, 14-15

стадионот-камен не е пронајден во археолошки контекст, туку можеби бил донесен на Исар-Марвинци од блиската околина.[190]

В. Лилчиќ-Адамс, смета дека растојанието од 20-те стадиуми од натписот на предната страна, не може да биде растојание помеѓу Идомене и Добер, бидејќи овие два града не можеле да бидат оддалечени еден од друг на само 3 км, како и повторувањето на истото растојание, во спротивна насока на задната страна од плочата, би било апсурдно. Тој го толкува натписот на следниот начин:

*На патот што води од Идомене, кон Добер, до оваа точка, има дваесет стадии*[191]

Додека, пак, задната страна мора да содржи ознака за растојанието помеѓу Добер и местото каде што е поставен маркерот.[192]

Иван Микулчиќ, градот на Исар, Марвинци го идентификува со Гортинија, додека пак, Идомене го убицира кај Исар-Кула, Валандово.[193] Локалитетот Исар-Кула, Валандово се наоѓа на околу 1 км североисточно од Валандово, на Плавуш – крајниот југоисточен огранок на Градешка планина, каде се издига за околу 100-300 м, над долината на Анска Река. Врз основа на пронајдениот камен патоказ од предримскиот период во кој се наведува името на градот Идомене и Добер, лоцирани близу Гортинија, Микулчиќ заклучува дека од станицата Стенае, односно Демир Капија, растојанието што следи  кон Идомене, соодветствува на позицијата на Валандовскиот „Исар“.[194]

---

[190] F. Papazoglu, 1988, 174–179., Бабамова С., 2018, 14-15

[191] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 305; Fasolo M., Lilcik Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат. Охрид, Македонија: Лилчиќ-Адамс В., Фасоло М., Јакимовски А, Тренески Г., Via Axia во античката епоха, труд презентиран на XXVI симпозиум на Македонското археолошко друштво, во Охрид на 18-20 октомври 2023 година, статија во подготовка за печат

[192] ibid

[193] Микулчиќ И., 1999, 20

[194] Микулчиќ И., 1999, 22-23

Археологот Цоне Крстевски, во неговата последна книга која излезе од печат во 2022 година Добер: античкиот град на Исар-Марвинци, ја следи идејата на В. Соколовска, обидувајќи да го убицира градот Добер на локалитетот Исар, Марвинци.[195]

Според Виктор Лилчиќ-Адамс, градот Идомене се наоѓал на локалитетот Исар-Марвинци.[196]

Од изнесените хипотези, каде предвид беа земени локалитетите Исар-Кула, Валандово и Градишор-Мрамор Милетково, ниту една од нив не се заснова на многу убедливи археолошки индикации. Во поновата литература, вниманието го заслужува градот на ***Исар-Кале, Марвинци***.

Локалитетот Исар-Кале кај с. Марвинци, се наоѓа на југозападниот крај од селото, на блага височинка што доминира над долината на Вардар и над Валандовското поле. Од географска гледна точка, локалитето Исар-Марвинци зафаќа централна позиција во регионот. Локалитетот ги опфаќа следниве катастарски парцели: 1141/2, 1143, 1145, 1148, 1152, 1173, 1175, 1176/1, 1176/2, 1176/3, 1183, 1184, 1185/1, 1185/2, 1186, 1187, 1188, 1189, 1190, 1191, 1192, 1193, 1194, 1195, 1196, КО Марвинци.[197]

Во раната антика, оттука поминувал патот што од градската акропола се спуштал до нивото на коритото на Вардар и продолжувал кон Грчиште, односно Глоска Чука на местото познато како „Сепарација“, каде Вардар има цврсто каменито дно, кое што овозможувало полесно поминување на другата страна на реката.[198]

---

[195] Крстевски Ц., 2022

[196] Лилчиќ-Адамс В.,2022, 305, Fasolo M., Lilcik Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат. Охрид, Македонија: Лилчиќ-Адамс В., Фасоло М., Јакимовски А, Тренески Г., Via Axia воантичката епоха, труд презентиран на XXVI симпозиум на Македонското археолошко друштво, во Охрид на 18-20 октомври 2023 година, статија во подготовка за печат

[197]Лилчиќ-Адамс В., 2022, 305, Fasolo M., Lilcik Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат. Охрид, Македонија: Лилчиќ-Адамс В., Фасоло М., Јакимовски А, Тренески Г., Via Axia воантичката епоха, труд презентиран на XXVI симпозиум на Македонското археолошко друштво, во Охрид на 18-20 октомври 2023 година, статија во подготовка за печа.

[198] Соколовска В., 2011, 9

Првите археолошки наоди се прибрани уште во текот на Првата светска војна. Пообемни истражувања се преземени по Втората светска војна, откако на локалитетот биле случајно откриени камени споменици и натписи. Тогаш, откриени се неколку наоди од железно време и објавени од страна на В. Пингел и Драгендорф.[199] Во стручната литература, Исар кај с. Марвинци за првпат е регистриран како археолошки локалитет со рекогносцирањата, предводени од Миодраг Грбиќ.

Пробни археолошки ископувања се воделе од 1961 година, на локалитетот на местото познато како Порта од страна на Борка Јосифовска која посебно внимание му има посветено на локалитетот и В. Соколовска - Археолошкиот Музеј во Скопје, а пообемни во текот на 1977 година, во рамки на проектот „Долината на Вардар во I милениум пред н.е., започнати се систематски археолошки истражувања на локалитетот, со прекини кои траат сѐ до денес.[200] Археолошки истражувања на локалитетот со методите на рекогносцирање и археолошки ископувања вршеле и археолозите Цоне Крстевски, проф. Антонио Јакимовски, проф. Марјан Јованов, В. Санев, В. Соколовска, проф В. Лилчиќ-Адамс, З. Видевски, проф И. Микулчиќ, Г. Карапетков, проф Д. Митревски, С. Темов, К. Ристов, како и други колеги-археолози.

---

[199] Цитирано според Сламков Е., 2012, 41; Соколовска В., 2011, 11

[200] Сламков Е., 2012, 42; Соколовска В., 2011, 11




*Сл. 18. План на градот Исар Марвинци : 1 - акропола – населба од 7. - 2. век ст. е.; 2 – од хеленистичкиот и 3 – од ранoримскиот период; 4 – доцноримски кастел (првиот план го изготвил И. Микулчиќ)*

Локалитетот претставува една развиена, утврдена населба со богата хронологија и континуитет на егзистирање од 7. век, п.н.е. до 6. век од н.е.[201] Како почетна точка за анектирањето на Пајонија била областа Амфакситида со градовите Гортинија (Вардарски Рид, Гевгелија) и Идомене (Исар, Марвинци), од каде што кралот Филип V тргнал во средниот тек на Аксиј, во Пајонија, потврдено со монети на Филип V и Персеј.[202]

Својот максимален интензитет на егзистенција го доживува во 1. и 2. век од н.е. Овој локалитет е еден од ретките и значајни антички локалитети во Македонија што дава можност да се согледа населбата и нејзиниот развој низ целата античка епоха.

[201] Сламков Е., 2012, 41
[202] Според Лилчиќ-Адамс В., 2022, 358

Борка Јосифовска-Драгојевиќ, во истражувањата од 1967 година, забележала докази кои што укажуваат дека по 6. век на локалитетот се случила некаква катастрофа, можеби пожар или земјотрес со голем интензитет, при што биле уништени сите водоводни линии, со што градот бил лишен од главниот услов за опстанок - водата.[203]

Локалитетот Исар се протега на простор од околу 5 ха и е поделен на два дела: акропола каде е лоцирана предримската населба, а на падините под акрополата се протега градот од римскиот и доцноримскиот период. Покрај остатоците од станбени објекти, од доцниот македонски период како и од римскиот период откриен е и Каструмот (квадрибург), со одбранбени бедеми кои што опфаќаат простор од околу 6000 м$^2$, што бил изграден кон крајот на 3. век и е лоциран на југоисточната падина, веднаш под акрополата на која се утврдени четири хоризонти на живеење.[204] Во него се наоѓаат неколку градби меѓу кои и  храм што бил посветен на Херакле, односно императорот Комода бил изграден во 181/182 година од новата ера, од еден висок македонски функционер - македонијарх, по потекло од градот, кој бил член на Македонскиот коинон со седиште во Бероја. Овој податок го имаме во вид на натпис на архитравната греда на храмот, во кој што се споменува лицето кое го подигнало храмот за спомен на својот град.[205]

Откриени се поголеми ѕидни платна од бедемите и влезната порта, при што северозападниот бедем го сече светилиштето од раноцарскиот период. Најмонументалниот и репрезентативен објект во централниот дел од каструмот е објектот кој имал првична функција на терма со димензии 13x10 метри, со зачувани ѕидови со арки кој што подоцна бил заменет и била изградена принципија (штапска зграда).[206] Објектот бил поплочен со мермерни разнобојни плочки во техника опус сектиле.

[203] Јосифовска-Драгојевиќ, Б., 1967, 344
[204] Крстевски Ц., 2008, 66
[205] Крстевски Ц., 2008, 66-67; Микулчиќ И., 1999, 28
[206] Крстевски Ц., 2008, 66-67

Базите на колонадите на оваа импозантна градба се зачувани во целост. На некои од нив се видливи и натписи со грчки букви. На северозапад од овој објект се наоѓа цистерната која има зачувани ѕидови во висина од 4,5 метри како и засведениот лагум во должина од 9 метри.[207] Градот бил добро снабден со вода, имало развиената водоводна мрежа, добро изградена и сочувана.[208] Снабдувањето на бањите со вода преставувало посебна важност, што побарувало и посебна финансиска интервенциiа. Важноста на епиграфскиот натпис од Исарот се содржи во тоа што тој се однесува на серија „канони" за различните чекори што ги презема градот за финансирање на назначените негови градежни потфати.[209]

Просторот јужно и југозападно од акрополата се користел за погребување на населението во антиката, тука биле откриени околу 3000 гробови и гробници, со разни гробни конструкциии во кои се среќава употреба на двата погребни ритуали - инхумација и кремација.[210]

Погребниот ритуал и богатите разновидни гробни прилози (керамички и метални садови, накитод бронза и благородни материјали, оружје, монети, теракоти, бронзени скулптури и друго), претставуваат рефлексија на културните обичаи, религиозните верувања и економската состојба на општеството во времето на нивното создавање. Преку нив се гледа културниот и економскиот развој на градот низ вековите на неговата егзистенција.

[207] Крстевски Ц., 2008, 66-67
[208] Крстевски Ц. & Бофо Л., 2006, 338
[209] Крстевски Ц., Бофо Л., 2006, 342
[210] Хусеновски Б., Сламков Е., 2005, 43-44




*Сл. 19. План на градот Исар Марвинци(В. Лилчиќ-Адамс)*

На локалитетот биле откриени голем број монети, меѓу кои на македонските кралеви: Аминта III (398-383; 381-369), Филип II (369-336), и Александар III (336-323) Антигон Гонат (277-239), Деметриј II (239-229), Филип V (220-179) и Персеј (179-168), како и монети на градовите Амфипол, Пела и Тесалоника, ковани од 187-31 година и други.[211]Меѓу нив, посебно внимание привлекува оставата од 20 бронзени монети на македонскиот крал Филип V.[212]

Од монетите на римските императори застапени се: Диоклецијан, Максимијан Херкулиј, Галериј Валериј и Констанциј Хлор - значи императорите од Првата тетрархија, а од ковниците: Антиохија, Александрија, Кизик, Тесалоника, Хераклеја Тракиска, Рим, Аквилеја, Картагина, Сикција и Тикинум.[213]

[211] Соколовска В., 2011, 41-42
[212] Според Лилчиќ-Адамс В., 2022, 305
[213] Јосифовска-Драгојевиќ, 1970, 353

Систематски археолошки ископувања на локалитетот дадоа голем број нови податоци, но повеќето не се публикувани. Пронајдените нови натписи го потврдуваат присуството на римски граѓани, но содржат и голем број романизирани хеленско-македонски имиња, и го потврдуваат усвојувањето на латинските имиња од страна на перегрините, вообичаени за сите македонски градови во римскиот период.[214] Меѓу нив е и натписот публикуван од Борка Јосифовска, каде лицето што се споменува во овој натпис е славниот римски судија Публиј Мемиј Регул, кој од 35 до 44 година, управувал со обединетите провинции Македонија, Ахаја и Мезија. Објавениот натпис, докажува дека градот бил организиран како антички полис.[215]

На крајот, само ќе додадеме дека градот расположен во овој дел од Вардарската долина со многуте значајни археолошки индиции, што врз основа на нив се дојде до заклучок дека на ова место во минатото постоела една забележителна населба во која животот се одвивал непрекинато од праисториското, па сè до доцноантичко време, и дека таа во античниот период претставувала една автономна градска општина, организирана на римско-македонски начин, кон чиешто целосно откривање и отворање за употреба пред јавноста ќе треба да се пристапи во догледна иднина.

[214] Бабамова С., 2018, 16-17, Бабамова С., 2022, 386
[215] Јосифовска-Драгојевиќ, 1959, 290

## 7.4. ДОБЕР-DOBERUS

Дискусијата во научните кругови за локацијата на античкиот градот Добер, што е споменат во делата на античките автори, сѐ уште продолжува да биде предмет на интерес поради отсуството на цврсти докази за неговото постоење. Градот Добер е споменат од страна на историчарот Тукидид, кој опишувајќи го походот на одрискиот крал Ситалк во Македонија, наведува дека одриската војска, откако ја преминала ненаселената планина Керкина, која што ги дели Синтите од Пајонците, пристигнала во пајонскиот град Добер, од каде започнала напад врз македонските градови: Идомене, Гортинија и Аталанта.[216]

Ова е првото споменување на овој град, во кое што читаме јасно назначена пајонска припадност. Во освоениот пајонски град Добер, Ситалковата војска се собрала и оттаму, но јасно потенцирано „од висина“, се спуштила и лесно, во јуриш, го освоила македонскиот град Идомене, а двата следни споменати градови, Гортинија и Аталанте, се предале.[217]

Исто пишува и Плиниј, а и Хиерокле, кој го наведува Добер како град во Македонија Прва. Земајќи го предвид овој податок, многу истражувачи го лоцираат Добер кај Дојран (според сличноста на името), други пак го лоцираат кај селото Габрово, трети некаде кај Струмица. Според Ф. Папазоглу градот Добер, треба да се бара посеверно, и тоа можеби северно од планината Беласица, можеби во Струмичката котлина.[218] Меѓутоа, таа сепак, истакнувајќи го фактот (според Тукидид), според кој Тракијците марширале од Добер до Идомене, сугерира на едно место дека овој град треба да се бара поблиску до реката Аксиј. На тоа укажуваат и

[216] Папазоглу Ф., 1957, 248
[217] Јованов М., 2022, 198
[218] Папазоглу Ф., 1957, 250

податоците на Зосим, според кои Готите во 268 година, напуштајќи го Солун во правец на Ниш, на својот пат ги опустошиле областите градовите Добер и Пелагонија.[219]

Иван Микулчиќ, аналогно информациите во Синекдемот на Хиерокле, кој во својот список на градови наведува дека Добер се наоѓал во Македонија Прва, а Астрајон во Македонија Втора, изнел претпоставка дека Добер се наоѓал во Струмица, а Астрајон близу Радовиш.[220] Тој го предложил локалитетот Цареви Кули, Струмица, Горниот Град, како место каде се наоѓал античкиот град Добер.[221] На доминантното плато Цареви Кули, се наоѓала моќна акропола на еден древен антички град со регистрирани културни хоризонти од раната антика, а според наодите, како и според откриените гробови од средниот Македонски период ( 3.-5. век пред н.е.) во северното подножје на ридот, очигледно е дека на ова место се наоѓал еден од градовите споменати кај Тукидид.

Викторија Соколовска, пак, античкиот град на Исар-Марвинци, го идентификува со градот Добер.[222] Исто и Цоне Крстевски, во неговата последна книга со нагласено сугестивен наслов: *Доберос: античкиот град на Исар–Марвинци* што излезе од печат во 2022 година, го идентификува градот Добер на локалитетот Исар, Марвинци [223] за кој образложив претходно.

Според Марјан Јованов, античкиот град Добер се наоѓа на локалитетот Кула кај Валандово. Регионот во кој се наоѓа градот Валандово, во раната антика бил дел од областа Амфакситида, што го зафаќала тесниот појас долж двете страни на долниот тек на реката Вардар, од денешна Демир Капија до Егејското Море. На овој локалитет не се вршени систематски истражувања, туку само скромни по обем археолошки истражувања со методот на археолошки рекогносцирања. На

[219] Папазоглу Ф. 1957, 251
[220] Микулчиќ И., 1999, 219
[221] Микулчиќ И., 1999, 334
[222] Соколовска В., 2011, 34
[223] Крстевски Ц., 2022

карпестиот рид Исар, над денешно Валандово и на просторот на денешно Валандово, се наоѓаат остатоци од древен град што егизстирал уште од архајскиот период, потоа низ целиот антички период, за што имаме и потврда во архитектонските остатоци и луксузните доцноантички мозаици на локалитетот Стакина чешма. Христијанската традиција на епископијата Добер ја продолжуваат бројни средновековни и нововековни цркви и манастири, кои се наоѓаат на ридестите падини околу локалитетот Кула.[224]

Во контекстот на убицирањето на градот Добер на Исар-Марвинци, од страна на Викторија Соколовска, Марјан Јованов смета, дека се занемарени два факти: прво, дека Ситалковата војска од Керкине, буквално се спуштила кон Добер и тука се собрала и организирала за понатамошниот поход, и вториот, дека градот Добер на крајот на антиката не само што уште живеел, туку станал и епископија, па Епископот Доберски, учествувал на екуменскиот собор во Никеа, при што еден епископски центар мора да има не една задолжителна епископија, туку и повеќе цркви во околината на градот. На локалитетот Исар кај Марвинци, досега и покрај повеќе децениските ископувања на огромна површина, не се пронајдени остатоци од ниту еден сакрален христијански објект.[225]

Големината и значењето на градот Добер може да се потврди и со податокот дека е посочен како родно место на преторијанците, отпуштени во 2. век и нивната припадност кон трибата Емилиј. Ова, укажува дека бил напреден град.
Виктор Лилчиќ-Адамс, пак, со новите истражувања изведени во последниве години дошол до друго сознание. Според него, античкиот град Добер се наоѓа во Валандово, на локалитетот *Исар-Извор, Свеши Пешар.*

[224] Јованов М., 2022, 198
[225] Јованов М., 2022, 198

Тој, во своите истражувања на овој простор реализирани со неговиот теренски тим за рекогносцирање, уште од 2012 година со прекини до 2021 година, евидентирал над 100 монети, меѓу кои се монетите на Персеј, полуавтономните градови Амфипол, Пела, потоа на Гај Тамиј Публилиј, Јулија Меза, Отацилија Севера, Проб, Валенс, Валентинијан, Теодосиј, Аркадиј, Јустинијан, византиски скифати (ураниски), потоа на венецијанскиот дужд Франческо Дандоло (1329–1339), како и сребрени отомански монети, веројатно од 15. или 16. век од н.е.[226]



*Сл. 20. Моне̄та Персеј (179-168) ФЗФ Ско̄ије, В.Л.А*

Мислењето на В. Лилчиќ-Адамс е дека овие наоди, заедно со согледувањето на теренот, во комплет со високиот кастел на доминантното карпесто плато Жапката, потоа објектот Кула на карпестиот срт подолу од Жапката, како и остатоците на недвижни и движни наоди и објекти на Зелениште и Стакина Чешма на просторот на денешно Валандово, укажуваат на голем и значаен антички и средновековен град.[227]

[226] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 335
[227] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 335

Локалитетот ***Исар-Извор Свети Петар, Валандово*** ги опфаќа следниве катастарски парцели: 1245, 1488, 1493, 1494, 1495, 1496, 1497, 1498/1, 1498/2, 1499, 1500, 1501, 1502, 1503, 1504, 1505, 1511, КО Валандово вон град.[228] Се разликуваат четири фази на живеење : Прва фаза: Рана антика (5.-1. век п.н.е.), антички град Добер (?), Втора фаза: Римски период (1.-6. век н.е.), Трета фаза: средновековен град (7.–14. век од н.е.) и Четврта фаза: доцно средновековен период (15.-17. век н.е.).

Лежи на околу 0,5 до 1,3 км северно – североисточно од Валандово (230-490 метри н.м.), над долината на Бојмија (Анска Река). Претставува варовнички рид, што како срт продолжува на северозапад во Градешка планина. Страните на ридот паѓаат стрмно во две паралелни длабоки долини.

На локалитетот, според И. Микулчиќ, на југоисточната тераса под завршетокот на сртот, околу најсилниот извор, во раната антика била оформена укрепена населба, а на сртот над неа акропола. Наоди од овој најстар идентификуван период се парчиња атичка и коринтска сликана керамика од 6. до 4. век п.н.е. Во доцната антика 3.-4. век, просторот околу изворот добил ново обѕидие од камен со малтер. Според податоците што ги дава Микулчиќ, населбата зафаќала простор од 10 ха, а исто така пронајдени биле внатрешни градби, како и бројни монети од 3. и 4. век.[229] Првиот план на градот го направил И. Микулчиќ, меѓутоа, на овој локалитет тој го убицирал градот Идомене.

[228] Fasolo M., Lilcik Adams V., 2023, статија во подготовка за печат
[229] Микулчиќ И., 1999, 20-22




*Сл. 21 . План на Исар Валандово А-Акропола, В-Град, според И.М.,преработен В.Л.А*

Денес, на неколку позиции е зачуван бедемот, односно јужниот ѕид на акрополот, кој на места достигнува и до 4-5 м висинска зачуваност и дебелина околу 2 м. Бедемот бил направен од камен, варов малтер во техника – емплектон, а потекнува од 6. век. На него се гледаат остатоци од неколку масивни кули. Просторот што го обградува овој бедем е една остра тераса со правец на протегање североисток - југозапад. Теренот е каменест и обраснат со ниска вегетација (прнар), на кој се среќава садова и градежна керамика од различни периоди. И. Микулчиќ, смета дека се работи за селска населба која изникнала врз урнатините на еден доцноантички град и се засолнувала зад неговите ѕидови. Во доцниот среден век, Алавандово е средиште на регионот Бојмија. На планинскиот

срт, 200 метри северозападно од акрополата била изградена осамена кула - стража, со поглед кон долината на Вардар.

Додека дебатата околу локацијата на античкиот град Добер останува нерешена меѓу истражувачите, очигледно е дека повеќекратните перспективи и толкувања придонесуваат за сложеноста на оваа историска загатка. Последните теренски истражувања и појавата на нови докази, нудат ветувачки сознанија и убедлива перспектива за локацијата на античкиот Добер, но потребни се понатамошни систематски истражувања. Додека постојат различни перспективи, интеграцијата на ова ново истражување ја нагласува важноста да се остане со отворен ум и прилагодлив во научниот дискурс.



*Сл. 22 . Монета на Јулија Меза(224 н.е.), Исар Валандово, ФЗФ, В.Л.А*

## 7.5. СТЕНАЕ -STENAS

Терминот *Стенае,* како што кажавме погоре во текстот се однесува на карпестиот теснец низ кој реката Вардар го пробила својот тек, (што во средниот век бил наречен Просек, а по турските освојувања на Македонија бил наречен Демир Капија), а не и за име на античкиот град што се наоѓа на локалитетот Клисурско Маало/Бања/Болница, Демир Капија. Сепак, изворите не даваат никакви податоци дека постоел град со тоа име, поради тоа е прифатен како назив за теснецот кој се користел во итинерариите.[230] Археолошките наоди неспорно укажуваат на постоење на град на ова место.

Демиркаписката Клисура има извонредно значајна стратегиска позиција. Таа е последна природна препрека на стариот Вардарски пат, по која тој продолжувал кон питомите предели на долновардарската долина кон Солун. Тука, во клисурата, неколку тврдини ја контролирале неговата главна траса всечена во карпите над коритото на Вардар и страничните траси кои се пробивале по околните карпести ридови за кои ке стане збор во следното поглавје. Тука, минувала и природната граница помеѓу античката македонска држава, Амфакситида под Аргеадите на југ и Пајонија, северно од неа.

Австрискиот патеписец Хан, во средината на минатиот век забележал дека патот бил бочно всечен во карпата бидејки карпите се издигаат, речиси вертикално од двете страни на реката не оставајќи простор ниту за обичен пат покрај реката.[231]

Карл Халд, забележал дека јужно од Стоби навлегувајки во Железната Порта каде што водел пат во античко време каде сведочеле

[230] Папазоглу Ф. 1957, 242
[231] Микулчиќ И., 1999, 176

два натписа за германскиот пробив за пат низ карпата, Хан пронашол урнатини на антички град, овде.[232] И самиот тој забележал археолошки наоди и видливи надгробни споменици и гробови,[233] заклучувајќи дека тука постоел град Стенас со стратегиска вредност, каде преостанатите остатоци биле отстранети од нивниот првичен контекст и разнесени по околните села. Истото го забележал и Никола Вулиќ.[234]

*На десниот брег на Бошава, многу блиску до железничката пруга, биле пронајдени римски гробови додека ги копале темелите на новата железничка болница. Во еден од нив, што се состоел од тенки мермерни плочи, била пронајдена глинена количка, која секако била играчка со дете закопано таму, и неколку римски монети, од кои најмладата му припагала на Антонин Пиј. Според пријавата од жандармерискиот наредник на Клисура, на истото место била пронајдена и монета на Александар Македонски.*[235]

Првите археолошки истражувања на локалитетите во Демир Капија започнале во текот на Првата светска војна, од страна на германски проучувачи. Во периодот 1939-1940 година, при проширување на патот, пред клисурата се раскопани богати раноантички гробови со скапоцени прилози. На локалитетот Варници биле откриени сликани вази со хеленско потекло, златен и сребрен накит и една ваза од 5. век пред н.е. од ателјето на атинскиот сликар Мидија.[236]

По Втората светска војна, биле истражени повеќе локалитети што датираат од праисторијата, па сè до средниот век. Биле вршени заштитни, сондажни и систематски истражувања, од страна на Народниот музеј, подоцна Археолошки музеј во Скопје, во периодот од 1947-1948 до 1950-1952 година. Во овој период, пронајдени се вредни наоди, меѓу кој и е гроб со бели лекити, специфични гробни вази кои биле карактеристични,

[232] Hald K., 1917, 54
[233] Hald K., 1917, 56
[234] Vulic N., 1938, 8
[235] Vulic N., 1938, 8
[236] Микулчиќ И., 1999, 179, Микулчиќ И., 1989, 66

исклучително кај Атињаните.[237] Токму овие наоди, му послужиле на Иван Микулчиќ да претпостави егзистенција на Атинска колонија на просторот на карпата *Пештера* над ритчето *Манастир.*

Истражувањата до 1950 година биле од сондажен карактер, додека во 1951 и 1952 година, се од систематски карактер. Раководител на истражувањата е Душанка Вучковиќ Тодоровиќ, а во тимот биле вклучени Блага Алексова, Јосип Корошец, Паола Корошец, Јоже Каштелиц, Невенка Петровиќ-Спремо, Миодраг Грбиќ, Димче Коцо, Петар Лисичар, Константин Петров, Крум Томовски, Гордана Цветковиќ-Томашевиќ, Ивица Дегмеџиќ, физичкиот антрополог Стане Доленец и други.[238] Дури во 80-тите години на минатиот век, снимени се сите наоѓалишта констатирани се повеќе од 20 локалитети во овој реон и протолкувани во констекст на откриените површински наоди и градбите од предходните ископувања,[239] со рекогносцирањата изведени во рамки на научниот проект „Стари градови и тврдини во Средното Повардарје“ (под раководство на проф д-р И. Микулчиќ, активно учество на В. Лилчиќ, Н. Чаудисис и други колеги).

Професор д-р Марјан Јованов во 2008 година, на локалитетот Грамаѓе, во атарот на селото Корешница открил гробница од архајско време,[240] истражувањето подоцна е продолжено со теренските истражувања на регионот во рамки на проектот *Комплекс Демир Капија – Корешница*.[241] Во последната деценија се истражувани неколку локалитети во Демир Капија, меѓу кои Болница, под раководство на Киро Ангелов во 2010 година, и на проф. д-р Антонио Јакимовски во 2011 година, пештерата Змејовец, под раководство на проф. д-р Марјан Јованов во 2013 година и од страна на О. Петров. во повеќе наврати се истражувани

[237] Микулчиќ И., 1999, 179
[238] Петров О. 2021, 14-15
[239] Микулчиќ И., 1989, 67
[240] Јованов М., 2009, 15
[241] Во 2008 година, проф. В. Лилчиќ врши сондажни археолошки истражувања на локалитетот Маркова Кула-Корешница.

неколку локалитети и тоа: Кале-Стрезов Град-Челевец (2015-2018, 2020), Маркова Кула (2016) и Црквиште-Корешница (2016).[242]

Античкиот град Стена се наоѓа на просторот на ***Клисурско Маало/Бања/ Болница, Демир Капија***, што значи во аголот на вливот помеѓу реката Бошава и реката Вардар, а на површина од околу 10/11 хектари.[243] Првата планиметрија во литературата ја публикувал д–р Халд. Наредниот план на градот го изработил И. Микулчиќ. Третиот ревидиран план на градот го изработиле професорите В. Л. Адамс со А. Јакимовски, во 2023 година.




*Сл. 23. План на Демир Капија(Karl Hald)*

Градот се простирал на следниве катастарски парцели: 5036, 5037, 5038, 5039, 5040, 5041/1, 5041/2, 5042/1, 5042/2, 5043/1, 5043/2, 5043/3, 5044, 5045, 5046, 5047, 5048, 5050/3, 5051, 5052, 5053/1, 5053/1, 5055/2, 5053/3, 5053/4, 5053/6, 5053/7, 5059/1, 5059/2, 5060, 5061, 5062, 5063, 5064, 5065, 5066, 5067,

[242] Петров О., 2021, 16
[243] Лилчиќ-Адамс В, 2022, 300

5083, 5084, 5085, 5086, 5087, 5088, 5089, 5091, 5092, 5094, 5095, 5096, 5106, 5108, 5109, 5111, 5112, 5125, 5126, 5127/1, 5127/2, 5128/1, 5128/2, 5129, 5130, 5131/1, 5131/3, 5132/1, 5132/2, 5133/1, 5133/2, 5133/3, 5134, 5135, 5136, 5137, 5138/1, 5138/2, 5138/3, 5139, 5140/1, 5140/2, 5141, 5142/1, 5142/2, 5143, 5144, 5145, 5146, 5147, 5148/1, 5149/1, 5149/35150/1, 5150/2, 5151/1, 5151/2, 5153, 5154, 5155, 5156, 5157, 5159/1, 5160/1, 5160/2, 5160/3, 5161/1, 5161/2, 5161/3, 5161/7, 5162, 5163, 5164, 5165, 5168, 5170, 5601, 5609, 5633, КО Демир Капија.[244]

Професор Блага Алексова, на просторот пред тунелот констатирала пајонска населба во која биле пронајдени голем број на бронзени садови.[245]

Врз основа на топографските снимања и на откриените наоди е констатирано дека во предримскиот период главната градска населба во клисурата била лоцирана на возвишението „Манастир-Пештера",[246] при што на околните ридови во разни периоди се наоѓале и други пунктови за живеење. Гробовите од оваа најстара населба биле вкопани во северозападното подножје на ридот Манастир и потез „Варница", а со време се ширеле натаму на запад, во долг појас крај Вардарскиот пат, до денешен Специјалниот завод „Демир Капија".[247]

Во раноримскиот период, поради безбедноста, населението се преместило во рамнината пред клисурата, каде со извршените археолошки ископувања било потврдено дека куќите од доцното македонско и римско време лежеле врз постари пајонски гробови.[248] Градот бил опкружен со одбранбен ѕид и зафаќал површина од максимално можни 10 хектари.

---

[244] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 305, Fasolo M., Lilcik Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат. Охрид, Македонија: Лилчиќ-Адамс В., Фасоло М., Јакимовски А, Тренески Г., Via Axia воантичката епоха, труд презентиран на XXVI симпозиум на Македонското археолошко друштво, во Охрид на 18-20 октомври 2023 година, статија во подготовка за печат.

[245] Алексова Б., 1966, 16

[246] Микулчиќ И., 1989, 68

[247] Микулчиќ И., 1989, 68

[248] Микулчиќ И., 1999, 180

Во литературата се споменати монети откривани на просторот на Клисурско Маало, Демир Капија на македонските кралеви: Филип II, Антигон Гонат, автономна Македонија под Филип V и Персеј, како и монета на Персеј, но не е јасно дали монетите се откриени на просторот на градот на Клисурско Маало или на источниот раб на Клисурско Маало, околу ритчето Манастир и на падините на Долот Постралец и локалитетот Пештера.[249]

Кај неговото западно и југозападно предградие биле откопани гробови од 2.-4. век од н.е. Со ископувања вршени во текот на Првата светска војна бил констатиран и антички градски водовод. Во наредните децении, на северозападниот крај на населбата се откриени делови од мермерни украси на еден храм, повеќе надгробни споменици, мермерна скулптура. На 3 км северозападно од античкиот град, на самиот Вардарски пат, биле откриени статуи и релјефни икони кои што сведочат постоењето на светилиште со храм на Диоскурите и Артемида.[250]

Откриените натписи од 2. и 3. век од н.е. покажуваат дека во ова време градот имал карактер на град – полис. Меѓу нив е и еден камен миљоказ од времето на Константин I (ран 4. век) на кој стои само ознаката „πόλις" за кој што Б. Алексова мисли дека подигнатиот миљоказ го обележувал патот што доаѓал од градот Антигонеа.[251]

Објекти од доцната антика и рановизантиското време се распоредени на повеќе локации во клисурата, од обете страни на реката Вардар.

Се претпоставува, дека во доцноримскиот период, јадрото на градот повторно се преселило, на многу посигурна локација на високите карпи од спротивниот брег на Вардар, на локалитетот Марков град, Корешница, каде носел ново име: Мирополес. Тука биле пронајдени монети од Трајан Дециј, Галиен, Максимијан II и Константин I,[252] монети од 4. и од 5. век на Грацијан, Теодосиј I, Хонориј, Аркадиј, Теодосиј II, Леон.[253]

[249] Лилчиќ Адамс В, 2022, 300
[250] Микулчиќ И., 1999, 181
[251] Алексова Б., 1966, 17
[252] Микулчиќ И., 1989, 68
[253] Микулчиќ И., 1989, 70

Населбата на Марков Град, Корешница се простирала на карпестиот рид што поседува благо наведнато плато кон запад, се простирала на површина од 14 ха. На неговата северозападна падина лежи пониска тераса Црквиште, високо над Вардар каде се откриени гробови на некрополата. Акрополата има трапезоидна форма, со големина 110 х 110 (60) метри. Со зидани ѕидови од кршен варовник без малтер, широки околу 2 метри и повлечени во прави потези. Тука се најдени и монети на Јустинијан I, што зборува дека тврдината била користена до крајот на антиката.[254] Според подвижните наоди и остатоците од бедемот, тој бил населен уште во раната антика и хеленистичкиот период. Во доцната антика, тука прво се оформило засолниште, а подоцна и цивилна населба, чиј живот е потврден преку монети од 4. до 6. век.

На старата локација животот не запрел до крај. На периферијата на некогашниот град кај „Црквиште" и „Манастир", биле изградени две ранохријански базилики.[255] Базиликите биле лоцирани покрај некогашната римска населба и трасата на некогашниот пат. Обете се трикорабни, со нартекс и странични анекси. Зачувана е само основата на ѕидовите, без елементите на декоративната пластика.

Околу базликата во „Манастир", чиј источен дел е сосем уништен, била оформена некропола. Над централниот кораб од базиликата во „Црквиште", во Средниот век била изградена црква околу коа израснала средновековна некропола.

Клисурата повторно постанала клучен стратегиски пункт, поради што во 6. век, на речиси сите околни ридови биле изградени нови или биле обновени старите тврдини. Главната тврдина била лоцирана на карпестиот рид „Челевечко Кале" атар на селото Челевец, со помошни тврдини на локалитетите „Кула" и „Маркова Кула". А, била изградена и тврдина на спротивниот брег од Вардар на карпите над долот

[254] Микулчиќ И., 1989, 71
[255] Микулчиќ И., 1989, 69-70

„Постралец", а истата и натаму ги контролирала патните премини. На двата рида покрај Челевечка река, вгнезден во старите тврдини, израснал средновековниот град Просек.

Накусо, ја опишав античката Демир Капија/Stenas (на Појтингеровата карта), која што очигледно претставува една комплексна археолошка целина што егзистирала уште од неолитот и железното време, преку сите периоди на антиката и средниот век, па сè до современата населба денес. Таквиот комплекс локалитети, претставува уникатен прозорец во еволуцијата на човечката цивилизација низ изминатите милениуми. Служи како доказ за генијалноста, издржливоста и културната разновидност на луѓето кои живееле тука. Како чувари на ова богато наследство, императив е да продолжиме да ги поддржуваме истражувањата, напорите за зачувување за да се осигураме дека овие непроценливи богатства ќе траат со вековите што доаѓаат.




*Сл. 24. Монети од збирката на Н.Шелдаров(бр.369,388,415,521,654), Клисурско Маало,Демир Капија*

## 7.6. АНТИГОНЕА -ANTIGONEA

Во минатото, многумина истражувачи предлагале лоцирање на Антигонеа на разни локалитети во териториите на Неготино, Кавадарци, Тремник, Војшанци и крај Демир Капија, по претпоставки земени само од Tabula Peutingeriana. Во историските извори нема многу податоци за овој град, споменат е кај Тит Ливиј како пајонски град, заедно со Билазора наведувајки ја како град некаде на Аксиј.[256] Се споменува и во изворите кај Плиниј, и кај Птоломеј кој ја лоцира во Мигдонија.[257] Освен оваа Антогонеа, античките писатели спомнуваат уште два града со исто име во Македонија, од кој едната Антигонеа во областа Мигдонија, јужно од Солун и другата Антигонеа во денешната јужна Албанија,[258] што довело до забуна кај многу истражувачи.

Според некои историчари, тој бил еден од трите истоимени града, основани од страна на македонскиот крал Антигон Гонат. Н. Шелдаров и В. Л. Адамс наведуваат можност името Антигонеа, било креирано од страна на македонскиот крал Филип V, во чест на неговиот чичко Антигон III Досон.[259]

Н. Вулиќ, врз основа на некои археолошки наоди и остатоци на теренот, констатирал дека градот Антигонеа, се наоѓа кај селото Тремник, Неготино.[260] Истото мислење го делела и Ф. Папазоглу.[261]

[256] Papazoglu F., 1957, 232
[257] Papazoglu F., 1957, 241
[258] Микулчиќ И., 1984, 112
[259] Лилчиќ-Адамс В. Шелдаров Н., 1994, 97
[260] Vulic N., 1938, 4
[261] Papazoglu F., 1957, 241-242

Б. Јосифовска во Tabula Imperii romani, споменала остатоците од населба кај Тремник или кај Војшанци.[262]

И. Микулчиќ, кој изработил посебна студија за убикација на античкиот град Антигонеа, го отфрлил мислењето на Вулиќ, сметајќи дека не е реално Антогонеа да се наоѓа на местото на една безимена населба кај Тремник,[263] ниту пак кај Војшанци, бидејки обележаните милји на Табула Појтенгериана не соодвестуваат со овие две локации.[264] Тој дошол до заклучок дека населбата кај Тремник имала многу пократок живот, била формирана како мала земјоделска населба, со селски обележја, без намера да прерасне во град која немала вистинска фортификација, туку имала подѕидие на периметарот и терасите, кои ја штителе од помали опасности. Во ранoримско време, животот од населбата се преместил од платото кон долната населба која била снабдена со истечна вода.[265] Додека пак, за населбата кај Војшинци вели дека е *укрепена населба од хеленистичко време*, скромна, без позначајни наоди која продолжила да живее и во ранoримско време.[266] Микулчиќ го убицира градот Антигонеа на позицијата на „Градиште" кај Неготино. Иако, на локалитетот „Градиште" досега не е откриен никаков натпис од овој локалитет кој што би го потврдил ваквото тврдење, многумина истражувачи сметаат дека се работи за античкиот град Антигонеа.

Меѓу првите истражувачи на овие простори бил Н. Вулиќ, кој во првата половина на 20-тиот век извршил рекогносцирање на регионот, веројатно пред сè мотивирано од неговата пасионирана потрага по епиграфски натписи.

Во јули 1958 година, било реализирано археолошкото рекогносцирање на Источна Македонија во кое што била опфатена и долината на Вардар, од страна на екипи од Археолошкиот музеј во Скопје,

---

[262] Dragojevic-Josifovska B., 1976, 15-16
[263] Микулчиќ И., 1999, 174
[264] Микулчиќ И., 1984, 118
[265] Микулчиќ И., 1984, 132
[266] Микулчиќ И., 1984, 134-135

со учество на Апостол Керамитчиев со Мехмед Мехмедовски, при што биле опфатени локалитети кај Неготино, Долни Дисан, Вешје и Тремник.

Подоцна, при градежни работи на циглана во 1960 година, каде што биле извадени и разурнати неколку гробови, откриени се огромен број на искршени керамички садови вази, главно сивопечена локална продукција со хеленизирани форми, од 5. и 4. век од п.н.е., што претставуваат први наоди од овој локалитет.

Во тој период, овој локалитет припаѓал под надлежност на Музејот од Велес и од нивна страна биле извршени првите стручни прибирања на податоци од овој локалитет. Во текот на 1982 и 1983 година, И. Микулчиќ изработил планиметрија на локалитетот.[267]

Антонио Јакимовски, во својата докторска дисертација, го опфаќа Неготино со локалитетот Градиште. Во рамките на ова истражување, тој анализира 26 светилки што биле пронајдени на локалитетот Градиште, откриени пред 2008 година.[268]
Од 2009 до 2011 година, се вршат ископувања во склоп на меѓународен проект во соработка со Институтот за класични и ориентални студии од Валенсија – Шпанија.[269]

Во последниве години, на локалитетот Градиште, археолошки сондажни истражувања се спроведуваат од страна на тим од Археолошкиот музеј на Македонија, под водство на м-р Горан Санев. Ова истражување е дел од долгогодишен проект кој повеќе години се реализира во соработка со тимови од Универзитетот од Гдањск во Полска, како и музејот во градот Неготино. [270]

В. Лилчиќ-Адамс, во неговата докторска дисертација публикувана под насловот: *Македонскиот камен за боговите, христијаните и за живот по животот* обработувајќи ја камената архитектонска пластика во

[267] Микулчиќ И., 1984, 119
[268] Јакимовски А., 2012, 6
[269] Bitrak S. & Sekunda N. V, 2015, 345
[270] Bitrak S. & Sekunda N. V, 2015, 345

Македонија, публикувал локалитети во атарите селата Тремник, Долни и Горни Дисан како и селото Вешје.[271]

Локалитетот ***'Градиште',*** се наоѓа на самиот североисточен раб на градот Неготино, на околу 2 км, североисточно од центарот на Неготино, на доминантен ридот што се издига меѓу коритото на Вардар и современиот автопат. Поставен на врвот од ридот, на висина од 80 м над реката, градот доминирал над некогашниот пат што водел по Вардарската долина. Локалитетот ги опфаќа следниве катастарски парцели: 1076, 1075, 1073, КО Неготино.

Работ околу платото на локалитетот Градиште е остар, бил зајакнат со одбранбени ѕидини. Стариот Вардарски пат (Стоби-Тесалоника) добро е запазен на локалитетот.[272]

Бедемот што бил изграден во вид на цврст малтерен ѕид, опфаќал површина од 260x166 м (3.3 ха). Раноантичкото обѕидие што било без малтер, било искористено во римско време, меѓутоа на одделни места било пломбирано однадвор со малтер. А во доцноантичко време било подигнато ново обѕидие (6-9 м зад постарото), каде камењата од стариот ѕид биле употребени за изградба на новиот ѕид, со 2 челни кули. На просторот, северно од кастелот се наоѓала неукрепената крајпатна населба, голема 4-5 ха.[273] Додека, северно од неа се наоѓале античките гробишта.

Остатоците на бедемот и површинските наоди покажуваат дека ридот бил населен кон крајот на Железното време. Се разликуваат III фази на живеење:

I. Прва фаза: населба на локалните Пајонци, од архајско и класично време.

II. Втора фаза: Антигонидска воена стратегиска база на македонските кралеви Филип V и Персеј. По нив, Римско републиканско упориште од 168-146 година, п.н.е. и понатаму.

---

[271] Лилчиќ В., 2001
[272] Микулчиќ И., 1984, 120
[273] Микулчиќ И., 1999, 378

III. Трета фаза: град во раниот и доцноримскиот период, од 1. до 6. век од нашата ера.[274]

Токму кај Градиште, Неготино на магистралниот Вардарски пат се приклучувал големиот локален пат што доаѓал од Витачево и Тиквешијата. Го сечел Вардарскиот пат и го преминувал Вардар, водејќи преку Серта кон источно-македонската магистрала (денес Куманово-Штип-Струмица-Солун).[275]

Во текот на раноримскиот период, оваа градска населба успевала да води чекор со моќниот соседен град Стоби. Во ова време, градот добил внатрешна урбана шема, предградие и обѕидие. Антигонеа е еден од ретките градови во овој дел на Македонија, кој по варварските наезди го обновил своето обзидие и продолжил да егзистира сѐ до 6. век.

Во непосредна близина на локалитетот постои наоѓалиште на квалитетна глина што се експлоатира и денес поради што се претпоставува дека една од најразвиените стопански дејност на градот било производството на керамички садови бидејќи биле откриени печки за керамика и садови во подножјето на ридот, како и голем број калапи за садови, за теракотни фигурини, светилки, уникатни печати на керамичките производи. Од бројните наодите од предримскиот период застапени се со увозни раноантички сликани керамички садови (5.-4. век, пред н.е.), големо количество на домашна сива керамика, од македонскиот раноантички период и раноантички и раноримски релјефно декорирани садови. Бројни се и раноримските амбалажни и кујнски форми, а ретка е доцноримската утилитарна грнчарија.[276] Исто така, биле пронајдени голем број монети (над 100), меѓу кои се застапени предримски примероци 2.-1. век и римски ковови од 4. и 6. век.

---

[274] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 305, Fasolo M., Lilcik Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат. Охрид, Македонија; Лилчиќ Адамс В., Фасоло М., Јакимовски А, Тренески Г., Via Axia во античката епоха, труд презентиран на XXVI симпозиум на Македонското археолошко друштво, во Охрид на 18-20 октомври 2023 година, статија во подготовка за печат

[275] Микулчиќ И., 1999, 172

[276] Микулчиќ И., 1984, 123

Од досега откриените монети, може да се констатира дека најраната фаза потврдена со монета е од 5. век п.н.е. и се работи за монета сребрен теробол кован во Акант и Потидаја.[277]

Во истражувачките кампањи, водени во 2009–2011, 2012 година и 2013-2017, при кои се публикувани извештаи за откриените монетни наоди на локалитетот, од страна на С. Битрак, Н. Секунда и В. Бриловски, доминираат монетите на македонските кралеви (Аминта III, Александар III, Касандар, Антигон Гонат (1 монета), Деметриј II (1 монета), Филип V и Персеј (околу 19 монети), како и повеќе примероци на монети на автономна Македонија, под Филип V и Персеј.[278]

Од римскиот период, застапени се монети на Гај Тамиј Публилиј (148–146) и Лукиј Фулкиниј (148–146),[279] како и доцноантички монети на римските императори Домицијан, Веспазијан, монети на ковницата Стоби, потоа на царевите Аврелијан од 3. век и Аркадиј.[280]

Според В. Лилчиќ-Адамс, концентрацијата на откриените монети на локалитетот Градиште, Неготино, датирани од времето на Филип V и Персеј, како и монетите на автономна Македонија под двата крала, на градовите Пела, Амфипол и Тесалоника, наспроти само една монета на Антигон Гонат, посочуваат на важноста што Филип V му го дал на овој град,[281] издигнат на десниот брег на Аксиј.

Сите досегашни наоди, посочуваат дека на локалитетот Градиште, Неготино лежел голем важен град, најверојатно Антигонеа.

[277] Bitrak S. & Sekunda N. V, 2017, 482
[278] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 308, Види каталог Bitrak S. & Sekunda N. V, 2015, 2017, 2018
[279] Bitrak S. & Sekunda N. V, 2017, 485
[280] Bitrak S.Sekunda & N. V, 2017, 493
[281] Лилчиќ-Адамс В,2022, 310




*Сл. 25. План на Градиште, Неготино (според И. Микулчиќ)*

## 7.7. СТОБИ –**Στόβοι**- *MUNICIPIUM STOBENSIUM*

Маркантните археолошки остатоци на античкиот град Стоби (Στόβοι), се наоѓаат на местото каде што реката Црна (Еригон) се влева во реката Вардар. Тој се наоѓал на крстосницата на античките патишта, од кои едниот е Via Axia, а другиот е Via Diagonalis, кој започнува од Хераклеа Линкестис и продолжува кон Стоби на исток и оттаму преку Пауталиа (Ќустендил) кон Сердика (Софија).

Првите историски извори во кои се споменува градот Стоби ги сретнуваме кај Ливиј. Тој пишувал за победата на Филип V над Дарданците во 197 година, пред н.е. во околината на градот Стоби. Во тој податок Стоби го нарекува стар град - vetus urbs, (Livy XXXIX, 53.16). Потоа, во 181 година пред н.е., се споменува како дел од војната против Медите, го споменува Стоби, во врска со поделбата на Македонија во 167 година,[282] при што според Ф. Папазоглу, влегува во состав на четвртата мерида.

Во првите години на римското владеење на овие простори, Стоби бил воена база, за подоцна од средината на 1. век п.н.е., населбата добила статус oppidum Stobi civium Romanorum.[283]

Фанула Папазоглу, смета дека градот, овој статус го добил во 43, односно 42 година п.н.е., пред да стане *municipium.*[284]

Античкиот град Стоби, бил откриен и идентификуван уште од првите патописци кои ги забележувале античките споменици на овие простори. За првпат го споменувааат Ј. Г. Фон Хан и Леон Азе, кои во 1850, односно во 1860 год. први го споменале постоењето на античкиот град на сливот на Црна Река во Вардар. Д-р Карл Халд го посочува Стоби како

[282] Hald K., 1917, 18; Папазоглу Ф. 1957, 235
[283] Папазоглу Ф., 1957, 241
[284] Папазоглу Ф., 1957, 235

главна спојница (крстосница) на патот Солун-Стоби, Хераклеа-Стоби, Сердика-Стоби и Скупи-Стоби, цитирајки го историскиот извор од Ливиј, кој вели дека третата провинција требало да биде формирана по наредба на Лукиј Емилиј Паул, син на конзулот Марко Емилиј Паул, кој починал во Кана, а отишол во Стоби.[285] Халд забележал и документирал *ѓрадски sug*[286] и неколку градби (храм, некропола, базиликата во Паликура, Гробјанска базилика, дел од Епископската базилика и други). Халд констатирал дека врз урнатините на стариот град Стоби бил подигнат нов град, изграден со материјалот од уништениот Стоби.

Во 1902, биле изведувани истражувања од страна на А. Премерштаин и Н. Вулиќ, кои по пронаоѓањето на неколку натписи, претпоставиле дека токму тука се наоѓаат остатоците од античкиот град Стоби. Но, сè до Првата светска војна и копањето ровови на германската војска во Епископската базилика, немало податоци за постоењето на грандиозни објекти.[287]
Првите систематски археолошки истражувања се извршени од страна на Народниот музеј Белград, во кои учесници биле Балдуин Сарија и Владимир Петковиќ до 1934 година, а од 1935 година, Јозо Петровиќ и Ѓорѓе Мано Зиси на археолошкиот локалитет Стоби во периодот од 1924 до 1940 година, кога биле истражени поголем број објекти - јавни градби, кои се познати на пошироката публика и до ден денес.[288]

Во периодот од 1970 до 1980 година, спроведени се археолошки контролни истражувања, од страна како проект на Национален Музеј од Титов Велес заедно со Универзитетот Тексас од Остин, каде на просторот југозападно од Југозападната порта откриени се 18 гробови кои се датираат од 1. до 4. век.[289]

[285] Hald K., 1917, 18
[286] Hald K., 1917, 19-20
[287] Микулчиќ И., 1999, 162, Петрова Е., 2018, 9
[288] Микулчиќ И., 2003, 10
[289] Петрова Е., 2018, 9

Истражувања биле вршени помеѓу 1955 и 1969 година, од страна на Археолошкиот Музеј од Скопје и Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, од истражувачки и заштитен карактер. Потоа, од 1970 до 1980 година, во Стоби се одвивал американско-југословенски проект, каде комплетно се доистражени објектите во Епископската базилика, Синагога Базиликата и Театарот. Во тие истражувања била откриен објектот на крстилницата, ранoримската Casa Romana, внатрешниот градски бедем, дел од Западната некропола и раната базилика, под Епископската. Од 80-тите години на 20. век, истражувања врши и Б. Алексова на раната црква под Епископската Базилика.[290] Во 1992 и 1995 г., биле извршени две големи заштитни ископувања на просторот на Западната некропола. Во периодот од 2000 до 2002 година е конзервиран и реставриран југозападниот бедем на градот. Конзерваторските работи се изведени од Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, а раководител бил м-р Зоран Георгиев.[291] Од 2000 година, од страна на Елеонора Петрова е отпочнат проект за истражување на предримско Стоби, со финансиска помош на USAID.

Во 2005 година, Националниот конзерваторски центар изведувал конзервација на Епископската базилика, Коцкарницата, Via Sacra, Полукружниот плоштад, Цивилната базилика, Палатата на Перистерија и Теодосијанската палата.

Од 2003 до 2008 година, со поддршка на CISS, Музејот на Македонија ја истражува „Градбата со арки“ која е работно наречена „Римски форум“. Раководител на проектот била археологот Мила Шурбановска.

Археолошките истражувања во 2008 година, беа изведени од Музејот на Македонија, под раководство на Силвана Блажевска. Во текот на следните години, вршени се континуирани истражувања, и во

[290] Алексова Б., 1985, 45
[291] Георгиев З., 2018, 30

последните години, според програмата на Националната установа Стоби опфатени се повеќе проекти, од кои некои се однесуваат на истражување и заштита на движното и недвижното културно наследство, додека останатите активности предвидуваат изработка на проекти и инфраструктурни зафати.[292] Првиот план на градот Стоби во литературата го публикувал Л. Азе,, а првата интерпретација на планиметријата на раноантичките културни хоризонти на градот Стоби во литературата ги обработил И. Микулчиќ.[293]

Античкиот град Стоби се наоѓа на локалитетот ***Пусшо Градско, Градско*** на 11,8 км северозападно од Антигонеа, локалитетот ги опфаќа следниве катастарски парцели: 844/1, 844/2, 845, 846, 847, 848, 849 850 и 865, КО Градско, со вкупна површина во рамките на оградата од 26.5 хектари. Археолошкиот локалитет Стоби е комплексна археолошка споменичка целина, со комбинирано архитектонско и археолошко културно наследство. Тој претставува урбана градска средина, со јавни градби со профан и сакрален карактер и резиденцијални објекти со богата архитектонска декорација, некрополи и огромен фонд на движно културно наследство.[294]

Во хронолошки поглед, просторот на античкиот град Стоби, може да се подели во три фази:

I. Првата фаза  населба од архајскиот период и раната антика (7.-1. век пред н.е.). Најстарите остатоци датираат од 7.–6. век, пред н.е., потоа следат неколку осамени наоди од 5. до 3. век, пред н.е.[295] Меѓутоа, посериозни наоди или пак архитектура од ова време, сѐ уште не се познати. Поголема активност е евидентирана во средниот македонски период (3.-2. век, пред н.е.) на просторот на северниот дел на највисоката

---

[292] http://www.stobi.mk/isk%D0%BEpuv%D0%B0nj%D0%B0/2020
[293] Лилчиќ-Адамс В, 2022, 310
[294] Блажевска С., 2021, 17
[295] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 310; Fasolo M., Lilcik Adams V., 2023, статија во подготовка за печат

тераса во Стоби и нејзината периферија кон југ и југоисток, каде според наодите се констатира дека некаков живот се одвивал на овој простор, во периодот на 2.-1. век, п.н.е.

И. Микулчиќ, ја лоцира предримската населба на северниот крај на терасата, опфатена со кривината на Вардар и стариот ракав на Црна. Од јужната страна била заштитена со прокопан ров, чиишто контури се уште се гледаат на теренот.[296] Тука, биле откриени делови од тесни улици и куќи, датирани со монети и други наоди во доцниот 3. и 2. век пред н.е. Тука, во Сектор 74 откриена и една монета, тетробол на пајонскиот крал Авдолеон.[297] Градот со големина 2.5 – 3 ха, кој бил издигнат врз пајонска постара населба потекнува од времето на обновата под Филип V. Со истражувањата биле откриени неколку монети на Филип V (3), Персеј (1) и Тесалоника, под Филип V и Персеј.[298]

Археолошките наоди, констатирани при ископувањата на локалитетот, упатуваат на постара населба на просторот на градот.[299] По окупирањето на Македонија од Римјаните во 168 година, Стоби станал центар за трговија со сол.

II. Втората фаза е римскиот период, кога градот Стоби бил утврден град (1.-6. век). Тоа бил периодот од римските освојувања до христијанизацијата на населението. Овој град бил оформен по колонизирање на војници, каде населението се ширело, а со тоа се проширил и градот. Согледуваме, со посредство на епиграфските споменици дека во Стоби се потврдени голем број доселеници од италско тло, но населението ги зачувало пајонските и македонските традиции, кои што биле прифаќани дури и од жителите кои биле потомци на доселениците.[300]

[296] Микулчиќ И., 1999, 162
[297] Јакимовски А.,2022, 229
[298] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 310
[299] Лилчиќ-Адамс В., 1995, 60, Петрова Е., 2018, 5
[300] Бабамова С., 2022, 402

Градот Стоби се протегал долж терасата 500 м од север кон југ, а со засипување на стариот речен ракав на Црна е добиен рамен терен широк 400 м, се до главното корито на Црна. Раноримскиот град почнал интензивно да се шири во 1. век и израснал во својот полн обем.[301] Градот, најпрво функционирал како *oppidum civium Romanorum*, во времето на Август, а потоа започнал да се развива. Во овој период, градот го достигнал својот максимум, при што го добил статусот *Municipium.* Подоцна, станал главен град на провинцијата Macedonia Secunda, главен трговски центар што е потвдено со натписи и со монетите[302] на ковницата во Стоби, која што работела се до императорот Каракала на почетокот од 3. век. Во близината на Стоби, се наоѓале значајни рудни ресурси како и антички мадеми за екстракција мермер. Од пронајдените натписи само дел се пишувани на латински, додека надгробните епитафи, главно се пишувани со старогрчко писмо и на старогрчки јазик.

Во периодот на раното и средното римско царство, Стоби доживеал висок економски подем. Градот во 1.-3. век имал римска урбана шема со две главни улици *(cardo maximusu decumanus maximus),* што се сечеле под прав агол и мрежа од останати улици паралелни со нив.[303]

Во тој период, настанале најрепрезентативните згради. Меѓу нив е најимпозантниот, а воедно и најстар објект во Стоби, монументалниот театар украсен со бел и црвеножилен мермер, изграден во 2. век од н.е. Тој бил сличен на старогрчките театри од постариот период. Во долниот дел од театарот имало 17 редови седишта, а во горниот 19. Првично, неговата намена била за изведување на драмски и музички претстави со капацитет за 7.638 гости.[304] Во втората половина на 3. век, театарот бил преадаптиран во гладијаторска арена во која што биле организирани борби, се до донесувањето на царскиот едикт на Константин I во 325 г., со кој се забранувале гладијаторските борби и борбите со животни, така што

[301] Микулчиќ И., 1999, 163; Петрова Е., 2018, 6
[302] Лилчиќ-Адамс В., 1995, 60; Микулчиќ И., 1999, 163
[303] Микулчиќ И., 1999, 163
[304] Петрова Е., 2018, 11

арените, како културно-забавни објекти, полека биле потполно напуштени кон крајот на 4. век.[305]

Други објекти од овој период се Градската порта со триумфален влез, Градска Вила, куќата наречена „Каса Романа", украсена со боени штукатури и со фрески. Потоа загадочната „Зграда со арки", наречена која што истражувачите М. Шурбановска и А. Јакимовски ја интерпретираа како градски форум на Стоби,[306] во чии многубројни ѕидни ниши стоеле позлатени мермерни статуи на божества, архитектонската и култната мермерна пластика, со врвна уметничка изработка од храмовите. Потоа, таканаречениот „Затвор", со засводени подрумски простории и оковани скелети од 6. век,[307] Полукружен Плоштад, Голема и Мала Бања, Градска Чешма, и други јавни згради.[308] Била изградена и синагога. Пронајдени се голем број бронзени и мермерни статуи, релјефни претстави со култни претстави на божества од грчко-римскиот пантеон, Аполон и Артемида, Асклепиј, Дионис, Немеза, Зевс, Тихе, Афродита, Хигиеја и Телесфор,[309] како и култот на императорот.

Според едни размислувања, продукција на монети од ковницата во Стоби траела од времето на Веспазијан (69-79) до Елегабал (218-222).[310]

Меѓутоа, според Перо Јосифовски, кој посветил посебно продлабочена студија на проблемот, продукцијата на римската монетарница Стоби се одвивала во рамките на четири периоди, и тоа: I. во време на династијата Флавиевци (императорите: Веспазијан, Тит и Домицијан); II. Во времето на императорот Трајан; III. Во време на императорот Марко Аврелија и императорката Фаустина Младата; и IV. Под династијата на Северите (главно императорите Септимиј Север, Јулија Домна, Гета и Каракала).[311]

---

305 Микулчиќ И., 1999, 167, Петрова Е., 2018, 11
306 Шурбаноска М. & Јакимовски А., 2011, 1-119
307 Петрова Е., 2018, 14
308 Георгиев З.,2018, 32
309 Лилчиќ-Адамс В., 1995, 60
310 Лилчиќ-Адамс В., 1995, 60, Микулчиќ И., 1999, 162
311Јосифовски П. 2001, види поглавје II Монетарницата во Стоби (73-217 год.), поконкретно потпоглавјето А. Карактеристики на монетоковањето, 36-49

Во 267/269 година, градот бил подложен на воено освојување и пустошење од Херулите и Готите. Градот се издигнал од пепелта по неговото разурнување, претворајќи се во обновен центар, чие урбано обликување одразува видоизменета архитектонска визија, од доцноантичкиот период. Овој нов пејзаж од источно-медитерански тип, прикажува неправилни квартови и големи куќи со внатрешни перистилни дворови, воедно украсени со фонтани и мозаични подови.

Во овој период биле изградени Куќите на колекционерот Партениј, на еврејскиот рабин Полихарм и на Перистерија, објектот наречен „Касино", што го добил ова име според мермерната табла во главната просторија, што можеби служела како маса за коцкање, и наодот на бронзен тас за фрлање коцки, како и неколку коцки пронајдени на подот, [312] „Епископската резиденција" и „Северна палата", заедно со јавната бања во центарот на градот, со улицата „Via Sacra" и со обновената фортификација.[313]

Една од најзначајните улици во градот што се протегала во правец исток-запад, била улицата Via Axia. Оваа улица, била истражена само во еден мал сегмент, и тоа на просторот од Куќата на Перистерија, Големата бања и Полихармовата палата.

[312] Петрова Е., 2018, 11
[313] Георгиев З.,2018, 32



*Сл. 26. Сегмент од Via Axia Стоби (НУ Стоби )*

Стоби станал влијателен град во текот на ранохристијанскиот период, како епископски црковен центар со важна улога во етаблирањето на новата државна религија. Веќе на првиот црковен концил во Никеја, во 325 година, присуствувал стобскиот епископ Будиј, а познати се уште петмина епископи, и тоа од изворите или од сочуваните натписи пронајдени во градот Стоби.[314] Откриени се четири ранохристијански цркви во градот и уште три надвор од неговите ѕидини. Кај повеќето цркви се среќаваат крстилници. Меѓу нив, најголема и најраскошна е базиликата на епископот Филип, од првата половина на 5. век, која што била изградена врз постара црква со две хронолошки фази.[315] Императорот Теодосиј I, кој престојувал во Стоби во 388 година, издал два едикти за регулирање на верските прашања. Во периодот од 4. до 6. век,

[314] Блажевска С. 2021, 20
[315] Георгиев З., 2018,32;Блажевска С. 2021, 20

границите на градот се намалиле. Сепак, ова повлекување и намалување на границите се случува само на источната, најниската тераса. Останатите линии на бедемот, најверојатно ја следат трасата на стариот бедем.[316]

Обновениот доцноантички град, во 5. век настрадал во хунските походи на Атила, а потоа и во походот на Остроготите на чело со водачот Теодорих во 479 година. Меѓу 482 и 535 година од н.е., Стоби бил главен град на новоформираната провинција Македонија Секунда.[317] Градот повторно е ревитализиран кон крајот на 5. век,[318] при што продолжил да живее сѐ до 6. век кога настрадал од земјотрес, но градбите биле поправени во текот на 520-тите години,[319] и продолжил да опстојува и понатаму без поранешните градски обележја, сѐ до продорите на Аварите и Словените во 6. век.

III. Третата фаза е населба со воен гарнизон во средниот век (9.-12. век од н.е.) По аварските продори во градот сепак дел од населението останува да живее по терасите од градот. Со поновите истражувања, спроведени во близина на храмот на Изида и околу Јужната порта заедно со бедемот, констатирани се слоеви со средновековен материјал, што означува дека животот во градот и по 6. век постоел, но истиот се одвивал со намален интензитет.

Последните историски извори во кои што се споменува името на градот, се однесуваат на победата на византискиот император Василиј II над воениот гарнизон сместен во Стоби, во 1014 година. Откриените слоеви укажуваат дека во текот на средновековниот период, на просторот на некогашниот град егзистирала мала населба, на ограничен простор во југоисточниот дел од градот околу Храмот на Изида и во коридорите на напуштениот Театар. Над остатоците од Цивилната и Централната

316 Микулчиќ И., 2003,44-46
317 Блажевска С., 2021, 20
318 Лилчиќ-Адамс В., 1995, 61
319 Блажевска С., 2021, 20

(Синагога) базилика е откриена мала некропола. Во следните векови градот Стоби паднал во заборав, сè до втората половина на 19. век, кога бил откриен.[320]

Античкиот град Стоби, кој е еден од најзачуваните маркантни локалитети во Македонија, како најголемиот град во северниот дел на римската провинција Македонија, подоцна главен град на провинцијата Македонија Секунда оставил силен белег во древното минато, а го предизвикува и плени вниманието во сегашноста.



*Сл. 27. Приказ на Стоби (НУ Стоби )*

[320] Блажевска С., 2021, 21

## 7.8. ГУРБИТА

Од античкиот град Стоби, на север, патот продолжувал кон Гурбита, што е убицирана на локалитетот „Градиште“ кај селото Згрополци. Во античките извори градот Гурбита се споменува само во Tabula Peutingeriana. Убикација за овој локалитет предложил И. Микулчиќ,[321] сметајки дека растојанието од 8 римски милји од Стоби до Гурбита, прикажано на Табула Појтенгериана, одговара со положбата на овој локалитет.

Иако, K. Miller станицата Gurbita ја поставил на местоположбата кај селото Ногаевци (Градско), според археолошките истражувања и наоди, станицата/населбата Гурбита, В. Лилчиќ-Адамс и А. Јакимовски ја потврдуват тезата на И. Микулчиќ за нејзината локација, токму на локалитетот Градиште, село Згрополци.[322]

Прво археолошко рекогносцирање и истражување на овој локалитет вршел И. Микулчиќ, кој ја направил засега единствената планиметрија на градот. Локалитетот е истражуван во неколку археолошки кампањи во текот на изминативе години (истражувања 2008, 2009, 2011, 2012 и 2014 година) и притоа најголемиот дел од истражувањата се фокусирани на некрополата која се одликува со исклучителни и разновидни гробни форми и богати гробни прилози што ја отсликуваат локалната продукција, но има и примероци импортирани од големите

[321] Микулчиќ И., 1999, 152-153
[322] Lilčić-Adams V &Jakimovski A., 2024 (статија во печат).

центри на Медитеранот, особено центрите на денешна северна Грција како што се Пела и други градски центри.[323]

Во 2017 година, изведени се археолошки истражувања на просторот на Акрополата од страна на ЛУ Народен музеј - Велес во склоп на проектот „Археолошко истражување на локалитетот Кале/Градиште с. Згрополци“ - финансиран од страна на Министерството за култура во рамките на Годишната програма за оставарување на национален интерес - музејска дејност за 2017 година.

Со овие истражувања, откриени се 9 гробни целини и доистражени уште две гробни целини. Новоткриени гробови претставуваат гробни целини со монументални димензии (2,80 – 1,90 м) и припаѓаат на типот на гробови со правоаголна основа градени во техника на сувоѕид. Гробовите се поставени во низа со исти димензии, во однос на должината, но различни димензии, во однос на ширината. Од пронајдените наоди најбројни се керамички садови, стаклени садови и монети кои датираат од доцнохеленистичкиот период и првите векови од римското владеење на овие простори.

В. Лилчиќ-Адамс, го истражувал регионот, во рамките на теренските истражувања на проектот Археолошко рекогносцирање на старите градови и тврдини во сливовите на реките Вардар, Дрим и Струмешница 2023.

Античкиот град Гурбита се наоѓа на локалитетот ***„Градиште” с. Згрополци*** на 180 м, западно од коритото на Вардар, 100 м, северно од коритото на Скачинска река и на 223 м, југозападно од устието на

[323] Види: Извештај за работата на Локалната установа Народен музеј - Велес за 2017 година од февруари 2018 година

Скачинска Река во Вардар. Локалитетот ги опфаќа следниве катастарски парцели:33/12, 33/36/, 33/39, КО Згрополци.[324]

Локалитетот претставува карпеста тераса на која долгата источна страна паѓа вертикално во старото речно корито на реката Вардар, додека останатите падини се поблаги. Зарамнетиот врв е најлесно пристапен од запад, преку широко седло. Околу работ се надзираат остатоци од одбранбен ѕид, граден од кршен камен,[325] а однатре насипан со земја. Бедемот зафаќал површина од 7 ха. На највисоката позиција стоела акрополата каде се гледаат остатоци од станбени објекти, а северно и јужно од неа биле оформени станбени тераси кои датираат 3.-4. век п.н.е.[326] Во овој период немало урбанизирани структури.

Се разликуваат две фази на живеење, од кои, првата фаза е Антигонидско утврдување (3.-2. век п. н.е.), додека втората фаза датира од раниот и доцноримски период (1.-4. век).

На западниот крај од локалитетот е констатирана некропола од предримски и римски период, истражувана во 1988 година, пред пробивањето на новата траса од автопатот Велес-Градско. Со градежните работи бил загрозен јужниот дел на населбата и некрополата западно од неа. Остатоците упатуваат на постоење на предримско гратче, обновено во римскиот период.

Најстарите пронајдени наоди датираат 8.-7. и 5.-4. век, п.н.е , додека пак во доцниот 3.-1. век п.н.е., следи подем на градот кој го достигнал максималниот обем.

Низ римскиот царски период Гурбита стагнира и потоа запустува, што е потврдено со ископување на околу 60 гробови од Средниот Македонски период (3.-2. век п.н.е.) познат низ литературата како ран и

---

324 Fasolo M., Lilcik Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат. Охрид, Македонија: Лилчиќ-Адамс В., Фасоло М., Јакимовски А, Тренески Г., Via Axia воантичката епоха, труд презентиран на XXVI симпозиум на Македонското археолошко друштво, во Охрид на 18-20 октомври 2023 година, статија во подготовка за печат

325 Mikulčić, I., 2002, 443

326 Микулчиќ И., 1999, 153

среден хеленистички, потоа раниот и доцниот римски период, во кои што биле пронајдени монети, теракоти, светилки, доцноримска керамика и др.[327]

Во литературата се забележани пронајдени монети на македонските кралеви Антигон Гонат, потоа монети на градовите: Амфипол, Ботиаја, Пела, Тесалоника, автономна Македонија од времето на Филип V и Персеј, потоа на Персеј, потоа на квесторот Ајсилас (93-60) и ковницата Стоби.[328] Н. Шелдаров, забележал наоди на монети на: Амфипол (187/6-168/7), Ботиаја (187/6-168/7), Пела (187/6-168/7), ковницата Стоби (171-180) под Марко Аврелиј (161-180), и под Фаустина Млада (по 175), Тесалоника (187/6-168/7), Филип V, Персеј, Автономна Македонија (187/6-168/7), и споменатиот римски квестор Ајсилас (ок. 93-60).[329]




*Сл. 28. План на Гурбита, Градиште Згрополци (И. Микулчиќ)*

[327] Mikulčić, I., 2002, 443
[328] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 311
[329] Шелдаров Н., 2003, броевите: 25-26, 43, 59, 62, 106-7, 120-2, 185, 195, 245, 249, 273, 528, 622, 656, 687, 723

Бројот на гробовите од римско-царскиот период е сосем мал, а скромните наоди во нив го одразуваат стопанското пропаѓање на населбата.[330] Последната монета позната пронајдена на овој локалитет му припаѓа на Марко Аврелиј (161-180).[331]

Причината за настанокот на градот Гурбита, В. Лилчиќ-Адамс, ја поврзува со релацијата со локалитетот Градиште, село Кочилари, на левиот брег на Вардар, и убицирањето на античкиот град Алмана на овој локалитет, каде што според него, токму на просторот помеѓу двата града била преминувана - пребродувана пеш, реката Вардар.[332]




*Сл. 29. Поглед на Градиште, Згрополци-Гурбита и Градиште, Кочилари-Алмана, од југ (В.Л.А.)*

[330] Микулчиќ И., 1999, 153-154
[331] Лилчиќ-Адамс В., 1998, 39
[332] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 311

Античкиот град Гурбита, сместен рамките на археолошкиот локалитет „Градиште“ Згрополци, стои како волшебна енигма којашто чека да биде целосно откриена. И покрај отсуството на натписи што го потврдуваат неговото име, откриените наоди од овој локалитет даваат живописна слика на овој град на античката цивилизација, од предримско и римско време во долината на прекрасната река Вардар.

Понатамошните истражувања на овој локалитет треба да придонесат за откривање на слоевите на историјата вградени во нејзините урнатини, повикувајќи не да навлеземе подлабоко во нејзината историја и да ги откриеме тајните што ги чува.



*Сл. 30. Монети пронајдени на локалитетот Градиште, Згрополци-Гурбита*

## 7.9. БИЛАЗОРА-BYLAZORA- AD CEPHALON

Древниот пајонски град Билазора, со децении ги предизвикува археолозите и историчарите. Со убицирање на овој град се занимавале многумина научни истражувачи и порано, но и денес. Античкиот град Билазора споменат од историчарите Полибиј и Тит Ливиј, се памети како еден од најголемите градови во Пајонија. Полибиј го споменува освојувањето на античкиот град Билазора од страна на македонскиот крал Филип V, тој запишал еден пасус во кој ја споменува причината поради која македонскиот крал Филип V го освоил градот Билазора во Пајонија. Имено, овој град се наоѓал токму на патните приоди по кои Дарданците навлегувале во Македонија/Пајонија. Според Полибиј:

> *Во истo време кралот Филип го освоил Билазора, великиот (прочуениот / славниот/ најистурениот) пајонски град, поволно сместен за упадите од Дарданија во Македонија. Со неговото освојување, речиси се ослободил од дарданската опасност, бидејќи Дарданците повеќе не можеле толку лесно да упаѓаат во Македонија, откога Филип го освоил споменатиот град а со него и приодите кон Македонија.*[333]

Според тоа, се споменува и дека Билазора имала погодна положба на самиот влез од Дарданија и Македонија, односно Пајонија, така што Филип V, откако ја освоил во 217 година, ја обезбедил границата од упадите на Дарданците. Изворите посочуваат дека Билазора останала во македонски раце, сѐ до доаѓањето на Римјаните. Освојувањето на

[333] Pol. V, 97

Билазора било несомнено доста голем настан што го привлекло вниманието на Полибиј да ја спомнува во врска со политичките настани во овие краеви во 217 и 168 година, п.н.е.[334]

Ливиј зборува за подготовките на кралот Персеј, за последната голема војна помеѓу Македонија и Рим, кога во 168 година Персеј им наредил на галските трупи, кои ги повикал на помош, да дојдат во Билазора.[335] Градот Билазора уште еднаш се споменува, од страна на историчарот Тит Ливиј, но овој пат во контекст со уште еден град, Алмана, кој се наоѓал на реката Аксиј.[336] (Liv. XLIV, 26,8), што значи и спрема Ливиј градот Билазора се наоѓал некаде на Вардар. Тоа е последното спомнување на овој пајонски град.

Билазора не е спомената понатаму, ниту во итинерарите, што укажува на тоа дека во римскиот период градот, можеби престанал да постои или пак според Ф. Папазоглу, можеби дури и целосно исчезнал, а нејговата територија била припоена кон територија на друг соседен град.[337]

Во постарата стручна литература за овој град е предлагана локација кај денешен Велес. Ф. Папазоглу, изнела мислење дека во самиот Велес, како и во селата од неговата непосредна и понатамошна околина, пронајдени се многу епиграфски споменици од римско време, што покажуваат колку густо бил населен овој простор во тоа време. Сите натписи се на старогрчки јазик, а областа на Велес претставува најсеверната точка на допир меѓу јужно медитеранската културна сфера и долината на Аксиј.[338] Таа го наведува градот Билазора кај Велес како најсеверна точка на Пајонија во Повардариета.

Убикацијата на Билазора, кај светиниколското село Кнежје прв ја направил И. Микулчиќ.[339] Со теренски и кабинетски проучувања во 1974 и

---

[334] Микулчиќ И., 1976, 150
[335] Папазоглу Ф. 1957, 232
[336] Папазоглу Ф. 1957, 5
[337] Папазоглу Ф., 1957, 232
[338] Папазоглу Ф., 1957, 232
[339] Микулчиќ И., 1976, 163

1975 година, И. Микулчик дошол до констатација дека Билазора се наоѓала на локалитетот Градиште кај селото Кнежје, недалеку од Свети Николе. Тој заклучува, според наодите дека градот постоел до раниот 2. век, п.н.е земајќи ги како доказ за уништувањето на Градиштето во Кнежје, како и големината на градот кој изнесувал речиси 20 хектари, која била поголема од другите градови и гратчиња од тоа време кај нас, ја убицира на Билазора на ***Градиште кај селото Кнежје***.[340]

Локалитетот Градиште кај Кнежје лежи на западниот раб на Овчеполската рамница, на една периферна тераса висока 50-60 м, над полето. Централниот дел на населбата претставува овално плато, наведнато кон север и по средина издлабено со неколку длабоки поројни бразди. На работ на плато се наоѓа одбранбен ѕид, изграден од земја и камен. Од подигнатиот ѕид нареден од делкани камени блокови, дел од нив селаните од Кнежје ги употребувале како градежен материјал, каде денес во селото можат да се видат многу стотини вакви блокови, а покрај нив и камени корита и рачни мелници, потоа големи керамички питоси и други предмети ископани на Градиштето. Неколку камени релјефи и градежни украси потекнуваат, несомнено од еден храм, што датира од 5.-4. век, п.н.е.[341] На локалитетот, освен цистерни за вода, камени мелници за руда, биле откриени и други бројни наоди, како и македонски монети од 2.-1. век, п.н.е, како и гробови со теракоти и друго. Притоа, И. Микулчиќ заклучува дека градот бил напуштен по освојувањето од страна на Филип V. [342]

Првите археолошки ископувања на локалитетот Градиште - Кнежје се изведени во 1970 и 1980 година, со сондирања на одделни различни позиции, на целиот простор на локалитетот, изведени од страна на Горица и Иван Микулчиќ, кои констатирале насекаде населбински слоеви, со материјал главно од раната антика.[343] Во текот на последните

[340] Микулчиќ И., 1976, 163-164
[341] Микулчиќ И., 1999, 151
[342] Микулчиќ И., 1999, 152
[343] Митревски Д., 2016, 17

децении на локалитетот биле спроведени археолошки истражувања што дадоа многу интересни научни откритија. Локалитетот го ископуваа археолози од Тексашката фондација за археолошки и историски истражувања (ТФАХР), од Институтот за историја на уметност и археологија, при Филозофскиот факултет во Скопје во соработка со Народниот музеј од Свети Николе. Последните големи истражувања ги предводеше професорот Драги Митревски истражувајќи ги слоевите од 5. и 4. век, п.не., времето во кое живеел Перикле.

Според Д. Митревски, локалитетот Градиште во Кнежје се издвојува како единствена населба која во целост одговара на позицијата и големината на античка Билазора.[344] Ова мислење, го делат и други наши истражувачи како В. Соколовска, М. Јованов, С. Данев, З. Георгиев и други.

Со истражувањата на акрополата во нејзиниот централен и најдоминантен дел, откриени се остатоци од архитектура со јасни белези на владетелска Палата, каде според Д. Митревски, тука живееле северните „независните Пајонци“ на кои им било оставено автономно да живеат во своја независна држава и под свои владетели.[345] Оваа Палата, најверојатно била резиденција на споменатите владетели, а била во употреба од 5. до 3. век, п.н.е., кога и била насилно срушена, што се поврзува со некој од нападите на Келтите (Галите) и нивната воена кампања кон југ.[346]

Со последните истражувањата, издвоени се четири културно-историски фази и тоа: Фаза 1 (7.-5. век п.н.е), Фаза 2 (втора половина на 5.-средината на 4. век, п.н.е.), Фаза 3 (втората половина на 4. векв-в279 година, п.н.е) и Фаза 4 (279-168 година, п.н.е).[347] На локалитетот пронајдени се бројни наоди, најмноги фрагменти од керамички садови, но и поединечни форми култни бронзи и друг накит од 7. и 6. век, п.н.е. и монети на македонскиот крал Александар III и пајонскиот крал Леон,

[344] Митревски Д., 2016, 10
[345] Митревски Д., 2016, 14
[346] Митревски Д., 2022, 157
[347] Митревски Д., 2016, 25

како и монети на кралевите Деметриј Полиоркет, Касандар и една монета на градот Лариса.[348]

Најновите истражувања на В. Лилчиќ-Адамс, А. Јакимовски, и Г. Тренески, водат во насоката на убикација на античкиот град Билазора на локалитетот ***Велешко Кале, Велес***.[349] Според нив, точката Ad Cephalon од Појтингеровата карта се однесува, токму на овој локалитет. Ad Cephalon во значење на глава, главно место, главна точка, или место каде што се преминувала реката Вардар или место каде што од главниот пат покрај Вардар се одвојувал спореден пат долж клисурата на реката Тополка, водејќи со југозападен крак кон Пелагонија и северозападен крак кон Скопскиот басен на просторот западно од Вардар, на линијата Превалец - Велес, Раштани, Слп, Карабуниште, Добрино, Зелениково.

В. Лилчиќ Адамс, А. Јакимовски и Г. Тренески, анализирајќи ја убикацијата на И. Микулчиќ, сметаат дека во големината на градот од 20 ха наведена од И. Микулчиќ се земени, односно додадени и површините на околните отворени приградски населби, при што ако се погледне подетално, тогаш пајонскиот град на локалитетот Градиште, Кнежје бил структуриран со акропола: 1,4 ха, предградие: 1,94 ха, долен град: 4,5 ха, или вкупно 7,84 ха intra muros површина. Што значи, дека градот кај Кнежје може да се рангира со поголемите пајонски градови: Аударист (17 ха), Стена (10/11 ха), но заостанува зад градот Астибо, чии што приближно измерена површина изнесувала максимално можни 30 ха (акрополата со подградието на локалитетите Исар и Стар Конак).[350]

Цитираните автори Адамс, Јакимовски и Тренески, исто така ги посетиле, истражувале сите планинските премини, од реката Пчиња кон Овчеполе, што значи северните приоди кон градот кај Кнежје, кои што И.

[348] Митревски Д., 2018, 14

[349] Lilčić-Adams V & Jakimovski A., 2024 (статија во печат); В. Лилчиќ & Г. Тренески, Елементи за можна убикација на Билазора на Велешко Кале, Велес: научен реферат презентиран на XXVI научен собир на Македонското археолошко друштво во Охрид на 18-20 Октомври, 2023 година (во подготовка за печат). Благодарам на професорите В. Л. Адамс, А. Јакимовски и авторот Г. Тренески, што ми ги дадоа статијата и информациите на увид за користење во рамките на мојот магистерски труд

[350] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 349

Микулчиќ, се обидел да ги идентификува со патните приоди кон градот Билазора по кои навлегувале Дарданците во Македонија. Тие не откриле речиси никакво присуство на македонска војска на Филип V, ниту на Персеј.[351]

В. Лилчиќ-Адамс, А. Јакимовски, и Г. Тренески, со нивните интензивни истражувања во регионот околу Велес, во југоисточните региони на Скопскиот басен, во областа Овчеполе, како и на локалитетот Кале, Велес и неговата околина, изнесоа на виделина сосема нови археолошки моменти, што очигледно конструираат нова слика во проблемот со местоположбата на градот Билазора. Тие, истражувајќи ги премините од Скопскиот басен во регионот на Велес и од долината на Пчиња и Кумановско до Свети Николе, дошле до сознание дека на просторот северно од Свети Николе не се регистрирани утврдувања со карактеристични антигонидни културни хоризонти. Од археолошкиот материјал, била откриена само една монета на Персеј на локалитетот Поза Рид, кај селото Малино. Овој локалитет се наоѓа во правец од малиот антички град Градиште, Горно Коњари на реката Пчиња, на којшто исто така, не се регистрирани антигонидски монети.

В. Лилчиќ-Адамс и неговиот археолошки тим, откриле сосема непознат западен Вардарски пат, кој што влегува во контекстот на наводите на Полибиј укажал во плурал дека кралот Филип V со освојувањето на градот Билазора ги обезбедил *приодите кон Македонија*. Според цитираните истражувачи, Западниот Вардарски пат водел во правец од античкиот агријански град Исар, Студеничани во Скопје преку подрачјата на селата: Зелениково-Добрино-Карабуниште –Слп-Белештевица –Раштани-Превалец-Кале, Велес. Но, за предримските патни траси ќе стане збор во едно од наредните поглавја.

Во контекст на историчарот Т. Ливиј кој спомнал два града: Алмана, Билазора и реката Аксиј (Вардар), В. Лилчиќ-Адамс го лоцирал градот

[351] Lilčić-Adams V & Jakimovski A., 2024 (статија во печат)

Алмана на локалитетот Градиште, Кочилари,[352] а логорот Персеј на локалитетот Асарлак, Кочилари, нагласувајки дека Ливиј не ја именува Билазора како град, туку како место кое се наоѓа во Пајонија (ad Bylazora – Paeoniae e locus est).[353]

Локалитетот ***Велешко Кале, Велес*** кое се наоѓа над устието на реката Тополка во Вардар, ги опфаќа следниве катастарски парцели: 14644/1, 14631/1, КО Велес. На врвот карпесто Кале се протега издолжено плато, покриено со дебели културни слоеви и опфатено со рамка на одбранбени ѕидови со површина од вкупно 3,5 хектара.[354]

На локалитетот издвоени се три фази, прва фаза: Архајски период, втора фаза: 2. век, п.н.е. и трета фаза: доцноримски период (4.-6., н.е.).[355]

И. Микулчиќ, прв го истражил локалитетот Велешко Кале, направил и објавил планиметрија.[356] Од поновите истражувања, освен новите истражувања на В. Лилчиќ Адамс со тимот, извршени се истражувања во 2012 и 2013 година кои се одвивале на јужниот дел на акрополата, односно на просторот на западната страна и во 2016 година, на акрополата од страна на Народниот Музеј Велес во соработка со Општина Велес, коишто истражувања не прераснале за жал, во систематски.

На акрополата се наоѓаат темели од одбранбен ѕид, кула и цистерна за вода што несомнено потекнуваат од крајот на антиката (6. век). Исто така, се среќава и многу грнчарија и покривни тегули од тоа време, како и фрагменти од керамика од 3. и 2. век, п.н.е.[357]

Од скромните археолошки истражувања и наоди на површината, може да се каже дека културните хоризонти на градот имаат континуитет, од антиката до османлискиот период. Најрано познат наод

[352] Lilcći (Adams) V., 2010, 23-28
[353] Lilčić-Adams V. & Jakimovski A., 2024 (статија во печат)
[354] Микулчиќ И., 1976, 152
[355] Fasolo M., Lilcik-Adams V., 2023, статија во подготовка за печат
[356] Микулчиќ И., 1976, 152
[357] Микулчиќ И., 1976, 152

од велешкото Кале е мал, масивен, бронзен прстен од розета со 8 топчести краеви, датиран во 5.-4. век, п.н.е.[358]

Откриени се монети на градот Тесалоника (време на Филип V и Персеј, сребрена тетрадрахма на Филип V (во збирката на Шелдаров, со несигурна информација од околината на Велес) и една бронзена монета од 1. век, п.н.е., веројатно од Тесалоника. Откриен е и еден сребрен денар на Марко Антониј од 32-31 година, п.н.е. и оловен тег од раната антика.

Откриени се и монети од 3. век на Гордијан III, ковачница Виминатиум, монети од 4. век на Валентинјан II, Теодосиј, монети од 6. век Јустинијан и Јустин II, како и неколку византиски монети од типот Уранискос/Скифат и една сребрена средновековна турска монета.[359] На западната падина, под акрополата, откриени се 4 мали бронзени врвови од стрели, карактеристични за периодот 3.-2. век, п.н.е. Стрелките се со три ребра за да навлезат во панцирот, се претпоставува дека и припаѓале на војската на Филип V која го освоила градот Билазора во 217 година. Овие врвови од стрели укажуваат на напад на градот.

Сумирајќи ги импликациите и заклучоците од истражувањата и археолошкиот материјал, во однос на наводите за вкупната површина на локалитетот Градиште, Кнежје, од претпоставеното јужно предградие и истакнатата вкупна површина од 19.62 ха (што заостанува зад реалната површина од 16 ха), укажува на тоа дека овој локалитет не е најголем по површина. Ако ги споредиме со податоците за градот Астибос и неговата површина од околу 30 хектари, забележуваме дека Градиште е значително помало, како и интерпретацијата на пишаниот пасус на Полибиј, кој вели најголемиот град во Пајонија, кој може да се толкува и како познатиот, голем, можеби најекспонираниот или познат град

[358] Lilčić-Adams V & Jakimovski A., 2024 (статија во печат)
[359] Lilčić-Adams V. & Jakimovski A., 2024 (статија во печат)

Билазора, В. Лилчиќ Адамс укажува на можна убикација на античкиот град Билазора на локалитетот Велешко Кале, Велес.[360]

Овие нови истражувања и интерпретации, ја изменуваат нашата перцепција за големината и значењето на различни антички градови во регионот, отвора нови можности за дополнителни анализи, прашања и поттикнува дополнителни истражувања на овие локалитети. Наодите сугерираат дека иако, Градиште кај село Кнежје е значаен археолошки локалитет, тој можеби не е најголемиот град во античка Пајонија. Идентификацијата на Велешко Кале, како веројатна локација на Билазора, додава дополнителен контекст на историското значење на регионот. Генерално, овие сознанија го збогатуваат нашето разбирање за античките градови во областа и ја нагласуваат потребата за континуирано истражување.

[360] Лилчиќ-Адамс В., 2022,349, Lilčić-Adams V. & Jakimovski A., 2024 (статија во печат)

## 7.10. СКУПИ-COLONIA FLAVIA SCUPINORUM

Локалитетот Злокуќанско Кале (Зајчев Рид), се наоѓа во северозападниот дел на Скопската Котлина, близу до утоката на реката Лепенец во Вардар, на 5 км северозападно од Скопје. Неговото подножје, во близина на селата Бардовци и Злокуќани, на јужната и југозападната падина, го крие античкиот град Скупи, кој што сведочи за богатата култура и историја на регионот. По површината (44 ха), Скупи е еден од поголемите градови од Римскиот период на Балканот. Тој е најголемиот град од Римско време во Република Македонија и единствениот со дистинкција на римска колонија – највисокиот самоуправен статус што може да го добие еден провинциски римски град. Одгласите на старите цивилизации шепотат низ неговите урнатини, нудејќи примамлив поглед во минатите епохи, што некогаш цветале покрај бреговите на реката Вардар. Локалитетот ги опфаќа следниве катастарски парцели:

219/1, 219/2, 219/3, 219/7, 219/8, 219/9, 219/10, 219/11, 219/12, 219/13, 219/14, 219/15, 219/16, 219/17, 219/18, 219/19, 220, 221, 222, 228, 229, 649/1, 649/2, 649/3, 650/1, 651, 652/1, 652/2, 653, 662/3, 659, 660, 661/1, 661/2, 662/2, 664/2, 662/4, 664/1, 665, 666, 667, 668, 670, 671, 672, 673, 674, 675, 676/1, 677, 678, 680/2, 681/1, 683/1, 683/2, 683/3, 684/1, 684/2, 689/1, 695/2, 696, 697, 698, 699/1, 700, 701, 702/1, 703/1, 703/2, 704, 705, 706, 710, 711, 712, 713, 714, 715, 716, 716, 717, 718, 719, 720/1, 720/2, 720/3, 720/4, 721, 723, 724/1, 725/1, 725/3, 726, 727/1, 727/2, 728, 729, 730/1, 731/2, 733, 734/1, 734/2, 735, 736, 737/1, 737/3,737/4, 738/1, 738/3, 738/4, 738/5, 739/1, 739/3, 739/4, 739/5, 739/6, 740 (театар),744, 745, 747/1749, 750, 751, 752, 761, 762, 796, 1057/1, 1069, 1070, 1071, 1072, 1074, 1075/2, 1075/3, 1075/4, 1076/1, 1076/2, 1076/3, 1076/6, 1076/7, 1076/9, 1076/11, 1080/2, 1080/10, 1087, 1088, 1092, 1093, 1094, 1095, 1096, 1097, 1098, 1113/1, 1113/3, 1115, 1116, 1117, 1120/1, 1120/2, 1121, 1122, 1124, 1125, 1126/1, 1126/2, 1127/1, 1127/2, 1128, 1129, 1130, 1131, 1132, 1133, КО Злокуќани.

За раната историја на римско Скупи нема пишани потврди, освен што се споменува во итинерарии, но затоа пак, постојат бројни епиграфски материјали.[361] Додека пак, во следните векови Скупи е спомнато во повеќе текстови, меѓу првите го спомнува географот Птоломеј во 2. век, н.е. Од средината на 3. век, при владеењето на Галиен, Скупи повторно се спомнува. Во тие бурни години, една група Сармати се пробила преку Дунав и тргнала на југ пустошејќи сè пред себе. Римските одреди во Мезија ги запреле и разбиле дури кај Скупи во 253 или 258 година.[362] Името Scupi, според професор д-р Славица Бабамова е бригиско име со кое градот бил нарекуван уште кога во него биле населени само Пајонци.[363]

Во 1868 година, Ј. Г. Хан во својот патопис, прв го поврзува античкото име Скупи со името на современо Скопје. Точната идентификација на Скупи во подножјето на Злокуќанско Кале ја прави А. Еванс во 1883 година,[364] Интересот за Скупи во периодот на 19. и почетокот на 20. век, главно, бил изразен преку историско-теоретски расправи за локацијата на Скупи или прибирање податоци за епиграфските споменици. Тука, посебно треба да се издвои дејноста на А. Фон Премерштајн (A. Von Premerstein) и Н. Вулиќ, кој во 1935-1937 година, за прв пат врши археолошки истражувања на театарот. Подоцна, Д. Рандиќ-Миочевиќ, продолжува со истражување на истиот објект во 1959/60 година. Истражувања вршела и Б. Драгојевиќ-Јосифовска. Со истражувањата е утврдено дека античкиот театар на кој може да присутвуваат приближно 9.000 гледачи, е најголем и најимпозантен антички театар и архитектонски објект, од периодот на римската империја. Првите инцидентни археолошки истражувања во Скупи се преземени од Ќ. Трухелка и Р. Грујиќ, во 1928/29 година. Со овие истражувања се откриени: една приградска вила со термален дел, која се

[361] Микулчиќ И., 1999, 133
[362] Микулчиќ И., 1999, 136
[363] Бабамова С., 2022, 388
[364] Evans A, 1885, 87

наоѓа западно, надвор од бедемите на Скупи и една ранохристијанска базилика во селото Бардовци.[365]

Првите согледувања за најраното населување во Скупи во литературата публикувал И. Микулчиќ, тој истакнал дека на платото големо околу 200-230 м и широко 100 м, во предисторијата бил оформен предримски опидум на површина од околу 2 ха. Притоа, за прв пат публикува сребрена монета на пајонскиот крал Авдолеон, како и три фибули и една масивна бронзена белегзија.[366]

Музејот на град Скопје во 1966 година, отпочнува со студиозни, планирани, систематски археолошки истражувања, кои со мали прекини се одвиваат до денес. Носители на проектот се М. Гарашанин и Д. Кораќевиќ. Основна цел била утврдување на положбата, периметарот и урбанистичката структура на градот, димензиите на градските квартови, утврдување на хронолошки различните градежни фази и др. Д. Корачевиќ, раководи самостојно со истиот проект од 1980 до 1996 година, со мали прекини, а потоа од 2000 година до 2023 година, раководители на проектот се Л. Јованова и М. Ончевска-Тодоровска, за денес да раководи И. Кузмановски.[367]

Во 2013 година, се интензивираат истражувањата во Скупи, преку откривањето и реконструкцијата на најголемиот антички театар во Република Македонија, па така започнаа истражувањата под раководство на А. Јакимовски на театарот каде сè до 2016 година, театарот беше потполно ископан. Во истражувањата учествуваа Л. Јованова Алексиева, М. Ончевска Тодоровска и И. Кузмановски со повеќе колеги археолози и нумизматичари. Во 2016 година, беше конзервирана сценската зграда и театронот.[368]

[365] Јованова Л., 2016, 18-19
[366] Микулчиќ И., 1982, 27; Лилчиќ-Адамс В., 2019, 127
[367] Јованова Л., 2016, 18-19
[368] Јакимовски А., 2017, 12

Археолошките наоди упатуваат на континуирано живеење на просторот на Скупи и непосредната околина во бронзеното и во железното време од 12. до 6. век, п.н.е. На градската територија од Скупи, на неколку локации (Христијанската базилика, комплексот Градска бања-Хореум, улицата кардо, Југоисточен бедем), се откриени остатоци од куќен лепеж и населбинска фрагментирана грнчарија од бронзеното време и од преодниот период (доцна бронза - рано железно време).

Наодите упатуваат на блиска населба, чија точна местоположба не е утврдена.[369] На територијата на римско Скупи, на различни позиции, откриени се погребувања од железното време. Констатирани се само остатоци од некрополи, кои што со интензивното градење на структурите од римскиот град биле во најголема мера уништени.[370] Падините на Зајчев Рид биле единствениот простор што се користеле за погребување во континуитет низ цело железно време, поточно од крајот на бронзеното време до раната антика.

На просторот на римскиот театар под раководство на А. Јакимовски, во источениот сектор беа откриени два гроба од архајско време, во еден од нив урна со карактеристичен пајонски бронзен префориран диск од 4 кругови со алка за прицврстување. Во другиот, пронајдените разнобојни монисти, кој очигледно биле дел од ѓердан, укажуваат дека се работи за позначајно женско погребување.[371] Во театарот се најстарите погребувања, датираат од раното железно време. Останатите погребувања од полното и доцно железно време се откривани главно на просторот на т.н. југоисточна и источна некропола на Скупи, каде што се документирани вкупно 22 гроба.[372] Во гробовите биле пронајдени наоди, како бронзен накит (фибули, игли, белегзии, фалери итн.) и керамика, што се карактеристични за 7. и 6 век, п. н.е.

[369] Јованова Л., 2016, 8
[370] Митревски Д., 2019, 89
[371] Митревски Д., 2017, 152
[372] Митревски Д., 2017, 155; Митревски Д., 2019, 89

Во раната антика од цели пет века (5.-1. век п.н.е.), нема материјални докази за случувањата на овој простор. Според историските извори, од крајот на 3. век, п.н.е., во регионот на Скопската Котлина, продираат и периодично се престојуваат Дарданците. Во науката, одамна е изнесено мислење дека раѓањето на градот Скупи било поврзано со римската војска, со чие доаѓање во овој крај продира и цивилизацијата во Скопската Котлина. Во времето на Октавијан Август, веројатно околу 13-11 година п.н.е., двете македонски легии (5. Македонска и 4. Скитска), биле префрлени на теренот на новоосвоената Дарданија. Дарданија останала под воен протекторат до 15-та година од н.е., кога била основана провинцијата Мезија со цивилна управа.[373] Колонијата Скупи (*Colonia Flavia Scupinorum*) била формирана со населување на ветерани (ислужени војници) од легиите: Седма Клавдиева (*VII Claudia*), Петта македонска (*V Macedonica*), Петта Алауда (*V Alaudae*) и Четврта Македонска (*IV Macedonica*), на кои како награда (со модусот: дедукција – предвремено пензионирање) им била доделувана земја на просторот од пошироката градска територија, што се поклопува со територијата на Скопската Котлина.[374] Поинтензивно колонизацијата и урбанизацијата на градот, најверојатно настанале после 15-та година од н.е., по формирањето на провинцијата Мезија.[375]

За време на владеењето на императорот Август во 1. век, п.н.е., Скупи доживеал период на брза експанзија и урбан развој. Како доказ, се посочуваат пронајдените наоди од неколкуте гробови, меѓу гробните подароци, од времето на Октавијан Август, се среќаваат увозни луксузни предмети: бројно и скапо сириско стакло, ламби (луцерни) од Егеја и Италија, резбарен килибар и стакло од Аквилеја на северен Јадран.[376] Римјаните ја подобриле градската инфраструктура со импозантни згради, поплочени улици, урбани водоводи и еден главен подземен

[373] Микулчиќ И., 1999, 133
[374] Јованова Л., 2016, 10
[375] Jakimovski A., 2020, 23
[376] Микулчиќ И., 1999, 134

аквадукт, зацврстувајќи го неговиот статус на клучен административен и воен центар во регионот. По заминувањето на војската, во напуштениот каструм останале голем број на придојдени цивили кои што заедно со локалното население го населиле Скупи и ја организирале неговата цивилна административна управа.[377] Во текот на 2. и 3. век, доказ за неговите импресивни архитектонски достигнувања и просперитетна економија се прекрасните градби, вклучувајќи храмови, бањи, театри и административни згради, го украсуваа градскиот пејзаж, одразувајќи ја културната софистицираност и раскошот на римската цивилизација.

Статусот, колонија Скупи го добива под власта на Флавиевската династија, царевите Веспазијан, Тит, Домицијан. Мислењата се поделени околу Веспазијан или Домицијан. Скупи добива статус колонија, поконкретно Colonia Flavia Scupinorum. Градот го носи епитетот Флавија (*Flavia*), според името на родот на основачката династија. Името на колонијата е Скупи (*Scupi*), но најчесто на натписите се среќава како *Colonia Flavia Felix Dardanorum*, односно *Colonia Flavia Scupinorum,* во скратена или развиена варијанта.[378]

Римскиот географ Птоломеј од 2. век, забележал дека Скупи е најголем центар и единствена колонија во областа Дарданија (јужната половина на провинцијата), заедно со градовите Наис, Улпијана и Арибантиј.[379] Тој, локациски се наоѓа на крстосницата помеѓу патните мрежи, што овозможило продор на трговски врски, воените кампањи и културна размена, па така тој прераснал во урбан римски град, со сите цивилни и верски објекти. Од бројните епиграфски споменици, дознаваме многу информации, па така и тоа дека тука престојувале или поминале царевите Хадријан (меѓу 121-125 година), Септимиј Север со синот Каракала (202 година) и Филип Арабјанинот (244 година). Од еден натпис, дознаваме дека по релативно мирниот период на просперитет и

[377] Микулчиќ И., 1982,37; Микулчиќ И., 1999, 135
[378] Микулчиќ И., 1982,38; Јованова Л., 2016, 10; Лилчиќ-Адамс В., 2019, 159
[379] Јованова Л., 2016, 11

благосостојба, во времето на Марк Аврелиј, во 170 година, градот се соочил со продор на дакиското племе Костобоки кое одело кон Егеја.[380]

Во 1947 година, случајно е откриена гробна стела во селото Злокуќани, на територијата на Скупи (денес се наоѓа во Археолошкиот музеј во Скопје) на Manius Epidius Pudes, подигната од страна на неговата сопруга Charitio Voconia. Починатиот бил римски државјанин, по потекло од Вицетија, италијански град, на племето Мененија.[381] Овие епиграфски сведоштва, упатуваат на етнички хетероген состав на населението.

По административните и воени реформи на Диоклецијан, кон крајот на 3.век и основањето на провинција Дарданија, во почетокот на 4. век, Скупи повторно доживува експанзија, што показува и неговото означување со вињета на главен провинциски град на Tabula Peuntingeriana.

Во овој период, била изградена највпечатливата зграда Базиликата 1. На крајот на 4. или почетокот на 5. век, уште една ранохристијанска црква била изградена во град. Царот Теодосиј I, за време на престојот во Скупи во 379 година и во 388 година, издал два кралски декрети. Во податоците од Нотитија Дигнитатум (*Notitia Dignitatum* - попис на службените, административни и воени чинови во империјата), дознаваме дека  Скупи се спомнува како седиште на воена единица (*pseudo commitatenses Scupenses*), која била под командата на главниот воен командант на перфектурата Илирик (*magister militum per Illyricum*).[382]

Во 4. век, градот станал седиште на епископијата, а подоцна и на архиепископијата. Познати христијански свештеници на Скупи биле: Епископ Дакиј (Собор во Никеја, 325), епископ Парегориј (Собор на Сердика/Софија/343), митрополитот епископ Кар (во писмото на папата Леон, 458 година), митрополитот Јован (синодот во престолнината) на провинцијата Дарданија-Скупи, 493); Архиепископот на Јустинијана

[380] Јованова Л.,2016, 12
[381] Јосифовска-Драгојевиќ, 1970, 322-323
[382] Јованова Л., 2016, 13

Прима-Бененат (не учествувал на Петтиот Вселенски собор во Константинопол, 553 година).[383]

Сепак, просперитетот на Скупи не бил без предизвици. Градот, веројатно се соочувал со периодични инвазии и пресврти, особено под нападите на варварските племиња, меѓу кои Хуните во 447, нанеле значителна штета. Во 518 година, Скупи бил уништен од катастрофален земјотрес, што бил забележан во Хрониката на Марцелинус Комес, каде се наведува дека настрадале 24 градови во регионот, меѓу кои, и метрополата Скупи. А. Еванс, истакнал дека 694 година била последна година од животот на Скупи кој потоа бил нападнат од Авари и Словени. Меѓутоа, според И. Микулчиќ, овој датум не е историски потврден.[384]

Урбаниот живот во градот Скупи престанува да постои, иако има индиции дека животот во вид на помала словенска селска населба, продолжил до 10. или 11. век од н.е.[385]

Градската организација била слична со римските колонии ширум царството. Управата на Скупи била на чело со двајца градоначалници (duumviri) што биле бирани од членовите на градскиот Совет. Еден од градоначалниците на Скупи во 2. век од н.е., бил и Гај Корнелиј Магно, кој бил со потекло од Бејрут во Сирија. Откриени се надгробни стели на осум градоначалници на колонијата Скупи. [386] Со градот управувал колонијален Сенат или градски Совет. Општите урбанистички одлики, техника и начин на градење, високото комунално, станбено ниво на живеење (водовод, канализација, јавни купатила, поплочени улици, подно греење, подови послани со мозаици, варосани и насликани ѕидови, застаклени прозорци и друго), го издигаат Скупи највисоко на цивилизациската скала на провинциските римски градови на Балканскиот полуостров. Неговото обѕидие има полигонална форма на

[383] Jakimovski A., 2020, 24
[384] Микулчиќ И., 1982, 41
[385] Jakimovski A., 2020, 26
[386] Лилчиќ Адамс В., 2019, 160

неправилен четириаголник, изграден од кршен камен и многу од малтер. Сочувани се делови од југоисточниот масивен ѕид со широчина од 3,20 м, и еден дел од југозападниот ѕид.[387]

Улиците биле поставени по ортогонален систем, паралелни со ѕидовите на обѕидието, каде се сечат две главни улици: кардо максимус (*cardo maximus*) и декуманус максимус (*decumanus maximius*) и мрежа од помали улици, паралелни со нив (*cardines u decumani*), меѓу чии пресеци се наоѓале градските квартови (*insulae*).[388]

Античкиот театар е најрепрезентативната градба во градот, тој бил изграден за време на владеењето на императорот Хадријан (2. век).

По своите димензии, објектот на театарот е најголемиот помеѓу четирите антички театри откриени на територијата на Македонија. Собирал околу 9.000 гледачи. Се издвојуваат три конструктивни, организациони и функционални целини: сценска зграда, оркестра (orchestra) и гледалиште (cavea/theatron). Сценската зграда е долга 98 м и широка 15 м, а три коридори водат до оркестрата која што има радиус од 1 м. Сценската зграда со фасадата на скената, била богато и луксузно украсена со мермерни архитектонски елементи. Припаѓала на римски тип на театри, а главно била користена за забава, комедии, сатирични игри, пародии, пантомими итн.[389]

Меѓу другите градби е и монументалната Цивилна Базилика, со висококвалитетна архитектура декорација и мозаичен под, која што датира од 4. век.[390]

Градската вила (палата), се наоѓа под југоисточниот дел на христијанската базилика, датира од почетокот на 4. век. Станува збор за приватна станбена зграда, веројатно во сопственост на некој богат

[387] Jakimovski A., 2020, 26
[388] Јованова Л., 2016, 20
[389] Јакимовски А., Јованова Л., Ончевска-Тодоровска, М., Јованов М., Павловски Г., 2017, 34-35
[390] Jakimovski A., 2020, 28-29

граѓанин. Од источниот дел на палатата, истражени се соби, од кои едната била со луксузно украсена ѕидови, со фреско декорации. Откриени се три соби од термичкиот дел, од кои две имале хипокаустен систем на греење.

Градските бања (термите) се карактеристични објекти за секој римски град. Покрај нивната функција како бања, тие имале и социјална улога. Откриени се помали терми (4.-5. век), западно од улицата кардо, каде со истражувањата констатирана е пренамена на функцијата на посебни простории. Бањата била изградена над постара градба - Хореум, чии делови биле делумно вклопени во архитектонската структура на бањата.[391]

Откриени се и големиот термалниот комплекс (2.-5. век) на источната страна од улицата. Двата објекти содржат студен, млак и топол дел, коишто биле загревани преку хипокаустен систем. Во случајот на термалниот комплекс, површината на објектот била многу поголема и содржи дополнителни простории меѓу кои и атриум.

Во рамките на објектот, централно, покрај улицата кардо, се наоѓала, правоаголна репрезентативна сала со полукружна ниша на источниот крај, којашто нема утврдена намена. Подот и долната зона на ѕидовите од салата биле обложени со подлога од водоотпорен малтер со тенка мазна глазура. Над подлогата биле поставени декоративни зелени, црвени и жолти мермерни плочи. Тука, била пронајдена и статуата на Срамежливата Венера со делфин (*Venus Pudica*), изработена е од бел мермер во големина од околу 1,70 м. Оваа скулптура на Венера Пудика е вистинско ремек-дело на римската уметност се претставува дека е квалитетна римска копија, веројатно изработена од следбениците на Праксителовата скулпторска школа, во некој од развиените антички скулпторски центари во 2. век.[392]

[391] Јованова Л., 2016, 29
[392] Јованова Л., 2016, 32

Ранохристијанска базилика, претставува монументален верски објект, трикорабна градба со нартекс на запад, апсида на исток и крстилница на југ, со димензии 39× 18 м. Таа датира од крајот на 5. век и почетокот на 6. век. На западната страна, имало првенствено две пастофории, од кои само северната сѐ уште е зачувана. Корабите се одделени со колонади.

Надвор од ѕидините се развивале гробишта (некрополите), од различни периоди. Предметите пронајдени во нив (монети, надгробни споменици, итн.) се најважните археолошки извори за откривање на историјата на градот. Од источниот ѕид на градот Скупи и проширувајќи се на околу 1 км на исток, се наоѓа Источната некропола која зафаќа површина од околу 30 хектари. На некрополата биле ископани околу 650 гробови досега, а погребувањето се вршело од предримско (железно доба/архајско време), раниот римски, сѐ до доцноантичкиот период. Погребување се вршело со кремирање и инхумација. Во некрополата биле откриени голем број, разновидни археолошки наоди.[393]

Во Западна некропола истражен е само мал дел од раноримската некропола. Пронајдени се сочувани надгробни споменици што датираат помеѓу крајот на 1. и почетокот на 3. век од н.е. Во вториот културен хоризонт (депонија од занаетчиството работилници на градот Скупи), гробови од доцноантичка некропола датираат од 4. век. Вкупно се откопани околу 160 гробови. Точната големина на некрополата сѐ уште не е утврдена, но најверојатно истата започнува од западниот ѕид на Скупи.[394]

Во Северозападна некропола, северно од модерниот пат кој води од Скопје до село Бардовци, откриени се неколку културни хоризонти од бронзеното доба до доцната антика. Исклучително важен и редок е културниот хоризонт на раноримска некропола, која во однос на

[393] Jakimovski A., 2020, 30
[394] Jakimovski A., 2020, 31

содржината и степенот на зачувување е единствен пример, не само во Македонија, туку и на Балканот.[395]

Житница (хореум – јавно складиште за жито,) поставена е паралелно на улицата кардо, има издолжен правоаголен облик со димензии (65x15 м). Таа има помошни простории, кои што со посебни влезови биле поврзани со главната зграда. Градбата била изградена над слој од гареж и урнатини од помали градби со неутврдена намена, што датираат од 2. до 3. век, Хореумот бил во употреба во доцниот 3. и во текот на 4. век.[396]

Од голема важност биле и тврдините што во минатото стоеле како чувари, чувајќи го градот од надворешни закани, вршејќи контрола над патните коридори и приоди. Овие утврдувања не само што обезбедувале одбрана, туку и симболизирале моќ и авторитет, обликувајќи го геополитичкиот карактер на регионот, за што подетално ќе стане збор во наредното поглавје. Големиот број археолошки наоди откриени во Скупи, даваат непроценлив увид во секојдневниот живот, обичаите и верувањата на неговите жители. Од сложени мозаици до фино изработена керамика, секој археолошки наод служи како прозорец кон минатото, овозможувајќи ни да ја споиме приказната за античките жители на Скопје, на оние кои некогаш градот го нарекувале дом. Покрај тоа, архитектонските остатоци од големите структури како што се театарот, храмот, јавните бањи, базиликите, ја нагласуваат важноста на Скупи, како центар на културните и социјални активности, ја осветлуваат повеќеслојната историја на градот и неговата улога како крстопат на различни култури и цивилизации.

[395] Jakimovski A., 2020, 3
[396] Јованова Л., 2016, 27



*Сл. 31. Римска монета од II век, Римски театар Скупи, 2017*




*Сл. 32. План на Скупи (И.Микулчиќ)*

# 8. АНТИЧКИ ТВРДИНИ И НИВНАТА ФУНКЦИЈА

Античките тврдини играле клучна улога во раниот римски период, служејќи како витални воени и административни центри низ територијата на Римската империја. Овие утврдувања биле стратешки позиционирани за да вршат контрола над клучните трговски патишта, да ги заштитат границите, да го одржуваат законот и редот и одбраната од надворешни и локални закани. Разбирањето на функциите и типовите на тврдините во овој период, дава вредни сознанија за воените и политички стратегии. Овие утврдувања се разликуваат по големина, форма и стратешко значење.

Можеби, најфундаменталната функција на античките тврдини била одбраната. Тие служеле како упориште, притоа обезбедувајќи безбедност за луѓето и имотот внатре во нив, заштитувајќи ги важните градови, трговските патишта и виталните ресурси од надворешни и локални закани.  Овие структури биле стратешки позиционирани да чуваат важни правци, населби и граници од инвазивните сили. Тие биле опремени со одбранбени карактеристики како што се ѕидови, кули и ровови за да ги спречат нападите и да издржат опсади.

Освен за одбрана, тврдините служеле како центри на моќ и власт, дозволувајќи да се врши контрола над освоените територии. Во нив, имало гарнизони војници одговорни за одржување на редот, собирање даноци. Со воспоставување тврдини на клучни локации, можело ефективно да се управува и да се користат територијалните поседи. Присуството на импозантни тврдини ја истакнувало силата и авторитетот на владејачките сили.

Стратешки позиционирани, на издигнат терен како што се ридови, планини или карпи, овие тврдини нуделе гледна точка за надзор и одбрана, дозволувајќи им на бранителите да ги следат и контролираат движењата во околните области. Контролата на клучните тврдини значело контрола врз самиот регион, дозволувајќи им на владетелите да ја наметнат својата доминација и својата волја врз населението. Овие тврдини ја олесниле трговијата и комуникацијата, служејќи како попатни точки за трговците и патниците кои минуваат низ регионот, а на конкретни местоположби и за наплата на такси и царини, збогатувајќи ги владејачките власти. Дополнително, нивното импозантно присуство делувало застрашувачки, одвраќајќи ги потенцијалните агресори од напади.

Тие, исто така, функционирале како административни центри, надгледувајќи го локалното управување, оданочувањето и воените операции. Внатре, во ѕидините на тврдината, може да се најдат и административни згради, амбари, цистерни за вода а понекогаш дури и храмови или светилишта, што го отсликува уделот на овие структури во античкото општество. Служејки и како градски тврдини за одбрана на градовите, гранични тврдини, тврдини кои служеле како база за напад и други, овие упоришта имале повеќеслојни улоги, како одраз на геополитичката, воената и општествената динамика, од тоа време.

Во науката се прават разни класифицирања и поделби, во однос на нивната функција. Со текот на времето, проучувањето на овие тврдините се интензивира, И. Микулчиќ кај нас прв започна со обидите за класификација. Тој успеа да евидентира, премери и топографски сними голем број тврдини. По него, неговиот асистент В. Лилчиќ-Адамс, кој продолжи уште поинтензивно со теренските истражувања, во текот на 2022 и 2023 година, терминираше едно од неговите позначајни

долгогодишни истражувачки резултати на старите фортификации, во долината на реката Вардар.[397]

Иван Микулчиќ, ги класифицираше античките тврдини според функцијата, на президиуми и бургови. Тоа, според него биле утврдувања на границите на териториите на поголемите градови, кои настанале уште во раната антика, но биле обновени и егзистирале до доцноримско време.[398]

Со терминот **Президиум** (лат. *praeses* „чувар, бранител“ + -ium или *praesideō* „да се чува, брани“ + -ium.), биле обележувани позначајни воени логори со постојана посада. Тие се однесувале на категориите *Castra* и помали *Castella*, додека пак, **Бургите** биле помали утврдувања со кула стражарница подигнати на доминантно место.[399] Кастел е помала форма на утврдување. Називот е деминутив од терминот каструм. Каструмите претставувале во ранoримскиот период воени – легиски утврдувања со четвртаста форма, а подоцна за време на Диоклицијан и Константин ја менуваат истата. Раноримските крајпатни воени кастели имале офанзивен карактер, а имало и кастели (руднички тврдини), кои што имале за цел да ги штитат рудничките постројки - копови, флотации, пржилници и топилници на руда. Овие кастели тешко се разликуваат, во поголем број тие ги имале и двете функции и заемно се надополнувале.[400] Изразот кастел, во доцната антика се применувал за секој утврден објект.

Тврдините се појавиле масовно во раниот антички период, во речиси сите држави на југоисточната медитеранска цивилизација. Во нив, престојувале платенички воени посади, за разлика од многу сличните укрепени градови, во кои живееле слободни граѓани. Во историските извори во областа Дасаретија, околу Охридското Езеро, се спомнуваат тврдини во тоа време. Римјаните на почетокот на Првата

[397] Fasolo M., Lilcik Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат.
[398] Микулчиќ И., 1982, 58
[399] Микулчиќ И., 1982, 59
[400] Микулчиќ И., 1999, 275

Македонско-Римска војна (во 200 година, п.н.е.), преку Дасаретија навлагале кон Македонија и патем освоиле низа укрепени места: градови (πόλεις, urbes), гратчиња (πολΐσματα, oppida) и тврдини (φρούρια, castella), за што дознаваме од изворите на Полибиј (Pol. V, 108) а подоцна и од Тит Ливиј (Liv. XXXI, 27).[401]

Стратешки гледано, целата област претставува систем на поголеми крепости (кастрони), опкружени со голем број помали тврдини и стражи (фруриони) кои им помагале на првите во одбраната. Нивните ѕидови, не само што станале заштитен објект, туку и раздвојувале различни општествени класи.

Поради големиот број на тврдини, распространети долж долината на реката Вардар, ќе се фокусирам исклучиво на најзначајните од нив, почнувајки од север продолжувајќи кон југ, најпрво ќе ги опфатам тврдините кои се наоѓале во Скопскиот Регион, потоа на југ, кон Велес, Градско, Неготинско, регионот на Демир Капија и Валандово и Дојран.

[401]Микулчиќ И., 1982, 128

## 8.1 (Кула) Давина Кула, Скопје, Глуво-Бразда и општина Чучер Сандево

На 3 км југозападно од Чучер, 1,5 км северно од Орман и 4 км западно од Бразда на зарамнет врв се наоѓа локалитетот „Давина", „Кула", на надморска височина 532 м. Овој локалитет бил последен, најиздаден утврден пункт на северозападниот агол на Скопскиот Басен, наоѓајќи се пред Качаничката Клисура, долга 25 км, од којашто можел да се следи патот што продолжувал од Скупи кон Улпијана и Наисус.[402] Локалитетот се простира на катастарска парцела: 1289 Глуво Бразда и катастарска парцела: 3498 во општина Чучер-Сандево-вонград.

Артур Еванс, забележал остатоци од град со одбранбени ѕидови, кој што според преданијата припаѓал на една жена со тоа име, која била убиена од Турците.[403] Тој забележал неколку фрагменти од римски саркофази, меѓу кои неговото внимание го привлекол еден со натпис од римско време во кој што се споменува името на римскиот император Галиен :

*Се покажа дека е споменик подигнат од локалната Република на императорот Галиен, во која се наоѓа извонредната посветеност на императорот Галиен.*

Од формата на плочата (која е висока околу пет стапки), може да се претпостави дека била дел од основата на статуата на самиот император, при што е зачуван историски значаен запис кој што обезбедува, барем веројатен повод за подигање на ваков споменик од страна на граѓаните на Скупи.[404] Еванс, овој натписот го поврзал со победата на императорот Галиен, или поточно серија негови победи во еден ден, над воинствените Сарматите во 253 или 258 година, под ѕидините на градот Скупи.

[402] Микулчиќ И., 2002, 153
[403] EvansA, 1885, 92
[404] EvansA, 1885, 116

Тврдината Давина Кула била забележана и во 1896 година, од страна на македонскиот револуционер Ѓорче Петров опишувајки ја како тераса со остар гребен.[405]

Првите истражувања се вршени во 1975-1980 година, од страна на И. Микулчиќ, кој ја направил и првата планиметрија на локалитетот, па потоа од 1998 година под раководство на В. Лилчиќ-Адамс и други истражувачи, како проф. В. Битракова, проф. К.Аџиевски со студентите од Филозофскиот факултет во Скопје биле започнати систематски археолошки ископувања на локалитетот.[406]

Утврдувањето со античките остатоци има издолжена форма. На јужниот дел, на повисока местоположба што доминира над реката Лепенец, што тече во јужното подножје се издига доминантна акропола со елипсоидна форма. На акрополата од северната страна се надоврзува издолжено утврдено подградие. На источната и јужната падина се протега, според И. Микулчиќ, големо неутврдено предградие.[407]Акрополата има површина од 1,5 ха. Во неа биле пронајдени монети што датираат од 4. век.[408] Вкупната површина на Давина Кула, заедно со акрополата (1,52 ха) и долниот град (1,9 ха) изнесува 3,4 ха.[409]

Сумирајќи ги досегашните истражувања и наоди на Давина Кула, М. Фасоло и В. Лилчиќ-Адамс, евидентирале 3 фази на живеење:

I. Прва фаза: 3-2. век, п.н.е., веројатно раноантички кастел, во кој што најверојатно била сместена една македонска воена единица за контрола на излезот од Качаничката Клисура, во Скопскиот Басен.

II. Втора фаза: 3.-6. век од н.е., кастел кој прераснал во доцноантичко гратче.

405 Лилчиќ-Адамс В., 1998, 32
406 Лилчиќ-Адамс В., 1998, 34
407 Микулчиќ И., 2002, 107
408 Микулчиќ И., 1999, 356
409 Лилчиќ-Адамс В., 1998, 31

III. Трета фаза: мала селска населба од 9.-11. век, што егзистирала врз урнатините на доцноантички град.[410]

На највисоката точка се простирал Акрополот, со зашилена овална форма со димензии 185x110 м. Тој бил формен со  два ѕидни прстени изградени од малтер, од кој постариот надворешен ѕид со димензии широк 1,8 м, датиран во 4. век. Додека пак, помладиот внатрешен ѕид бил со димензии 1,6 м широк, рановизантиски. Врз постариот ѕид се потпираат најмалку 8 големи кули со четвртести основи градени од кршен камен и малтер, со главен влез од јужната страна помеѓу кулите 2 и 3. [411] Другата порта се наоѓала на северната страна и низ неа се преминувало во долниот град. Долниот град се наоѓал, надоврзувал северно на акрополата. Пронајдени се бројни добро сочувани објекти, блиску едни до други со тесни паралелни улици. Во средината е документиран правоаголен плоштад - форум, цистерна за вода. На највисокиот дел се наоѓа ранохристијанска црква, (ран 6. век), со фрагменти од богатата архитектонска декорација, покриени со мермер (главни капители, столбови, парапетни плочи, и прозорски менои) од наодите пронајдени се монети на императорите: Константин I, Константин II, Теодосиј I, Хонориј, Јустинијан I и Јустин II. [412] Во повеќегодишните археолошки истражувања на Давина Кула, како со рекогносцирањата, така и со археолошките ископувања (1998-2000) биле откриени вкупно 25 монети, што се депонирани во Археолошката музејска збирка на Филозофскиот факултет во Скопје.[413] Меѓу нив, биле пронајдени и две монети од 3. век на императорите Филип I Арабјанин (244-249)  и Аврелијан (270-275).

4. век од н.е. е застапен со монетите на императорите Константин I, Валентинијан I и Теодосиј I. 5. век е застапен со императорот Маркијан и

[410] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат.
[411] Микулчиќ И., 1982, 108
[412] Микулчиќ И., 2002, 157
[413] Лилчиќ-Адамс В., 2019, 294

можеби со Теодосиј II. Додека од 6. век од н.е. имаме континуитет со царевите Јустин I, Јустинијан I и Јустин II, последниот застапен со сигурно датиран апоен од 20 бакарни нуми од 567/568 година, искован во Тесалоника.[414]

Покрај црквата, јавен карактер имала и градбата означена како 47, чиишто остатоци се наоѓаат до северната порта. Таа има масивни ѕидови и широки простории. И. Микулчиќ, смета дека оваа градба можеби била оружарница. [415] Северно од комплексот, над планинското седло биле пронајдени доцноримски гробови од 4. век и два надгробни споменика од средниот царски период. Последната фаза била обновена во 6. век.[416] Со оглед на неговата стратешки доминантна локација, овој кастел служел и како спекула, според В. Лилчиќ-Адамс, оптичкиот сигнал од Давина Кула можел да се забележи од акрополата на Скупи на растојание од 7,9 км.[417]

Освен гореспоменатиот натпис посветен на Галиен, биле пронајдени уште 5 камени плочи со натписи на латински јазик, од кои еден бил откриен со истражувањата водени во Долниот Град.[418] Според Н. Вулиќ, неколку надгробни плочи што биле забележани на ридот Кула биле пренесени во селото Чучер.

Во текот на археолошките ископувања во 1998 година, откриена е една плоча на кој се наоѓа натпис со посвета на божествата Јупитер и Јунона,[419] надгробна стела на Ауфидија Викторија, надгробна стела на Дионисиј и Јулија, надгробна стела на Јулија Маркелина, надгробна стела на Јулија, како и две откриени монети што датираат од 3. век, кои укажуваат за постоење на раноримска населба на овој локалитет.[420]

---

[414] Лилчиќ-Адамс В., 2019, 294
[415] Микулчиќ И., 1982, 113
[416] Микулчиќ И., 1982, 111
[417] Lilčić-Adams V. 2017, 241
[418] Басотова М., 1998, 80
[419] Лилчиќ-Адамс В., 1998, 37
[420] Басотова М., 1998, 80-82

Во југоисточниот агол на нартексот на Базиликата А е откриен дел од столб, изграден од травертин (дм 0,335 м, со нецелосна височина, сочувана до 1,085 м), со натпис на двете страни којшто подоцна бил преместен горе, во градот на Давина Кула. На едната страна, се гледа титулата император (PERPETUO IMP. AVG.), карактеристична за римскиот царски период до доминатот. Натписот е откриен во *in situ* позиција, неговата цилиндрична форма упатува на миљоказ, што можеби во раниот римски царски период ја означувал дистанцата од излезот на магистралниот пат низ Качаничката Клисура кај градот на Давина Кула до градот Скупи, кај Злокуќани.[421]

Најстариот наод пронајден на локалитетот е железна фибула од малоазиски тип датирана во 3. век, п.н.е.,[422] што индицира можност за постоење на раноантичка стражарска тврдина од тоа време, во обемот на акрополата.[423]

Истражувањата водени од страна на Д. Митревски, на Скопското Кале и на В. Л. Адамс со соработниците, на неколку раноантички утврдувања во Скопскиот басен, каде што биле откриени бронзени монети на македонските кралеви Александар III Македонски (Скопско Кале), Касандар (Бојане/Рогле, Побужје, Брњарци), Деметриј I Полиоркет (Горно Коњари на Пчиња и Брњарци) и Антигон Гонат (Скопско Кале и Брњарци), наведуваат дека античките македонски кралеви го заштитувале регионот на Скопско во 4. и 3. век п.н.е.[424]

Откриените наоди сведочат за континуитетот на живеење на овој локалитет/тврдина, сè до последната негова фаза, најверојатно како мала рурална населба (9.-11. век), која што егзистирала врз урнатините на доцноантички град. Од изложените наоди, можеме да согледаме дека

[421] Лилчиќ-Адамс В., 2019, 283-284
[422] Лилчиќ-Адамс В., 1998, 39
[423] Лилчиќ-Адамс В., 2019, 281. Токму затоа сметам дека во рамките на некои идни археолошки ископувања на локалитетот, би требало најпрво систематски да се открива акрополата бидејќи истата содржи најстари културни хоризонти.
[424] Лилчиќ-Адамс В., 2019, 282

локалитетот Давина Кула, којшто во раната антика, најверојатно бил оформен како кастел стражарница, во доцната антика прераснал како доцноантички град, чијашто акропола во рановизантискиот 6. век, била користена како кастел спекула, претставувал извонредно значајна стратегиска точка на магистралниот пат кој што доаѓал преку Косово кон Скупи.




*Сл. 24. Давина Кула ӣлан- В. Л. Адамс и И. Микулчиќ*

## 8.2 Градиште ,Таор

Локалитетот ‘Градиште’ Таор, се наоѓа на 20 км југоисточно од центарот на Скопје, на левиот брег од реката Вардар. Над селото Таор се издига ридчето Чешија или Градиште каде се наоѓа антички кастел со триаголна форма. Локалитетот се наоѓа на катастарските парцели: 191, 192, 193, 194, 195, 196, 197, 198, 199, 200, 201, 202, 209, КО Таор на надморска височина од 306,7 м.[425]

Според И. Микулчиќ, Вардарскиот пат што водел низ Таорска Клисура го чувале утврдувањата: кастелот Президиум кај Бадер на северниот влез и Ад Кефалон кај Сопот на јужниот крај на теснецот, со повеќе мали помошни кастели помеѓу нив.[426]

А. Еванс, уште во 1885 година, ги посетил Катланово, Таор и Бадер. Тој го изработил и публикувал првиот план на Градиште, Таор, приспособувајќи ја основата на „тетрапиргија“ (тврдина со четири кули) од описот на Прокопиј за античкото село Tauresium. Тој ја посетил црквата Св. Илија во селото Таор, каде во потрага по антички остатоци, регистрирал неколку камени сполии и забележал кастел од доцно римско време со повеќе од четири агли. А. Еванс, сметал дека Тауресион, родното место на римскиот император Јустинијан I, е всушност Градиште, Таор.[427]

Многу истражувачи и ден денес ја подржуваат неговата хипотеза. Споредувајќи ги имињата на Таор и Бадер, очигледно поседуваат предсловенско потекло во контекст на имињата Таурисиум и Бедеријана. Во науката, сè уште е отворено прашањето кое го претпоставил во 1885 година А. Еванс, тврдејќи дека римскиот цар Флавиј Петар Сабатиј Јустинијан, синот на Сабатиј и Вигилантиа, кои според изворите потекнувале од селото Таврисиј и од кастелот Бедериана, бил роден во

425 Fasolo M., Lilcik Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат.
426 Микулчиќ И., 1982, 212
427 Evans A., 1885, 144

античкото село Таврисиј, а тоа е всушност локалитетот Градиште над селото Таор.[428] Тауресиум, во историските извори е опишан од Прокопиј, како родно место на големиот император Јустинијан I.

Во 1964 година, локалитетот Градиште Таор го посетил Ј. Трифуноски, а во 1967 година, Т. Томовски кој и воедно изнел куси информации за локалитетот. Потоа, локалитетот го истражувал И. Микулчиќ кој ја изработил првата планиметрија на Градиште, Таор.[429]

Во периодот од 2000 до 2004 година, Музејот на град Скопје, под раководство на К. Ристов, ги започна првите сондажни, а од 2001 година и систематски археолошки ископувања на локалитетот, при што откри значителен дел од североисточниот агол на кастелот со две главни фази во хронолошко-стратиграфски аспект, и публикувал трета хоризонтална планиметрија на кастелот.[430]

Во 2014 година, В. Л. Адамс, ја изработил четвртата планиметрија на кастелот комплетирана со хоризонтални и вертикални параметри на географската височина и широчина.

Почнувајќи од 2001, во текот на изминатите години на локалитетот се организирани десет археолошки кампањи, со различна динамика на истражување.[431]

На локалитетот се разликуваат следните фази на живеење:

I.Прва фаза: рано бронзено време;

II.Втора фаза: можен антички македонски кастел од раната антика (3.-2. век, п.н.е.);

III.Трета фаза: раноримски период (2.-3. век, н.е.);

IV.Четврта фаза: доцноримски / рановизантиски период (4.-6. век, н.е.) и

[428] Лилчиќ-Адамс В., 2019, 274
[429] Микулчиќ И.,1982, 105; Mikulčić I., 2002, 187-189
[430] Ристов К., 2017, 6; Ристов К., 2019, 17
[431] Ристов К., 2019, 14

V. Петта фаза: средновековен период (10.-13. век, н.е.).[432]

Археологот К. Ристов, во поглед на откриената архитектура констатирал две видливи главни фази, земајќи го предвид фактот што од праисторискиот и античкиот културен хоризонт не се сочувани траги и интактни културни содржини, освен движен археолошки материјал.[433] Постара фаза на живот, на откриените индивидуални куќи, без одбранбен ѕид, тој ги датира од 4. до почетокот на 6. век, поточно до земјотресот, од 518 година. Помладата фаза, според него треба да датира од 518 година до почетокот на 7. век од н.е.[434]

Јужната страна на ридот стрмно паѓа кон реката Вардар, а кон запад и север се спушта во две изразити траси. Внатрешноста е поделена со внатрешен ѕид на два дела. Помалиот дел поставен повисоко како акропола, а долниот дел е зарамнет.[435] Јужниот врв од кастелот е подигнат на највисоката точка каде била изградена челна кула со правоаголна форма, од кршен камен и малтер.[436] За поголема безбедност и заштита од напади во подножјето на челната кула Бастион однадвор бил ископан ров, пред кој се наоѓал предѕид широк бедем, изграден од камен и земја.[437]

На североисточниот дел се наоѓала голема четвртаста кула изградена од ѕидани тули со малтер, додека пак, другите две кули биле поставени во северозападниот бедем. Помеѓу нив, најверојатно стоела порта.[438]

Во текот на систематските археолошки истражувања на локалитетот Градиште, откриени се наоди од праисторијата до раниот среден век. Со истражувањето на челната одбранбена кула, на местото каде што се соединуваат источниот и западниот одбранбен ѕид, откриени

[432] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат.
[433] Ристов К., 2019, 30-31
[434] Лилчиќ-Адамс В., 2019, 275
[435] Микулчиќ И., 1982, 103
[436] Види Ристов К., 2019, 26, сл. 12
[437] Микулчиќ И.,1982, 104.
[438] Микулчиќ И.,1982, 104

се наоди од раното бронзено време. Покрај неколкуте фрагменти од керамички садови, откриени се парчиња куќен лепеж, што од друга страна индицираше дека населбата од раното бронзено време се простира и на овој потез.[439]

На втората северна тераса, на која е позиционирано подградието на античката населба, досега не било вршено истражување, но според површинските наоди може да се заклучи дека античката населба на првата тераса била лоцирана и го заземала речиси целокупниот простор каде што била формирана населбата од раното бронзено време. Откриените пак, наоди од доцноантичката населба укажуваат дека во овој период е подигната првата кула стражарница на просторот на доцноантичката населба што е потврдено и со бронзена монета, откриена на акрополата, искована од градот Пела во периодот од 187/6-168/7 година, п.н.е. Исто така, откриена е бронзена монета искована од областа Епир, во периодот од 234 до 168 година, п.н.е.[440]

Развојот на населбата на Градиште, што дошол до израз во текот на потполната римска доминација на овие простори, го потврдува бронзена монета на Антонин Пиј (138-161), но животот на Градиште со сигурност започнува од времето на Каракала (198-217) и во континуитетот се следи до крајот на антиката. Пронајдени се вкупно 546 монети, од кои само 11 бронзени монети припаѓаат на периодот од 2. и 3. век. Освен монети, пронајдени се и следните наоди: фибула изработена од железо и дел од клешта од глава на идентична фибула изработена од бронза, фрагментиран оклоп од типот *lorica squamata,* составен е од тенки бронзени и железни правоаголни плочки, од долната страна заоблени, перфорирани со четири дупчиња, потоа голем број пронајдени врвови од стрели, застапени со два типа што се употребувале во текот на империјалниот период од крајот на 1. век, до крајот на 3. век. Откриена е и мермерна биста, оштетена без глава. Формата на бистата, како и

439 Ристов К., 2019, 36
440 Ристов К., 2019, 41

контабуларијот се карактеристични за императорите од првата половина на 3. век, најверојатно се работи за претстава на Филип Арабјанин.[441]

Помеѓу наодите се издвојува еден специфичен редок наод, елемент од тркало за кола изработен од бронза, од кој е сочувана само едната половина од цилиндрично, во еден дел лиено тело. Датиран во 2.-3. век. Од внатрешната страна се поставувала дрвената глава, додека од надворешната страна поставени се отвори за нитни, на кои се занитнувале попречните греди на тркалото На средина на елементот, една наспроти друга, поставени се жлебови за клинови со кои се фиксирало тркалото за дрвената глава. Наодот е специфичен бидејќи во Римската Империја, речиси до третиот век транспортните коли била голема привилегија.[442]

Пронајдени се и неколку натписи датирани од крајот на 2. век и првата половина на 3. век, фрагментиран дел од надгробна стела и целосна надгробна стела, две надгробни стели, жртвеник, делови од архитравни греди, колони, бази и капители, некои од нив се вградени во инвентарот на црквата Св. Илија од селото Таор.[443]

Во следната, рановизантиската егзистенцијална фаза, дошол до полн израз карактерот на населбата. Во текот на 4.-6. век на просторот што го зафаќаат одбранбените ѕидови и подградието најпрво се развила населбата, а подоцна во текот на 6. Век, истата била утврдена со одбранбен ѕид.

Пронајдените бројни наоди на многубројно оружје, воена опрема и други карактеристични наоди, наведуваат дека тврдината била дел од заштитниот систем на градот Скупи и околината. Најголемиот напредок на населбата се забележува за време на римскиот период, од 2. до 6. век, од кога датираат сите откриени градби. Населбата се развивала околу

[441] Ристов К., 2019, 43
[442] Ристов К., 2019, 49
[443] Ристов К., 2019, 49-50

плоштадот, во централниот дел во која се вклучени две јавни градби. Влезот во населбата се наоѓал на источната страна на ѕидот.

Во просторот на одбранбените ѕидови досега се откриени 15 куќи за живеење, заедно со фурна обложена со плочи за печење на леб, што го задоволувало зголеменото присуство на војската. Тврдината имала пристап до чиста вода преку водоводен систем и систем за одвод на атмосферските води од населбата.[444]

Просторот за некропола и во овој период продолжил да се користи надвор од одбранбените ѕидови, на западната тераса од населбата, на тесен, а долг зарамнет терен, веднаш врз левиот брег на реката Вардар, денес кај современата населба Таор.

Локалитетот Градиште, село Таор има главна стратегиска позиција, контролирајќи го преминот преку реката Вардар, а со тоа и патот долж реката Вардар и споредната патна делница што водела кон селото Бадер. Како чувар качен на ридот, тврдината служела како бастион на одбраната, заштитувајќи од инвазии и олеснувајќи го протокот на стоки и информации долж клучните трговски артерии.




*Сл. 33. План на Градиште Таор според А. Еванс*

[444] Ристов К., 2019, 49-50

## 8.3 „Дрма" Смрѓец, Бадер - општина Петровец

На 1,2-1,5 км, северозападно од Бадер и 1 км, источно од Блаце се наоѓа локалитетот „Дрма" Смрѓец, Бадер - општина Петровец. Овој локалитет е предлог за убицирање на станицата Praesidio од Појтингеровата карта и кандидат за убикација на тврдината Бедериана, од каде потекнувал византискиот цар Јустин I.[445]

И. Микулчиќ, дал предлог за убикација на станицата Praesidio на овој локалитет земајќи го предвид растојанието од Скупи до утврдувањето Дрма-Смрѓец, Бадер кое што изнесува 30 км, односно 20 милји означена на миљоказите.[446] Тој, заклучил дека знакот за безимената станица, којашто многумина ја идентификуваат со бања, всушност, не била бања, туку ознака за президиум, при што вели дека биле уфрлени само две станици (Anausaro и Ad Hercule), што ги сместува во насоката северно од Скупи, кон Наисус, а со тоа името Praesidio ќе се вклопи со ознаката на безимената станица.[447] Поголемиот дел од истражувачите се согласуваат со оваа теза.

А. Еванс, поминувајќи низ Катланово го забележал Бадерското Кале за кое вели:

*На оваа позиција, всушност, се наоѓаат урнатините на една турска кула стражарница, позната како Бадерско Кале, кое што претходно го контролирало патот низ теснецот; патот што секако бил римски пат.*[448]

[445] Микулчиќ И.,1982, 71, Лилчиќ-Адамс В., 2019, 196
[446] Микулчиќ И.,1982, 55
[447] Микулчиќ И., 1982, 55
[448] Evans A., 1885, 142-143, Лилчиќ-Адамс В., Атанасов В., Илиевски А., Ширтовски И., 2023, во печат.

Лоциран на доминантен рид, на левиот брег на Пчиња, над местото каде што древниот пат преминувал од десниот на левиот брег, Бадерското Кале го чувало и контролирало теснецот низ кој течела реката Пчиња.

Утврдувањето лежи на старата речна тераса која е за 12-15 метри повисока од коритото на Пчиња.[449] На висина од 253 метри, ги опфаќа следните катастарски парцели: општина Бадер: 436/1, 443, 470, 471, 472, 473, 474, 475/1, 475/2, 475/3, 476, 477, 478, 479, 480, 481, 494/1, 495/1, 506.

На локалитетот досега се разликува само една фаза на живеење и тоа од доцно римскиот период (4.-5. век).[450]

Изворот Смрѓец, се наоѓа на десетина метри северозападно од тврдината. Тврдината ја контролирала патната мрежа Via Axia и границата која се протегала на 5-6 км на југ.

Фортификацијата, според И. Микулчиќ, имала големина 280/200 х 150/140 м, зафаќајќи површина околу 3,6 ха. Според карактерот на наодите, И. Микулчиќ направил поделба на локалитетот на два дела, помлад јужен и постар северен дел (кастел и северна половина).[451]

Кастелот имал офанзивен карактер, со четвртаста форма на фортификацијата, бил долг околу 140 м, широк 60 м зафаќал површина од 1,4 ха. Неговиот западен ѕид бил скратен поради релјефот на почвата. Покрај аголните кули, постоеле уште неколку кули од страна, најверојано постоеле и порти на север и југ.[452] Во внатрешноста се наоѓале повеќе градби, според И. Микулчиќ, со ортогонален распоред на улици и градби, со контури на внатрешно преградување засебен четвртаст простор, за кој мисли дека можеби е преториумот. Во северозападниот агол на кастелот

---

[449] Микулчиќ И.,1982, 68
[450]Ангеловски, Б., Спасова, Д., & Јакимовски, А., 2021, 347–355; Ангеловски Б., Спасова Д., Станчевски И. , Денковски К., 2017, 47 – 52; резиме кај: Fasolo M., Lilcik Adams V., Ферара Италија, 2023, статија во подготовка за печат.
[451] Микулчиќ И., 2002, 146; Микулчиќ И., 1982, 68
[452] Микулчиќ И., 2002, 146

биле пронајдени мермерни столбови, веројатно од ранохристијанска базилика.[453]

Северно од кастелот, се наоѓа другиот, северен дел, на исто ниво. Со правоаголна форма со димензии 150x120 м, и широчина 2 м, со ровови напред. Во внатрешната површина биле видени контури - остатоци од внатрешни градби.[454] Јужно од кастелот се наоѓала некрополата каде биле откопани доцноантички гробови. Од пронајдените наоди, доминира изобилство доцноантичка керамика, железни алатки, бронзени тубулуси, бронзени монети од крајот на 4. век.[455]

Локалитетот бил предмет на истражување во периодот на 70-те години на 20. Век, од страна на проф. И. Микулчиќ, кој врз основа на површинските траги од градежен материјал и контурите на ѕидовите изработил планиметрија.[456]

Археолошките ископувања на локалитетот за прв пат биле започнати во текот на 2014 година, по речиси 40-на години, од моментот кога локалитетот за прв пат бил предмет на стручен интерес. Истражувањата продолжиле во 2016 и 2017, 2018, 2019, 2020, 2021 и 2022 година, под раководство на д-р Б. Ангеловски.[457] Откриени се градежните структури на два пункта, меѓусебно оддалечени триесетина метри, при што биле евидентирани делови од два објекти, кои се целосно истражени.[458] На северниот пункт, биле откриени три простории, со три дефинирани фази на градежни интервенции, со фрагменти од тегули - коринтски тип, имбрекси и железни клинци од покривната конструкција. Голем фрагмент од фреско-декорација со доминантни и црни бои, заедно со уште неколку помали фрагменти, се пронајдени во Ј-И-от агол, кај

[453] Микулчиќ И., 1982, 69
[454] Микулчиќ И., 2002, 146
[455] Микулчиќ И., 2002, 146
[456] Микулчиќ И., 2002, 146
[457] Годишен извештај за археолошки ископувања на локалитетот Дрма-Бадар, с. Бадер 2019 година
[458] Ангеловски Б. - Спасова Д., 2018, 45-54.; Ангеловски, Б., Спасова, Д., & Јакимовски, А., 2021, 354

источното лице на ѕидот 3, што дели две простории: просторија 1 и просторија 2.[459] Во внатрешната структура на подот била откриена бронзена монета на Константин I (306-337), со што е дефинирано времето на изградба на објектот.[460]

Врз основа на материјалните остатоци, меѓу кои најдоминантни се монетите,[461] оловен тег, мал нож за утилитарна употреба, железен предмет во вид на алка (дел од коњаничка опрема), врв од една железна стрела и три бронзени фрагменти од оплата,[462] хронолошката рамка на локалитетот е помеѓу средината на 3. век и крајот на 4. век.

Во досегашните истражувања на локалитетот не е евидентиран културен хоризонт од 6. век, врз кој што би претпоставувале идентификација на локалитетот со тврдината/кастелот Бедериана, спомената кај Прокопиј.[463]

Според В. Лилчиќ-Адамс и соработниците, наведениот топоним Бадерско Кале, од страна на А. Еванс би можел да се однесува на утврдувањето, Маркови Кули/Град Кожле/Кастелото, Летевци, при што тие изнесуваат предлог за убикација на Бадеријана,[464] за што ќе елаборирам во некоја од наредните потточки. Додека пак, локалитетот Дрма-Бадер, тие го распоредуваат кај станицата ad Hercule, со заменување на ad fines со ad Hercule дури можеби и со Presidio, поради тоа што најверојатно (ad fines – „кај границата“) била провинциската граница помеѓу доцноантичките провинции Македонија Втора и Дарданија[465] Врз основа на досегашните истражувања изведени на локалитетот „Дрма“

[459] Ангеловски, Б., Спасова, Д., & Јакимовски, А., 2021, 354
[460] Ангеловски Б. - Спасова Д., 2018, 45-54, извештај од сондажни арх.истражувања на локалитетот Дрма Бадер 2017
[461] Годишен извештај за археолошки ископувања на локалитетот Дрма-Бадар, с. Бадер 2019 година
[462] Извештај од сондажни арх.истражувања на локалитетот Дрма Бадер 2022
[463] Лилчиќ-Адамс В., 2019, 196
[464] Лилчиќ-Адамс В., Атанасов В., Илиевски А., Ширтовски И., 2023, во печат.
[465] Лилчиќ-Адамс В., 2019, 197

Смрѓец, Бадер - општина Петровец, [466] сè уште не се потврдени постоечките хипотези, можеби идните истражувања би донеле нови сознанија.




*Сл. 34. План на Бадер Дрма, И.Микулчиќ*

[466] Годишен извештај за археолошки ископувања на локалитетот Дрма-Бадар, с. Бадер 2019 година, Извештај 2016, 2017, 2018

## 8.4 Градиште/Маркови Кули/Кастелото, село Летевци

На 1,2 км, јужно од селото Летевци и 1,6 км, источно од Кожле на најстрмната точка на клисурата Пчиња на 3,5 км, пред нејзината утока во Вардар се наоѓа локалитетот Градиште „Маркови Кули". Во негова близина на 1.460 м, се наоѓа изворот кај ридот Света Петка.

На надморска височина од 266 м, локалитетот се простира на катастарска парцела 1/1 во рамките на катастарската општина Летевци.[467]

На малата рамнина на него се наоѓа кастелот со стратешка позиција, близу до трасата на овој Вардарски пат. Источниот дел е на планинскиот гребен, додека пак, северниот дел му е уништен со пресечување на трасата за денешниот пат. Западниот дел на кастелот е поклопен со средновековниот кастел Кожле, што ги покрил преостанатите елементи на кастелот.[468] Основен облик на тврдината е правоаголен, изграден од малтер и камен со димензии 110x42 м, широчина 1,8 м.[469] Во средината се наоѓала Североисточна ѕидна порта. Акрополата имала издолжена форма, изградена во доцната антика, и била обновена во средниот век, бранета со две кули, западна и источна. На аглите се наоѓаат помали четвртасти кули. Северозападно од тврдината, на 207 м од центарот на акрополата, на запад- северозапад, се наоѓаат темелите на една мала, extra muros, ранохристијанска црква, уништена со изградба на патот. Базиликата ја ископал археологот Кирил Трајковски.

Во описите кај И. Микулчиќ, наоѓаме дека на западниот дел од падините лежат повеќе ѕидишта, што некои од нив тој ги датира во

[467] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат
[468] Микулчиќ И., 1982, 91
[469] Микулчиќ И., 2002, 171

римско време.[470] Тој, со површинските истражувања западно од кастелот видел темели на богат станбен комплекс (villa) со базикален распоред и средишна апсида, заштитена со ѕид околу. Во овој контекст не е јасно дали тој мислел на малата погореспомената ранохристијанска црква, или можеби на остатоците на средновековната црква, уште позападно.

Во средниот век, на западниот ѕид била изградена доминантна кула – бастион, додека на источното чело била оформена пониска кула, со трапезовидна основа.

Кастелот е категоризиран како пограничен бидејќи се наоѓал во близина на границата на провинциите Горна Мезија и Македонија.

Од наодите, пронајдени на локалитетот се среќаваат парчиња на римски покривни тегули, римски питоси, бројна римска керамика датирана од 3. до 5. век.[471]

На локалитетот се разликуваат 4 фази на живеење:

I. Прва фаза: доцно бронзено време / рано железно време;

II. Втора фаза: раноримски период (3. век, н.е.);

II. Трета фаза: доцноримски период (4.-6. век,  н.е.);

III. Четврта фаза: средновековен град Козле (9.-14. век).[472]

Првите истражувања на локалитетот ги реализирал И. Микулчиќ, во периодот 1975-1982 година, Потоа, во периодот од 2008 и 2009 година, на локалитетот се изведени први археолошки ископувања, под раководство на Кирил Трајковски. Тој со соработникот И. Толевски и други, на следните локации: во акрополата, на јужната падина во подградиета и открил и ископал мала ранохристијанска црква од 6. век од

[470] Микулчиќ И., 1982, 92
[471] Микулчиќ И., 1982, 92; Микулчиќ И., 2002, 171
[472] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ферара 2023, статија во подготовка за печат

н.е., на североисточниот агол на карпестото плато, на западниот полуостров околу кој кружи Пчиња.[473]

Во рамките на Проектот Археолошки катастар, В. Л. Адамс и стручниот тим изработија најнова, ревидирана комплетна георефеленцирана планиметрија на локалитетот. Бадерско Пчињската Клисура долга 8 км, била заштитувана со три утврдувања *Кула, Бадер*, на десниот брег на Пчиња на самиот влез во клисурата, околу 1 км југозападно од Бадер, *Солиште, Летевци,* на ридот над левиот брег на Пчиња, на самиот влез во клисурата, 1 км северозападно од Летевци, веднаш отспротива Кула, Бадер, и *Маркови Кули/Град Кожле/Кастелото, Летевци*.[474]

В. Лилчиќ-Адамс, во врска со убикацијата на Бадериана дошол до заклучок дека со топонимот Бадерско Кале, Еванс го именувал утврдување, Маркови Кули/Град Кожле/Кастелото, Летевци. Всушност, од описот на неговата посета на црквата Св. Јован Ветерски, што се наоѓа на околу 2 км јужно од Маркови Кули, Летевци, очигледно е дека Еванс длабоко навлегол во Бадерско Пчињската клисура и дошол, речиси до вливот во Вардар.[475]

Најстариот, сигурно датиран наод на локалитетот претставува една сребрена драхма на пајонскиот крал Патрај со претставата Аполон/протом на див вепар.[476] Овој наод, како и дел од рачка на хидрија, заедно со откриените монети (2.-4. век од н.е.), потоа 12 монети од времето на Јустинијан, две бронзени ексагии од по една номизма, од 6. век, како и наоди 10.-16. век, [477] предочуваат значајна утврдена населба со континуитет од железното време, врз која бил подигнат доцноантички и

[473] Исто види: Толевски И., 2016, 1-290
[474] Лилчиќ-Адамс В., 2019, 196
[475] Лилчиќ-Адамс В., 2019,196; Лилчиќ -Адамс В., Атанасов В., Илиевски А., Ширтовски И., 2023, во печат
[476] Јакимовски А., 2022, 227
[477] Лилчиќ-Адамс В., 2019, 196; Лилчиќ Адамс В., Атанасов В., Илиевски А., Ширтовски И., 2023, во печат

потоа силен рановизантиски кастел, а подоцна врз него и средновековниот град Кожле, во втората половина од 12. век, со егзистенција до 14. век укажуваат на големото значење на оваа утврдена населба со континуитет од железното време, врз која бил подигнат доцноантички и потоа силен рановизантиски кастел, а подоцна врз него и средновековниот град Кожле, во втората половина од 12. век со егзистенција до 14. век.

В. Лилчиќ-Адамс со соработниците, со нивните најновите истражувања, фрлаат нова светлина со предлогот за  убикација на Бадеријана на овој локалитет, според топонимот и земајќи ја предвид границата, ad fines на Појтингеровата карта, каде токму тука поминувала провинциска граница помеѓу Дарданија и Македонија Втора. Очекуваме, дека некои идни, се разбира систематски археолошки истражувања, што би биле активирани на овој извонредно значаен археолошки локалитет во иднина,  ќе  дадат многу поконкретни научни сознанија за неговата функција, во горе спомenатите временски периоди.




*Сл. 35. План на “Градиште” Летевци, В.Л.Адамс*

## 8.5 Градиште, село Добрино

Локалитетот се наоѓа на низок рид на 0,8 км, северно од селската џамија на селото Долно Добрино, во близина на изворот Ѓорѓева Чешма, простирајќи се на катастарска парцела 1002 во КО Добрино. На 900 м, во правец кон тврдината Карабуниште, селото Цуцулигово, В. Л. Адамс забележал и документирал остатоци од антички пат.[478]

Локалитетот Градиште не бил познат во ниту една стручна или поширока литература сѐ до 16.9.2016 година, кога В. Лилчиќ-Адамс за прв пат го откри и изготви планиметрија.[479] Врвот од ридот бил зарамнет и на него била оформена утврдена населба, чијшто егзистенцијален континуитет траел во неколку фази на живеење:

I. Прва фаза: Архајски период (7.-6. век п.н.е.); II. Втора фаза: Антички македонски кастел, Филип V (3.-2. век п.н.е.); III. Трета фаза: доцноримски период (4.-6. век н.е.); III. Четврта фаза: Средновековен период (12.-15. век н.е.).[480]

Населбата доживеала неколку обновувања, од кои особено бил значаен силно фортифицираниот кастел од 6. век н.е. Овој кастел, што бил подигнат врз постаро античко македонско утврдување кастел, служел за контрола на патот кон Скопскиот Басен. Тука, биле откриени поголем број монети на македонските кралеви Антигон Гоната, Филип V, Амфипол, Пела, Тесалоника, автономна Македонија.[481] В. Лилчиќ-Адамс помислува дека овој кастел, можеби бил најсеверната точка до која стигнала Филиповата (Филип V) војска. Фортификацијата е со површина голема 141x42 м, исполнета со контури на древни урнати градби. На јужната

[478] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат
[479] Лилчиќ-Адамс В., 2019, 217
[480] Лилчиќ-Адамс В., 2019, 217, Fasolo M., Lilcik Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат.
[481] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 320

страна од акрополата бил оформен силен предѕид чиешто фронтално чело било поврзано со акрополата преку западен и југоисточен ѕид, кои што чинеле воедно и силно утврден станбен простор. Така, вкупната големина на кастелот изнесувала 165x50 м, со вкупна површина од близу 0.5 ха.[482]

Освен, гореспоменатите монети биле откриени движни археолошки наоди: бронзен приврзок, од т.н. пајонско македонски бронзи од архајско време, потоа монети на римскот квестор Гај Тамиј Публилиј, мали доцноантички бронзени монети од 4. век, н.е., неколку бронзени монети од времето на царот Јустинијан I, една монета од типот скифат – мало небо од 12.-13. век, н.е. и една сребрена венецијанска монета од 15./16. век, делови од покривни доцноантички/рановизантиски керамиди лаконски тип и др.[483]

Високо, на североисточната страна од Градиште, Добрино, на дистанца од 1.2 км, се наоѓаат остатоци на уште еден кастел. Тоа е локалитетот **Кале/Каља, Добрино** со многу доминантна положба, со неправилна издолжена форма, со големина околу 1 ха. Во текот на истражувањата и документирањето на овој кастел, не се откриени некои позначајни движни наоди. В. Л. Адамс, претпоставува дека овој кастел егзистирал на самиот крај на доцната антика, поточно во 6. век, н.е.[484]

Според опишаните податоци, можеме да дојдеме до заклучок дека двата кастели контролирале значајна патна траса, која што ги поврзувала Скопско и Велешко долж десниот брег на Вардар, ви за ви патната магистрала што досега ја знаевме како главна магистрала што водел долж последните километри на Пчиња и понатаму долж левиот брег на реката Вардар.[485]

---

[482] Лилчиќ-Адамс В., 2019, 217
[483] Ibid
[484] Микулчиќ И., 1982, 80-81
[485] Лилчиќ-Адамс В., 2019, 217

## 8.6 „Кале“, с. Сопот

На 1 км, западно од селото Сопот, се наоѓа локалитетот Кале. Овој локалитет во постарата литература беше сметан за станицата ad Cephalon забележена на Појтингеровата карта. Тој се наоѓа во јужниот дел на Таорска Клисура, во делот каде што клисурата се отвара. Кастелот е изграден на јужниот крај на карпестиот гребен Присој, каде античкиот пат како и денешниот современ автопат, го заобиколува со голем лак Калето.[486]

Локалитот се наоѓа на надморска височина 324,8 м, на катастарски парцели: 14 и 36, КО Сопот.[487] Н. Вулиќ, забележал епиграфски споменик на локалитетот, што бил оштетен.[488]

На малиот карпест врв и на јужната падина се наоѓа ѕид од малтер со димензии, 112x73/46 м, широк 1,8-1,95 м. Северната страна е обезбедена со три квадратни кули, со димензии 3,6x5 м и 3,8x4,2 м. Порти, се наоѓаат на северната и југоисточната страна. [489] Во југоисточниот дел на кастелот, се зачувани темели од поголеми згради.[490] На јужниот крај од населбата, близу Вардар подигната е доцносредновековна црква изградена врз антички темели. За жал, при изградбата на автопатот во западното и јужното подножје на ридот, бил разурнат, најверојатно со експлозив, заради оформување на трасата на коловозните ленти на автопатот, западниот и јужниот периметрален ѕид на кастелот и засекогаш се разнесени културните хоризонти на тие страни. Вкупната површина изнесувала околу 1.5 ха.

486 Микулчиќ И., 1982, 102
487 Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат
488 Вулић Н., 1941-48, 5
489 Микулчиќ И., 2002, 436
490 Микулчиќ И., 1982, 102

Од наодите, доминира доцноантичка керамика, тегули како и керамика од предримско и предисториско време, потоа неколку алатки, железни предмети, монети на Лициниј, Валентинијан, Гратијан, Аркадиј, Теодосиј I и II и Јустин II.[491] Во текот на 2022 година, В. Лилчиќ-Адамс со А-Тимот открија монети на погоре споменатите императори, но и на Евдоксија, сопругата на императорот Аркадиј (383-408), како и едно полукалотесто бронзено копче за облека од архајскиот период, и железно резе од кутија - каса за накит или пари.

И. Микулчиќ, врз основа на информациите за растојанието, како и недостатокот на друг значаен локалитет во поширокота околина на овој локалитет ја лоцира станицата Ad Cephalon од Tabula Peutingeriana.

Во претходното поглавје ги споменавме поновите истражувања на В. Лилчиќ-Адамс и тимот кои даваат поинаква слика, размислувајки дека станицата Ad Cephalon, во доцната антика можеби се наоѓала на Велешко Кале.[492] Локалитетот „Кале" Сопот го истражувале И. Микулчиќ,[493] и В. Лилчиќ-Адамс кои изработиле и планиметрија.[494]

На локалитетот „Кале" Сопот се разликуваат две фази на живеење:

I. Прва фаза: Архајски период;

II. Втора фаза: доцноримски период (4.-6. век, н.е.).

Отспротива локалитетот Кале Сопот, се наоѓа локалитетот Кале Слп. На темето на ридот Кале, Слп се наоѓаат остатоци од мало, но значајно утврдување. Ридот се наднесува доминантно над десниот брег на реката Вардар и железничката станица Рајко Жинзифов (поранешна станица Влахчани). Фортификацијата има неправилна триаголна форма, со внатрешно правоаголно утврдување, а во него контури на кружен објект, можеби кула од Републиканскиот период. Според откриените монети на Персеј и постари наоди од архајскиот период, се претпоставува

[491] Лилчиќ-Адамс В., 1998, 48; Микулчиќ И., 2002, 436
[492] Лилчиќ-Адамс В., Атанасов В., Илиевски А., Ширтовски И., 2023, во печат
[493] Mikulčić I., 2002, 435-436, No. 377
[494] Лилчиќ-Адамс В., 1998, 18, 23, 48-49

дека кастелот бил изграден врз постар пајонски кастел, кој што подоцна, во 4. и 5. век бил повторно употребен.

Откриените наоди на локалитетот Кале Сопот, укажуваат на значајна патна тврдина, со можност на неукрепени станбени површини на просторот источно и западно, под ѕидовите на фортификацискиот периметар на врвот.[495]

Овој значаен, антички кастел ја контролирал провинциската граница, како и трасата на Via Axia.




*Сл. 36. План на “Кале” Сопот, И.Микулчиќ*

[495] Лилчиќ-Адамс В., 1998, 48

## 8.7 „Отовичко Кале“, село Башино Село

Локалитетот „Отовичко Кале“, Башино село се наоѓа на крајниот источен огранок од ридот Бајраче, до јужниот раб на езерото Младост. На 2 км, североисточно од Башино Село. Лоциран на 350 м надморска височина, 247 м, јужно од вливот на Бела Вода, во вештачкото езеро Младост. Овој кастел со геостратешка вредност вршел контрола на долг дел Via Axia, која овде е на тесно место ја напушта речната долина и ја заобиколува планината Краста.[496] Патот, движејќи се преку Сопот водел кон Отовица. Локалитетот ги опфаќа следните катастарски парцели: 126/1, 126/3 во општината Башино Село-вонград.

Северната и западната падина биле терасирани и пошумени, јужната страна има два прстенести изданока што го поврзуваат ридот со Бајраче на југозапад и Карпа на југоисток имајќи контрола на патот, меѓу северниот и јужниот дел од Велешко Поле.[497]

На локалитетот се разликуваат 3 фази на живеење:

I. Прва фаза: Архајски период, пајонска тврдина;

II. Втора фаза Антички македонски кастел, Филип V и Персеј (3 – прва половина на 2. век, п.н.е.); освоена и држена од римската републиканска војска;

III. Трета фаза: доцноримски период (4. век, н.е.).[498]

Локалитетот со рекогносцирање го истражувале И. Микулчиќ,[499] потоа В. Лилчиќ-Адамс, [500] и Ј. Гајтаноска кои изготвиле и свои

[496] Mikulčić I., 2002, 419
[497] Гајтаноска Ј., 2008, 67
[498] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат
[499] Mikulčić I., 2002, 419, 421
[500] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 319-320

планиметрии на локалитетот.[501] Додека првите археолошки сондирања ги извршил ЛУ Народен Музеј Велес во склоп на проектот „Археолошко истражување на локалитетот Кале с. Отовица“ во 2017 година, под раководство на А. Василковска Мидоска (непубликувани). Со овие истражувања се евидентирани повеќе ѕидови што припаѓаат на објект со големи димензии и според движниот материјал може да се заклучи дека се откриени делови од економскиот дел на објектот, односно кујната и просторијата за складирање.[502]

На ридот се распознаваат две утврдени рамки. На врвот, се протега плато со блага падина кон север, тоа била акрополата, подигната врз карпеста маса која во минатото била насипана со кршен камен и земја.[503] Акрополниот дел што бил цврсто укрепен со масивен одбранбен ѕид, опфаќа приближно правоаголна површина со заоблени агли. Западното обѕидие било најмасивно и можеби зајакнато со неколку кули. На североисточниот дел на самиот одбранбени се гледаат контури од кружна градба, со радиус приближно 4.5 м, која според некои истражувачи претставува црковен објект, а според други била дел од доцноримска палата.[504] На локалитетот има видливи траги на предградие на јужната падина.[505]

Од постарите пронајдени наоди доминираат керамички фрагменти, кујнска керамика монети од 5. и 6. век, како и монети од последните македонски кралеви Филип V и Персеј.[506] Доктор Перо Јосифовски, публикувал 2 бронзени монети на Филип V и 9 бронзени монети на Персеј, додека пак Никола Шелдаров, публикувал 20 монети на Персеј, монета на Тесалоника и три монети на автономна Македонија под Филип V и Персеј.[507] Со истражувањата во 2017 година, било откриено

[501] Гајтаноска Ј., 2008, 61
[502] Извештај за работата на Локалната установа Народен музеј - Велес за 2017 година од февруари 2018 година
[503] Гајтаноска Ј., 2008, 69
[504] Гајтаноска Ј., 2008, 70
[505] Гајтаноска Ј., 2008, 72
[506] Гајтаноска Ј., 2008, 69
[507] Шелдаров Н., 2003, броевите: 260, 648, 670, 690, Лилчиќ-Адамс В., 2022, 319

нумизматичко депо на доцномакедонски монети. Овој наод, засега претставува најстар наод на локалитетот и вклучува вкупно 13 монети, од последните кралеви на Македонската династија Филип V и Персеј, опфаќајќи ја временската рамка од 220 година до 168 година, п.н.е. Освен монетите во оваа кампања, биле пронајдени неколку наоди од метал, голем број на кујнска керамика датирана околу 7.-6. век, п.н.е., но најголемиот број наоди датираат од доцноантичкиот период.[508]

В. Лилчиќ-Адамс со А-тимот, откриле вкупно 26 монети, од кои две на Филип V, 14 на Персеј, 3 на Филип V или на Персеј, 1 автономна Македонија, една римска републиканска итн.[509]

Наодите и откриените градби каде станува збор за објекти за живеење кои се градени од кршен, делумно делкан, камен и кал, а на одредени места се сретнуваат и траги од малтер,[510] укажуваат на тоа дека овој простор бил одамна населен.

Имено, тврдината постоела како антигонидски кастел веќе во последните децении од егзистенцијата на кралството Македонија, во времето на владеењето на кралевите Филип V и Персеј и продолжува со својата функција и во доцноримскиот период.

[508] Извештај за работата на Локалната установа Народен музеј - Велес за 2017 година од февруари 2018 година
[509] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 319
[510] Извештај за работата на Локалната установа Народен музеј - Велес за 2017 година од февруари 2018 година

## 8.8 „Корија“, село Раштани

Локалитетот се наоѓа југозападно над селото Раштани. На висорамнинскиот предел се забележува ридот „Корија“. На врвот се наоѓа долго и широко плато со остатоци од голема пајонска населба од раната антика.[511] Биле откриени бронзени монети од Тесалоника, Амфипол, Пела, Филип V, Персеј и Филип VI Андриск.[512]

Локалитетот се простира на следните катастарски парцели: 431/1, 431/2, 432/1, 432/2, 433, 434, 435, 436, 437, 438, 439, 440, 441, 443, 444/2, 444/4, во рамките на катастарската општина Раштани.[513]

Ѓ. Петачки, забележал утврдена населба со фрагменти од керамички садови, питоси, градежен материјал, контури на ѕидови. Меѓутоа, во недостаток на археолошки истражувања тој погрешно ја датирал населбата како доцноантичка.[514]

В. Лилчиќ-Адамс со А-Тимот, го истражуваше овој локалитет во 2021 и 2022 година,[515] при што евидентирале централна акрополна површина, со тесна издолжена форма север-југ, западно подградие, северно подградие и три источни подградија. Вкупната површина изнесува на околу 648x290 м. Откриени се 69 монети, од кои 5 на Филип V, 12 на Персеј, 17 на Пела, 5 на Тесалоника, 6 на Амфипол, 5 на Гај Тамиј Публилиј, 1 на Автономна Македонија, 1 Валентинијан, 1 на Урош, 3 турски и останатите монети што биле нечитливи.[516]

На локалитетот се разликуваат 4 фази на живеење:

I. Прва фаза: Архајски период, пајонски град;

[511] Лилчиќ-Адамс В., 1997, 34
[512] Лилчиќ-Адамс В., 1997, 36
[513] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат.
[514] Петачки Ѓ., АКРМ Том II, Skopje 1996, 80
[515] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 320
[516] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 320

II. Втора фаза Антички македонски кастел, Филип V и Персеј (3 – прва половина на 2. век, п.н.е.); освоена и држена од римската републиканска војска;

III. Трета фаза: доцноримски период (4. век, н.е.);

IV. Четврта фаза: средновековен период.[517]

Наодите укажуваат дека на локалитетот Корија, Раштани егзистирала богата пајонска населба уште во архајскиот период, која што доживеала просперитет контролирајќи го и егзистирајќи од овој дел од патот уште во раната антика, па сè до доцноримскиот период или можеби и во средниот век, сепак потребни се археолошки истражувања кој во иднина би дале нови научни сознанија.

Како што стоиме на прагот на новата ера на истражувањата, повикот да се откријат тајните на оваа античка тврдина станува сè погласен.




*Сл. 36. План на „Корија", село Раштани, В.Л.Адамс*

[517] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат

## 8.9 „Кула Превалец“, Велес

Коритото на реката Тополка кај населбата Превалец, на југозападната периферија на Велес, влегува во особено тесна клисура по која за околу 2 км доаѓа во западното подножје на градот на Велешко Кале, Велес. Влезот во клисурата бил заштитен со утврдувањето на ридот Кале Превалец, Велес, што се издига над десниот брег на Тополка. Локалитетот се простира на следните катастарски парцели: 14644/1, 14.994/1 во КО Велес.[518]

Овој локалитет го откри и изготвил планиметрија В. Лилчиќ-Адамс кон крајот на 2022 година и го истражуваше во текот на 2023 година. Претставува пајонски кастел од архајскиот период за контрола на влезот во клисурата на Тополка и приодот кон градот на Велешко Кале. Меѓутоа, кастелот бил повторно запоседнат од војска на кралот Филип V, чијашто голема бронзена монета - халк била откриена во центарот на утврденото плато. Во кастелот откриена е и монета на италскиот град Луцерија од Апулија, датирана од 211-200 година, п.н.е. На локалитетот се разликуваат 2 фази на живеење:

I. фаза: Архајски период, пајонска тврдина;

II. Втора фаза: Римски период, остатоци од објект на планинското седло, под фронталниот ѕид на тврдината.[519]

Овие фази, посочуваат на егзистенција на кастелот во раната антика и римскиот период, секако потребни е во иднина да се извршат археолошки истражувања кои би ни овозможиле да ги откриеме скриените вистини што се наоѓаат под него.

---

[518] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат.
[519] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат.

## 8.10 „Острец“, село Згрополци

Западно од локалитетот Кале Згрополци, на соседниот рид се наоѓа локалитетот Острец, Згрополци на надморска височина од 232 м, утврдување што било наменето за контрола на патната магистрала, долж десниот брег на реката Аксиј. Локалитетот го откриле В. Лилчиќ-Адамс и А. Илиевски. Тие документирале на теренот фортифициран комплекс составен од мала акропола (0.32 ха) и северно подградие (0.49 ха) на вкупна површина од 0.81 ха.[520] Во западниот агол на акрополата се наоѓаат контури на кружна кула (дијаметар околу 12 м). Локалитетот се простира на следните катастарски парцели: 25/1, 26, во катастарската општина Згрополци.[521]

На локалитетот се разликуваат 3 фази на живеење:

I. Прва фаза: Архајски и класичен период, пајонски кастел (7.-5. век, п.н.е.);

II. Втора фаза: Римска републиканска кружна кула (168-166 година, п.н.е.);

III. Трета фаза: раноримски период (3. век, н.е.).

Пронајдени се наоди делови и фрагменти на садовата керамика, откриена на површината како и два бронзени предмети; и кружна кула на римската републиканска војска, посведочена со 7 римски републикански монети, од кои 5 се на квесторот Гај Тамиј Публилиј (148-146); откриени се и 2 бронзени монети на Тесалоника под Филип V и Персеј. На северната падина откриена е монета, антонинијан на римскиот император Аурелијан (270-275).[522] Овие наоди, укажуваат дека кастелот протогено егзистирал како пајонски кастел, сè до раноримскиот период.

---

[520] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 313
[521] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат.
[522] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 313

## 8.11 „Свети Илија“, село Виничани

Наспроти вливот на реката Астибо/Брегалница во Вардар, на 1,8 км, западно од десниот брег на реката се наоѓа ритчето Свети Илија, на југоисточната периферија на село Винчани[523] на 243 м надморска височина. Локалитетот се простира на следните катастарски парцели: 949/1, 950, 951, 952, 953, општина Виничани.[524]

Овој значаен крајпатен кастел со *intra muros* површина од 2.3 ха, поседува културни хоризонти од најмалку 3./2. век, п.н.е. до 6. век, н.е.[525]

Врвот претставува широко рамно плато со неправилна форма, на акрополата, кон запад и југ се протегаат две тераси кои биле укрепени. Вкупната површина изнесува 2,5 ха.[526] Утврдувањето во раната антика било изградено од камен сувоѕид, а во доцноримско време изграден бил малтерски ѕид од северната и источната страна следејќи го стариот тек на ѕидот, на југ и запад со неправилна квадратна форма.[527] Во внатрешноста на акрополот има остатоци од мала христијанска црква. Од постарите наоди, пронајдени се монети на Константин I, Гратјан, Теодосиј I и Лав датирани од 4. до 6. век.[528] Овој крајпатен кастел служел за контрола на патот Via Axia до Гурбита на север и Стоби, на југоисток.

На локалитетот се разликуваат 2 фази на живеење:

I. Прва фаза: кастел од 3. и 2. век, п.н.е.;

II. Втора фаза: кастел од доцноримскиот период (4.-6. век, од н.е.).[529]

---

[523] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 311
[524] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат.
[525] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 311
[526] Лилчиќ-Адамс В., 1997, 31
[527] Mikulčić I., 2002, 441
[528] Mikulčić I., 2002, 441
[529] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат.

Потребата за идни археолошки истражувања е најважна, бидејќи го држи клучот за отклучување на мистериите што лежат закопани под површината.

## 8.12 „Вршник Плоча", село Цидимирци

Локалитетот се наоѓа долж левиот брег на Вардар, на ридот Вршник-Плоча, Цидимирци, спроти античкиот град Стоби на катастерска парцела 109, во општина Цидимирци.[530]

I Главна фаза: тврдина на последните антигонидни кралеви (крајот на 3 или 1 половина на 2. век, п.н.е.

Локалитетот го открил В. Лилчиќ-Адамс, кој документирал мала антигонидска тврдина со остатоци на монети на Пела и Амфипол, како и оловен проектил со буквите MEP/NA.[531]

## 8.13 „Градиште Војшански Рид", село Војшанци

Локалитетот се наоѓа на југоисточната периферија на Војшанци, 1 км од брегот на Аксиј. Тераса со стрмни падини во север, запад и југ со површина 2,5 ха.[532] Локалитетот се простира на следните катастарски парцели: 779/1, 959, 967, 968, 969, општина Војшанци.[533]

Од наодите, пронајдена е хеленистичка и римска керамика и неколку монети на Константин. Пред повеќе од еден и пол век австрискиот конзул Ј. Г. Хан, во 1839 година го посетил Војшанци и

[530] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат.
[531] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 317
[532] Mikulčić I., 2002, 341
[533] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат.

забележал: акропола, градежна керамика, торзо од искршена гола човечка статуа од бел мермер, во природна големина. Бил најден и барелјеф, со претстава на орел и еден саркофаг со груба изработка. Саркофагот можно е да е најден источно во рамнината, а доста веројатно е дека таму имало некропола, со оглед на тоа што селаните ваделе камени плочи од гробови од самиот терен.[534]

Од литературата, дознаваме за откриени монети на: Филип V, Персеј, автономна Македонија под Филип V и Персеј, Пела, и на римскиот квестор Гај Тамиј.[535]

На локалитетот се разликуваат 2 фази на егзистенција: I. Прва фаза: Антигонидски воен кастел (Филип V, Персеј); II. Втора фаза: населба од раниот и доцноримскиот период, со храм и некропола (1.-4. век, од н.е.).[536]

Кастелот на локалитетот Градиште Рид, кај селото Војшанци, протогено бил антигонидски кастел што го контролирал патот долж левиот брег на Вардар во раната антика, но продолжил да се користи и во римско време со истата функција.




*Сл. 37. План на „Градиште Војшански Рид“, село Војшанци, И.Микулчиќ*

[534] И. Микулчиќ, 1984, 11,Mikulčić I., 2002, 341
[535] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 314
[536] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат.

## 8.14 „Пченични Дупки-Споменик“, Демир Капија

На 4,45 км, западно од Демир Капија, долж автопатот кон Неготино, на местото каде што реката Вардар го допира ридестиот масив, на ниско ритче се наоѓа локалитетот Пченични Дупки - Споменик простирајќи се на катастарска парцела 1175/1, во општина Демир Капија.[537] Локалитетот е со пресечен централен дел во рамките на градежните активности на пробивањето на новиот магистрален пат Е-75.

На блага падина кон брегот на Вардар, при оформување на потпорен ѕид и пропуст за вода, бил пресечен објект кој што В. Соколовска го интерпретира како светилиште посветено на Диоскурите, [538] и прелиминарно го датирала во 2.-3. век, н. е., но во последните година, истата го ревидирала својот став и го датирала во 2. век, п.н.е.[539] Тука, било пронајдено растурено депо од 200 бронзени монети, [540] на градовите Амфипол, Тесалоника, како и автономна Македонија, под Филип V и Персеј. Од овој локалитет, во литературата се познати три бронзени монети на Персеј.[541]

На локалитетот се разликуваат 2 фази на егзистенција:

I. Прва фаза: крајпатна населба на локални Пајонски жители;
II. Втора фаза: Антигонидски кастел со македонска воена единица (Филип V, Персеј).
III. Трета фаза: населба во раноримски период со храм на Диоскурите.[542]

[537] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 307-308.
[538] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 307-308
[539] Соколовска В., 2017, 62
[540] Соколовска В., 2013, 48
[541] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 307-308
[542] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат

Очигледно е дека на ритчето бил оформен мал антигонидски кастел стража за контрола на теснината, помеѓу речното корито и ридестиот масив на југ,[543] што се користел и во ранoримскиот период .

## 8.15 „Чифлик Илимов Рид“, Демир Капија

Локалитетот се наоѓа на 1,5 км, источно од Будур Чифлик, на доминантениот рид („Илимов Рид“, со надморска височина 260 м) со остатоци од доцнохеленистички ѕид од камен, а на највисокото плато се наоѓа Акрополот со квадратна форма и димензии 130x100 м, додека пак на долната, јужна падина, се наоѓала населбата опкружена со полукружен двоен ѕид. [544] По средината на 3. век, тврдината била обновена, со ѕид од камен широк 2,2 м, фиксирање на терасата пред стариот источен ѕид има и водоводна цевка изработена од керамички тубули. Во внатрешниот дел, се забележувале темели од неколку големи згради видливи на површината.[545] Локалитетот се простира на следните катастарски парцели: 1591, 1592, 1672, во општина Демир Капија и катастарски парцели: 277, 281 во општина Чифлик.[546]

Од наодите најбројни се раноантичката керамика и монети од 3. век до 1. век, п.н.е. Од терасата, пред стариот источен ѕид има бројни доцноримски наоди: керамика, долија, брошеви, токи и фитинзи за ремени, железни предмети. Биле откриени монети на императорите Галиен, Константин I и II, Констанциј, Констанциј II и Валенс.[547]

На локалитетот се разликуваат 2 фази на живеење:

I. Прва фаза: културен хоризонт од раната антика (3.-1. век, п.н.е.)

[543] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 307-308
[544] Mikulčić I., 2002, 331
[545] Mikulčić I., 2002, 331
[546] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат
[547] Mikulčić I., 2002, 331

II. Втора фаза: културен хоризонт од раниот и доцноримскиот период (3.-4. век, н.е.).

Ова утврдување, од типот кастел кај селото Чифлик, пред Демир Капија го контролирало влезот во Демир Каписката Клисура.

## 8.16 „Маркова Кула", Корешница, Демир Капија

Локалитетот Маркова Кула се наоѓа во атарот на селото Корешница, во близина на Демир Капија, лоциран е на највисоката точка и доминира на масивот Јуручки Камен. Источната страна на тврдината лежи на работ на Човечкиот просек, чии скалести карпи се сосем непристапни, пред челниот ѕид од север на тврдината е поставен одбранбен ров, долг 70 м и широк 12—15 м, всечен во жива карпа. Ѕидови од кршен варовник, без малтер се широки 2,50 м. Голема е 270x50/60 м. Во средината на тврдината е подигната внатрешна фортификација,[548] со правоаголна основа, голем 40x36 м и бранет со 10x7,50 м, голема внатрешна кула. Ѕидовите околу оваа градба се градени од убаво делкани, големи квадери и широки 2,40-3,20 м, што и давало посебна сигурност и монументалност. Во доцноантичкото време, северниот и јужниот крај на тврдината биле целосно обновени.[549] Локалитетот ги опфаќа следните катастарски парцели: 526, 527, општина Корешница и катастарска парцела: 68, општина Челевец.[550]

Оваа тврдина, била за прв пат забележана во 1863 година, во патеписот на австрискиот конзул Ј. Г. Хан, кој за овој локалитет запишал: *„За чудо тврдината изгледаше како киклопска, тоа е единствената градба од тој вид, на која наидов на својот пат. Колку што разбирам, главниот дел*

[548] Според И. Микулчиќ дворец. Види: Лилчиќ-Адамс В., 2008, 20
[549] И. Микулчиќ, 1989, 76-77
[550] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат

*е една четвртеста кула чии внатрешни страни се долги 10 чекори. Дебелината на ѕидот изнесува 6 чекори и е емплектон од кршен камен помешан со земја. На надворешните страни таму каде што се гледаат има блокови.*[551]

Првиот обид за исцртување на планиметријата на локалитетот е направен од Невенка Петровиќ-Спремо, објавен во 1961 година, нејзина корекција и дополнување врши И. Микулчиќ во 1982, а подоцна и В. Лилчиќ-Адамс во 2008. [552] Првите ископувања на локалитетот биле извршени во 1970 година, од страна на Р. Пашиќ, а потоа во 2008 година, од страна на В. Лилчиќ-Адамс со А. Јакимовски. Дополнување на планиметријата, на внатрешната фортификација што била сметана за дворец, направил и О. Петров, по неговите археолошките истражувања во 2016 година. [553] Додека најновата планиметрија на кастелот во геореференцирана форма што ја приложив погоре во текстот ја изработил В. Лилчиќ-Адамс.

Според историчарите Н. Хамонд и Ј. Борза, Маркова Кула ја оформил македонскиот крал Архелај (413-399 година, п.н.е.), со цел за одбрана на престолнината Пела, [554] на што, според него, укажуваат и раноантичките остатоци од ѕид, граден од камен без малтер.[555]

Од постарите наоди, доминираат керамиката и монети, доцноантичка кујнска керамика.[556] Пронајдени се монети на Теутај, на градот Акант, бронзени монети на македонските кралеви: Аминта III, Филип II, Касандар и Деметриј I Полиоркет. Од доцноантичките наоди, се издвојуваат бронзена позлатена фибула, фолис на Јустин I, четири врвови од стрели и неколку средновековни бронзени скифати од 12.-13. век.[557]

[551] Лилчиќ-Адамс В., 2008, 20
[552] Лилчиќ-Адамс В., 2008, 22
[553] Петров О. 2021, 45
[554] Лилчиќ-Адамс В., 2008, 24
[555] И. Микулчиќ, 1989, 76
[556] Mikulčić I., 2002, 331
[557] Лилчиќ-Адамс В., 2008, 24-25

На локалитетот се разликуваат 3 фази на престојување: I. Прва фаза: воена база со внатрешна фортификација со две челни кули, на античката македонска династија Аргеади (монети на: Александар I, Пердика II, Аминта III, Филип II, Александар, Касандар) и на антигонидскиот крал Демитриј I Полиоркетас; II. Втора фаза: доцноантички/рановизантиски кастел 4.-6. век, н.е.; III. Трета фаза: средновековен кастел 10.-14. век, од н.е.[558]




*Сл. 38. План на „Маркова Кула“, Корешница,Демир Капија, В.Л.Адамс*

558 Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат

## 8.17 „Кула Среден Град“, Корешница - Демир Капија

Локалитетот Кула, се наоѓа 250-350 м, североисточно од ѕидините на збегот, на многу повисока позиција. Источно се наоѓа Челевечката Клисура.

Локалитетот ги опфаќа следните катастарски парцели: 526 во општина Корешница и катастарски парцели: 163, 159, во општина Челевец.[559]

Основата ѝ е трапезоидна, долга е 103 и широка 70 (34) метри. Ѕидовите се широки 1,80-1,90 метри, ѕидани во цврст малтерен опус, а трасирани со прави линии како римските логори.[560]

Јужниот ѕид е зајакнат со една четвртеста кула и ров пред неа. Северениот ѕид е зајакнат со 2 четвртести кули на аглите и една триаголна кула на средината. Околу 60 м северно од него е всечен одбранбен ров во жива карпа.
Има остатоци од постаро раноантичко утврдување. Од наодите, доминира кујнска керамика и тегули од 6. век.[561]

На локалитетот се разликуваат 3 фази на живеење:

I. Прва фаза: раноантичка фаза, фрагменти од керамика;

II. Втора фаза: доцноантичка тврдина 4.-6. век, од н.е.;

III. Трета фаза: средновековен културен хоризонт од 13.-14. век, од н.е.[562]

---

[559] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат
[560] И. Микулчиќ, 1989, 76
[561] Mikulčić I., 2002, 335-336
[562] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат.

## 8.18 „Кула Постралец“, Демир Капија

Локалитетот Кула Постралец е најсеверната тврдина на возвишението Краставец, од десната страна на реката Вардар, што ја надвишува реката за 380 метри. Локалитетот се простира на катастарска парцела бр. 42/1, во општина Демир- Капија.[563]

Тврдината можела да го контролира патот низ клисурата, така што на тоа место бил всечен во вертикална карпа, но и помошниот пат што се качувал по стрмниот дол Постралец до една преседлина, 380 м, високо над Вардар. Патеката се спуштала од другата страна на преседлината, по стрмен дел кон Вардар. Овој премин бил очигледно користен само во исклучителни ситуации, макар што по него можеби врвеле и коли, за што зборуваат траги од колски тркала, всечени во жива карпа во подножјето на Постралец, односно под чуката Манастир.[564]

По гребенот Кула, се протегал постар ѕид од крупен кршен камен без малтер, до високата преседлина на југоисток, ја преминувал и продолжувал кон планината на југоисток и југозапад. Според И. Микулчиќ, ѕидот потекнува веројатно од раната антика 3.-1. век, п.н.е., кој подоцна, во доцна антика бил обновен, каде на неговиот северозападен дел била изградена нова тврдина со цврст малтер. Тврдината била долга до 410 м и широка 50-100 м.[565]
Најсилно утврден бил источниот крај на тврдината, зајакнат со бастион, со ѕид дебел 4,10 м. Можат да се препознаат две мали површини, акрополи.[566] На просторот меѓу акрополите биле видливи остатоци од

[563] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат.
[564] Микулчиќ И., 1989, 77
[565] Микулчиќ И., 1989, 77
[566] Микулчиќ И., 1989, 78

неколку градби, како и мноштво на градежна покривка керамика и поретко садова керамика.[567]

Засега на локалитетот се разликува една фаза на живеење: I. Главна фаза: чуварски кастел од доцноримски период и рана Византија (4.-6. век, од н.е.).[568]




*Сл. 39. Табела со шемашски основи на укрейенаша варош на Просек („Марков ӣрад бр. 5) и околниӣе ӣврдини „Кула“ (7), „Кулана Посӣралец“ (L) и „Маркова кула“ на Јурички Камеи (Ј) сӣоред И.Микулчиќ*

[567] Петров О. 2021, 48
[568] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат.

# 9. ВИСОКИТЕ КАСТЕЛИ – СПЕКУЛИ И СИГНАЛИЗАЦИЈАТА ВО ДОЦНАТА АНТИКА

Во антиката, концептот на високите кастели - спекули и сигнализација играле значајна улога во воената стратегија и комуникација. Високите кастели- спекули, познати и како стражарски кули, биле стратешки позиционирани издигнати структури обично изградени на доминантни ридови или високи места. Овие структури служеле за повеќе цели, вклучувајќи одбрана, набљудување и комуникација.

Високите кастели- спекули обезбедувале поволна гледна точка од која можело да се набљудува околниот регион, вклучувајќи ги непријателските движења и потенцијалните закани кои доаѓале, главно, од северните доцноантички провинции на Дунав. Тие овозможувале рано откривање на непријателски војски или напаѓачи кои се приближувале, давајќи им на бранителите клучно време да се подготват и соодветно да одговорат, или доколку добијат вест за многубројна воена сила, навремено да се повлечат во планинските рефугиуми. Еден од најважните аспекти на високите кастели била нивната улога во сигнализацијата. Спекулите, често служеле како сигнални станици, олеснувајќи ја комуникацијата на долги растојанија преку употреба на визуелни сигнали, како што се палење на оган или сигнали од чад.

Во ерата пред современите методи на комуникација, со ограничени средства за комуникација на далечина, како што се гласници или писма, визуелната сигнализација била од суштинско значење за брзо и ефикасно пренесување на пораките на огромни растојанија.  Употребата на сигнали со палење на оган, на пример, овозможувала брзо пренесување на пораките од еден висок кастел до друг, овозможувајќи им на

командантите да ги координираат движењата на војниците, да предупредуваат за претстојната опасност или да пренесуваат важни информации во реално време. Со палење или гасење оган во одредена секвенца или шема, пораките можеле брзо да се пренесат низ огромни територии. Оваа форма на сигнализација, била особено ефективна за итни комуникации или во ситуации кога конвенционалните средства за комуникација биле непрактични или премногу бавни. Секако, најверојатно постоеле и други методи на сигнализација можеби со употреба на знамиња, сигнални сирени, тапани, рогови, труби или дури и огледала кој со манипулирање на одразот на сончевата светлина служеле за пренос на кодирани пораки кои можеле да се пренесат низ огромни територии, во реално време.

Генерално, употребата на високи кастели спекули и сигнализација во антиката ја прикажува важноста на стратешката комуникација во воените операции и ја нагласува генијалноста на древните цивилизации во прилагодувањето на предизвиците на војувањето, во ерата пред модерната технологија.

Сигнализацијата по Вардарската магистрала ја открил и истражувал В. Лилчиќ-Адамс, кој дошол до откритие, мрежа на сигнали и оптички средства за известување во 6. век.[569] Тој го реконструираше овој специфичен оптички телеграф низ долината на реката Вардар, со вкупно 8 кастели база и кастел спекула, единечни или посебни фортификации.[570] Според него, овој сигнален систем воглавно се состоел од два елементи: кастел-база, за сместување на главните трупи, од кои помалите единици биле испраќани во повисокиот кастел-спекула за чување стража и доминантна стражарска кула-спекула, од која се испраќа сигнал.[571] Со новите истражувања В. Лилчиќ-Адамс, во рамките на проектот

[569] Lilčić-Adams V. 2017, 238
[570] Lilčić-Adams V. 2017, 237-249
[571] Lilčić-Adams V. 2017, 238

Археолошко рекогносцирање на старите градови и тврдини во сливовите на реките Вардар, Дрим и Струмешница дошол до нови сознанија.

Како што спомнавме на почетокот, магистралниот пат Via Axia во Македонија влегува од север, преку Косово. Патот, понатаму влегува преку Качаничката Клисура[572] во Скопско, чиј излез од Качаничката клисура во Скопскиот Басен бил стратешки контролиран од кастелот на ридот ***Давина Кула***, атар на селото Чучер.[573] Скромните податоци, укажуваат дека сигналот кон Давира Кула, Чучер, бил испраќан од тврдините во селата Љаниште (Llianishta) и Ѓурѓев Дол (Gjurgedell) на надморска височина од 837 м, на растојание од 15,85 км до Давина Кула.[574] Оптичкиот сигнал од Давина Кула можел да се забележи од акрополата на градот Скупи, на оддалеченост од 7,9 км.[575]

Од тврдината Давина Кула, Чучер-Сандево, сигналите можеле да се забележат од кастелот-спекула ***Маркови Кули/Марково Крувче, Кисела Вода*** на растојание од 14,3 км. Додека пак, северозападно на оддалеченост од 6,4 км, се гледа акрополата на градот Скупи.[576] Локалитетот Маркови Кули/Марково Крувче Кисела Вода, се наоѓа на издолжено плато на катастарска парцела: 1898/6, во КО Кисела Вода 1.

На локалитетот се разликуваат 3 фази на живеење :

I. Прва фаза: шпекулативен можен кастел од раната антика;

II. Втора фаза: доцноантичка / рановизантиска база (4.-6. век, н.е.);

III. Трета фаза: средновековен град Чрнче (10.-14. век, н.е.).[577]

Тврдината ја посетил А. Еванс, кој забележал урнатини од еден антички кастел, што завршуваа со полигонална кула. Првите археолошки истражувања и планиметрија на утврдувањето, ги извел И. Микулчиќ во периодот од 1976 до 1980 година, а потоа истражувања вршеле и В.Лилчиќ-

[572] Мирковић, М., 1960, 253
[573] Лилчиќ-Адамс В, 2019, 184, види точка од темата 8.1 (Кула) Давина Кула стр. 154
[574] Lilčić-Adams V. 2017, 240
[575] Lilčić-Adams V. 2017, 241
[576] Lilčić-Adams V. 2017, 241
[577] Fasolo M., Lilcik Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат.

Адамс, М. Фулер од САД, К. Ристов.[578] Во истражувањата водени во 2007/2008 година, учествував и јас во тимот под раководство на К. Ристов., В. Лилчиќ-Адамс, во 2019 година публикува втора ревидирана планиметрија на овој локалитет, изработена во соработка со Игор Ширтовски.

Акрополата содржи масивна челна, триаголна, клиновидна кула, голема 15х7 м. Широчина на главниот одбранбен ѕид од 1,8-2,55 м, вкупно 35 кули, меѓу кои се истакнуваат: голема полукружна кула на најзападната страна од јужниот ѕид (8х7 м), и уште четири триаголни кули (големи по 11х7,5 м), на истиот ѕид. Во акрополот се наоѓаат две цистерни за вода.[579] Овој кастел, кој имал функција да го контролира патот кон Таор, низ кој водел патот кон Стоби, но спаѓа и во категоријата кастел база и спекула поради неговата визура кон Давина Кула.[580]




*Сл. 40. план на Маркови Кули, Кисела Вода (В. Л. Адамс и И. Ширтовски)*

[578] Лилчиќ-Адамс В., 2019, 233
[579] Лилчиќ-Адамс В., 2019, 235
[580] Лилчиќ-Адамс В., 2019, 236

Оптичката сигнализација од тврдината на Маркови Кули на Водно била примана југоисточно, на локалитетот ***Градиште Таор*** на растојание од 16,95 км.[581]

Наредната позиција на сигнализацијата од Градиште Таор, била фортификацијата ***Кале/Каља, село Добрино*** на растојание од 9,15 км. Локалитетот Кале/Каља, село Добрино, се наоѓа на доминантен рид на 1,9 км, североисточно од селската џамија на Долно Добрино на катастарска парцела: 1001, катастарска општина Добрино. Досега, регистриран е еден културен хоризонт - доцноантичка кастелска спекула.[582]

Локалитетот, прв го забележал Ј. Трифуновски, а пак во 1982 година, И. Микулчиќ го споменува локалитетот Каља како мал регионален центар – доцноантичко село, а во 1987 година В. Лилчиќ-Адамс го посетил истражувал и ја снимил планиметријата на кастелот.[583] На врвот на ридот се наоѓа зарамнето плато со издолжена форма и ориентација север – југ, бил оформен одбранбен сувоѕид со издигнати контури на северно и јужно чело. Големината на оваа издолжена елипсовидна фортификација изнесува 190x70 м.[584]

Наредната позиција на оптичка сигнализација од Кале/Каља, село Добрино кон Клепа е кон кастелот на ***Карабуниште Цуцулигово*** на растојание од 2,8 км. Локалитетот се наоѓа на катастарска парцела: 121/1, во катастарска општина Карабуниште. Се разликуваат 3 фази на живеење : Прва фаза: Архајски период, II. Втора фаза Антички македонски кастел, Персеј (2. век, п.н.е.) и III. Трета можна, засега шпекулативна фаза: доцноримски период (4.-6. век, н.е.). [585] Сигналите од Карабуниште Цуцулигово можеле да се видат/гледаат од кастелот спекула

[581] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат, види точка од темата 8.2 Градиште Таор стр. 160
[582] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат
[583] Лилчиќ-Адамс В., 2019, 221
[584] Лилчиќ-Адамс В., 2019, 221
[585] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат

***'Дворишѿе'/Крајници Клеѿа,*** на растојание од 29,7 км.[586] Локалитетот го покриваат катастарските парцели: 141, 142, 163/3, КО Двориште и катастарска парцела: 644, КО Крајници.[587] Овој локалитет, претставува издолжено плато зафаќајки површина од 316x85 м.

Според тоа, централниот кастел-спекула на Средно Повардарие се наоѓал на доминантниот врв Клепа (на надморска височина 1,149 м, од каде во 6. век биле алармирани градовите Стоби на оддалеченост од 13,4 км и Антигонеја на оддалеченост од 24,9 км.[588]

Кастелот во Клепа долго време бил истражуван и публикуван, В. Лилчиќ-Адамс во 1996 година, кој ја открил рановизантиската база на локалитетот Скачинско Кале, Скачиоци, каде при истражување на утврдувањето откриен е рановизантиски културен хоризонт од 6. век.[589] Освен оваа фаза на локалитетот 'Двориште' Клепа, се разликува и раноантичка фаза со пронајдени остатоци од храм на Аполон од 2.-3. век, н.е.[590] Со својата височина од 1,149 м, кастелот Клепа ја претставува највисоката спекула на централниот оптички телеграф низ Република Македонија, служејќи како централен светилник што поврзува неколку спекули со Западот ( Клепа-Крива-Круша-Трескавец) и Исток (Клепа-Калапетровци-Радовишки региони). Сигналите од кастелот - спекула Клепа биле забележувани од кастелот - спекула ***Маркова Кула, Корешница,***[591] на растојание од 41 км. Како стратешка база во рано античкиот македонски период, тврдината Маркова Кула, Корешница продолжила да опстојува како таква во раниот византиски период, како и подоцна во византискиот период, но и во средниот византиски период.[592]

[586] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат
[587] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат
[588] Lilčić Adams V. 2017, 246
[589] Lilčić Adams V. 2017, 246
[590] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат
[591] види точка од темата 8.16 Маркова Кула Корешница стр. 191
[592] Lilčić-Adams V. 2017, 247

Сигналите од кастелот - спекула Маркова Кула, Корешница ги примале бранителите од доминантниот карпест планински врв, што се издига северно над Валандово каде се наоѓа кастелот-спекула/база ***Исар-Жайкаша, Валандово*** (кота 632 м) на растојание од 25,5 км. [593] Локалитетот се наоѓа на катастарска парцела: 1245, во КО Валандово и катастарска парцела: 11 во КО Пирава-вонград.[594] Утврдувањето не беше познато во науката, сѐ до 2012 година, кога го откриле В. Лилчиќ-Адамс и И. Ширтовски и изготвиле планиметрија.[595]

Откриени се остатоци од силна фортификација, со неправилно издолжена површина, со вкупна утврдена површина од 330х70 м, компонирана од три делови и тоа акропола, подградие и северно предградие, бранети на северната страна со длабок ров. Во рамките на комплексот се наоѓала претпоставена, мала ранохристијанска црква, а на соседниот понизок рид на југоисточната страна се наоѓала уште една претпоставена, мала ранохристијанска црква.[596]

На овој локалитет, во рамките на сите истражувачки денови бил евидентиран исклучиво еден културен хоризонт. Се работи за голем рановизантиски кастел од 6. век, н.е.[597] Откриени се две монети: едната е апоен од 10 нумии на Јустинијан I (Константинопол), а втората е деноминација од 20 нумии на Јустин II, од 569 година (Тесалоника).[598] Со истражувањата во 2017, водени од страна на В. Лилчиќ- Адамс и И. Ширтовски биле пронајдени и наоди, делови од покривни тегули – лаконски тип, имбрекси, градежен камен, делови од питоси, градежни/подни тули, ободи од питоси, стаклени чаши, бронзени апликации со стилизиран двоглав орел, фрагменти и делови од садова керамика, меѓу кои биле идентификувани фрагменти, од т.н. ребрести

[593] Lilčić-Adams V. 2017, 248
[594] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат
[595] Lilčić Adams V. 2017, 248
[596] Ширтовски И., 2018, 472
[597] Ширтовски И., 2018, 474, Fasolo M., Lilcik Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат
[598] Lilčić-Adams V., 2017, 248

амфори карактеристични за 6. век, н.е. Биле откриени уште две рановизантиски монети, полуфолис на Јустин II искован во Тесалоника и една оштетена монета, за која се претпоставува дека се работи за полуфолис на царот Јустинијан I.[599]

Од кастелот Жапката, Валандово, оптичкиот сигнал према југ, може да се види од кастелот - спекула/база ***Кале Дуб Карабали, Богданци*** (кота 682 м), на растојание од 18,8 км.[600] Локалитетот се простира на катастарските парцели: 2851, 2851/2, во КО Богданци-вонград.[601] Истражувачите В. Л. Адамс и И. Ширтовски, забележале и документирале на овој локалитетот цврст малтерски ѕид со површина од 310х200м(4ха). Од наодите, биле пронајдени се разни доцноантички/рановизантиски градежни материјали, како и делови од покривни керамиди - тегули лаконски тип, цели градежни блокови и фрагменти, неколку рановизантиски монети: фолис, 40 нумии на Анастасиј, монета на Јустинијан I и други, како и бронзена монета на античкиот македонски крал Филип II,[602] што укажува на тоа дека ова доминантно плато, несомнено први го фортифицирале македонските кралеви, но истото продолжило да се користи во доцната антика. Од Кале Дуб Карабали, Богданци, алармните сигнали продолжувале на југ до Тесалоника, на растојание од 61 км, воздушно растојание. В. Лилчиќ-Адамс, претпоставува дека во продолжение кон Тесалоника биле организирани/ангажирани уште два сигнални кастели. Првиот, најверојатно бил кастелот ***Палеокастро*** во соседна Грција, наоѓајќи се на 28,4 км југоисточно од Кале Дуб Карабали. Додека пак, наредната сигнална точка – кастел спекула била на доминантна височина, во ридскиот масив над градот ***Палеокастро/Ораиокастро***, околу 12 км, северозападно од ***Тесалоника***.[603]

[599] Ширтовски И., 2018, 474
[600] Lilčić-Adams V. 2017, 248
[601] Fasolo M., Lilcik-Adams V., Ferara 2023, статија во подготовка за печат.
[602] Lilčić-Adams V. 2017, 249
[603] Lilčić-Adams V. 2017, 249

# 10. ПРЕДРИМСКИ ПАТНИ ТРАСИ

Во стручната литература, по долината на реката Аксиј во раната антика беше позната само една патна траса, Источниот магистрален пат долж реката Вардар, меѓутоа во текот на последната деценија В. Лилчиќ-Адамс заедно со тим археолози кој активно се занимавале со истражувањата на проблемот на македонската стратегија Пајонија, дојдоа до нови сознанија, посебно во делот по течението на Вардар помеѓу Велешко и Скопско, со нејзината десна притока Кадина Река и нејзината лева притока реката Пчиња.

Тие востановија, дека во раната антика постоеле две патни траси што воделе долж двата брега на реката Аксиј/Вардар, што значи долж источниот и долж западниот брег.

### *Западен магистрален пат (десен брег)*

Стариот магистрален пат, водел долж десниот (западниот) брег на реката Аксиј/Вардар, од Пела преку градовите Аталанте и Европ, влегувајќи во денешна Македонија кај Гевгелија поминувал преку античкиот град ***Гортинија***, денес тоа е локалитетот ***Вардарски Рид, Гевгелија.*** Патот се движел на север, низ областа Амфакситида низ Демиркаписката Клисура. Минувајќи низ Демир Капискиот Теснец, патот влегувал во Пајонија.[604]

Од Вардарски Рид, долж десниот брег на Вардар, наредниот локалитет на 13 км на север, се наоѓа на ридот ***Туфка, Смоквица,*** што според неговата местоположба, непосредно на брегот на реката, укажува на функција поврзана со патната Вардарска магистрала.[605] Патот,

[604] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 297
[605] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 299

продолжува кон локалитетот ***Мрамор, Милетково*** што се наоѓа на 2,8 км, северно од локалитетот Туфка. На овој локалитет била евидентирана една мала крајпатна населба од рамничарски тип, со забележена егзистенција од крајот на 6. век, пред н.е., до крајот на антиката. Понатаму, на околу 8 км, од Мрамор, Милетково на север, патот влегува во 17 км, долгата Демиркаписка Клисура, каде на околу 2,8 км, западно од селото Градец, на десниот брег на Вардар, на почетокот на кривината, се наоѓа ниско ритче ***Раклата, Давидово***.[606] На падините на ритчето, како и на рамнината, источно пронајдени се фрагменти садови керамика, од раната антика. Оттука, кон север на утоката на Голема Јаворица во Вардар, на ридот помеѓу реките, во 2. век (а, можеби и порано), бил оформен кастел на локалитетот ***Градиште Голема Јаворица, Демир Капија***.[607] На овој локалитет, со истражувањата на В. Лилчиќ-Адамс откриени се монети на Амфипол од времето на Филип V и Персеј, што укажува на тоа дека тоа бил македонски кастел, користен од страна на кралевите Филип V и Персеј, служејќи за контрола на патот.[608] Продолжувајќи на северозапад, на 3,7 км, патот поминувал низ локалитетот ***Маркова Чешма,*** каде од магистралниот пат се одвојувал алтернативен пат што водел нагоре кон превојот Долни Краставец. Алтернативниот пат, од споменатиот превој се спуштал надолу до локалитетот Пештера-Пострaлец и повторно се спојувал со главниот магистрален пат.

Токму под тоа место, реката Вардар навлегувала во Демиркапискиот Теснец. Магистралниот пат, тука бил особено тесен, бидејќи бил изделкан во карпите. Водел на десниот брег, а бил контролиран со тврдината ***Кула над Постралец***, што се наоѓала на карпите, веднаш над теснецот.

На рамниот простор, пред влезот на Вардар во теснецот, јужно од вливот на реката Бошава во Вардар, на локалитетот ***Клисурско***

[606] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 299
[607] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 300
[608] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 300

***Маало/Бања/Болница, Демир Капија*** се наоѓаат остатоците од големи антички град, што очигледно е означен на Појтингевората карта како Стена.

Според актуелната истражувачка состојба, согледуваме дека приодот кон Демир Капискиот Теснец од западната страна, јужно од реката Вардар бил контролиран од неколку фортифицирани позиции: Илимов Рид, село Оризари, потоа Пенов Камен, Ароплано, Рамниште и Горни Краставец.[609]

Патот од Демир Капија продолжувал 4,45 км западно, долж автопатот кон Неготино, поминувајќи од локалитетот на ритчето **Споменик** - ***Пченични Дупки,*** каде бил оформен мал антигонидски кастел стража за контрола на теснината помеѓу речното корито и ридестиот масив на југ.[610] Оттука, на околу 7 км по автопатот на северозапад, се наоѓа локалитетот ***Градиште Чаир Рид, Тремник***, каде биле откриени монети на полуавтономните градови под Филип V и Персеј: две монети на Амфипол, две монети на Пела, потоа монета на градот Стоби, монета на римскиот квестор Лукиј Фулкиниј, како и монета на Марк Аврелиј (161–180).[611] На 7,8 км, северозападно од Тремник, патот водел кон локалитетот ***Градиште, Неготино,*** античкиот град ***Антигонеа.*** Од Антигонеа, патот продолжувал северозападно на 11,8 км, кај утоката на реката Еригон во Аксиј се наоѓа локалитетот ***Пусто Градско, Градско, античкиот град Стоби***, каде постоел премин од десниот на левиот брег на Вардар.[612] Патот продолжувал на 1,8 км западно на десниот брег од Вардар, низ крајпатниот кастел на ритчето ***Свети Илија, Винчани***.

На 13 км северозападно од Стоби, на десниот брег на Аксиј патот поминувал низ градот Гурбита, локалитетот ***Градиште, Згрополци,*** каде

[609] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 301
[610] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 308
[611] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 308
[612] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 310

според В. Лилчиќ-Адамс, со откривањето на локалитетот Градиште, село Кочилари, на левиот брег на Вардар, и убицирањето на античкиот град Алмана на овој локалитет, токму на просторот помеѓу двата града била преминувана реката Вардар.[613]

На 2,16 км воздушна линија, северозападно од Градиште, Згрополци, пред теснецот помеѓу ридестиот масив јужно и коритото на Вардар се наоѓа локалитетот ***Кале, Згрополци*** и локалитетот ***Острец, Згрополци*** кои ја контолирале оваа патна магистрала, долж десниот брег на Вардар.[614] Оттука, патот продолжува кон ***Велешко Кале***, каде влезот во клисурата бил заштитен со кастелот на ***Кале Превалец, Велес***. Патот продолжува преку подрачјата на селата Раштани, Белештевица, Слп, Карабуниште, Добрино, Зелениково.[615]

Од Кале Превалец продолжувал кон локалитетот кај ***Корија, Раштани***, потоа кон ***Кале Влахчани Цуцул-Кале Влахчани, село Слп-Кале, село Слп-Цуцулигово, село Карабуниште-Градиште, село Добрино – градот на Исар, село Студеничани***.[616]

Постоел и друг, повисок патен правец што водел од Зелениковско, преку атарите на селата Смесница и Добрино за Пелагонија. Имено, патот кај село Долно Добрино се двоел. Една делница, водела преку селото Стари Слп, кон превојот Дурмишевец, село Рлевци каде бил контролиран од фортификациите на Градиште, Рлевци и Трска Бузалково.

Додека пак, патната магистрала од Добрино продолжувала кон кастелот Цуцулигово, село Карабуниште, Кале, Слп и кон Велешко Кале.[617]

Од магистралниот пат, кај велешката населба Превалец, исто така, се одвојувал посебен пат што водел долж реката Бабуна кон Пелагонија.

[613] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 311
[614] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 313
[615] Lilčić-Adams V & Jakimovski A., 2024 (статија во печат)
[616] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 319
[617] Лилчиќ-Адамс В., 2019, 188




*Сл. 41. Карта со приказ на патните правци помеѓу Велес и Скопје (В. Л. Адамс)*

### *Источен магистрален пат (лев брег)*

Источниот магистрален пат водел по левиот брег на Вардар, северно од мочуришниот потег Шамак. Од Дунавските краеви кон Скопскит Басен приоѓал преку територијата на Косово, минувал низ Качаничката Клисура водејќи кон Бадерската Клисура на Пчиња, и кон Егејското море на југ.

Според И. Микулчиќ, овој пат од Скупи водел на исток, потоа југоисток, кај Катланово се провлекувал меѓу Пчиња и Катлановското Езеро (Јелатино) и се качувал кај денешно Блаце и Кожле спуштајќи се до местото каде што се влева реката Пчиња во Вардар. Во текот на 1. век, пред н.е., Рим, ја обновил оваа патна траса, долж источниот брег на Вардар и

долниот тек на Пчиња од нејзиниот влив до селото Бадер, со цел да го избегнат напорниот ридест предел, западно од Вардар низ кој што егзистирала споменатата раноантичка патна магистрала, по која марширале римските легии до крајот на 2. век, п.н.е.[618]

Според состојбите на фортификациските објекти што го обезбедувале овој пат, истиот се движел на југ поминувајки под следните утврдувања: ***Дрма-Смрѓец, Бадер – Кула, Бадер – Солиште, Летевци – Маркови Кули, Летевци – Кале, Слп – Отовичко Кале и Теќе, Башино Село***, кон ***Велешко Кале, Велес***, при што е очигледно дека некаде северно од Велес ја преминувал реката Вардар од левиот на десниот брег за да пристигне до Велешкото Кале.[619]

Меѓутоа, истиот пат продолжувајќи од Отовичко Кале, Башино Село на југ, долж левиот брег на Вардар, водел покрај локалитетот ***Асарлак, Кочилари,*** каде што В. Лилчиќ-Адамс го убицира воениот логор на кралот Персеј што во 168 година, го подигнал на брегот на реката Аксиј во неуспешниот обид да се сретне со Бастарните, под водачот Клондик за да ги најми во борба против Рим. На овој локалитет биле откриени монети на автономна Македонија под Филип V и Персеј (1), три монети на Пела, две монети на Тесалоника, Гај Тамиј Публилиј.[620] Оттука, патот водел до остатоците на раноантичката фортификација ***Градиште, Кочилари***. На ова место била минувана реката Вардар. Меѓутоа, патот долж левиот брег на Вардар кон југ продолжувал до утоката на реката Астибо, каде се наоѓа локалитетот ***Топот, КО Уланци.*** Тоа е низок рид што се издига над старата утока на реката Астиб во Вардар. Потоа, патот продолжувал кон антигонидскиот кастел на ридот ***Столот – Чардак, Џидимирци***, од каде продолжувал до античкиот кастел на ридот ***Вршник-Плоча, Џидимирци*** што се наоѓа спроти античкиот град Стоби.

[618] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 318
[619] Лилчиќ-Адамс В., 2022,318, Lilčić-Adams V & Jakimovski A., 2024 (статија во печат).
[620] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 317

Наредната станица е локалитетот ***Белата Земја Трнче, Пепелиште*** кој претставува голема населба од отворен тип со местоположбата на населбата, отспротива градот Антигонеа на Градиште Неготино, која што, како смета В. Л. Адамс, можеби служела како логистика за преминување на реката на ова место.[621]

Потоа, патот долж левиот брег на Вардар, продолжувал кон утврдувањето на локалитетот ***Градиште Војшанци*** стигајќи до Демиркапискиот теснец кој бил контактна зона помеѓу независните Пајонци на север и Македонците на југ, каде бил контролиран од кастелите Маркова Кула и Кула Среден Град, Корешница, како и ***Марков Град, Корешница***.[622]

Од превојот северно од Маркова Кула, Корешница, патот се спуштал во долинката на Челевечка Река, па се искачувал на превојот на сртот Ќунци (што се протега северно од Челевечко Кале).[623]

Потоа, патот водел на југ кон просторот на селото Градец, ја минувал Градечка Рекичка. На ова место, од магистралниот пат се одвојувал спореден пат што водел на север, преку Градешка Планина кон долината на реката Лакавица.

Од споменатата крстосница кај селото Градец, магистралниот пат водејќи долж левиот брег на Вардар, минувал под ридот ***Кула Камен, Градец***, што се издига веднаш над левиот брег на Муштеница Река, на кој што В. Лилчиќ-Адамс забележал и документирал остатоци од објект, за кој мисли дека се работи за остатоци на кула која вршела контрола на теснецот покрај коритото на Вардар.[624] На 2,8 км јужно, патот продолжува кон ***Удовски Рид, Градец***, потоа на 10 км јужно води кој локалитетот ***Исар, Марвинци антички град Идомене***. Оттука, на 6,5 км јужно од античкиот

[621] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 314
[622] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 313
[623] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 307
[624] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 305

Идомене води кон локалитетот ***Глоска Чука/Прдејска Чука, Грчиште*** каде има остатоци од населба со континуитет на живеење до раната антика. На 3,6 км, јужно од Глоска Чука се наоѓа локалитетот ***Градиште, Ѓавото*** кој се наоѓа на северната периферија на селото Ѓавото, локалитетот не е познат во стручната литература. Патот, долж левиот брег на Вардар кон југ на 5,8 км води кон локалитетот ***Кофилак/Богородичин Рид, Богородица.*** Крајпатниот кастел кој датира од преодниот период од бронзеното во железното време, се наоѓа на 800 м, источно од градот на Вардарски Рид, Гевгелија, отспротива реката Вардар.[625] Напуштајки ја Македонија, патот продолжувал кон Егејското море на југ.

Раноантичка патна мрежа, во долината на Вардар која што била оформена уште од Пајонците, а усовршена од страна на античките македонски војници, била клучен елемент за одбраната на територијата на античка Македонија од Дарданците и Келтите и други инвајдери кои навлегувале од север во Македонија. Македонската војска, во рамките на овие процеси реализирала неинвазивно анектирање на северните подрачја, во нашиот случај тоа било кралството Пајонија што било конвертирано во македонска Стратегија Пајонија, од страна на македонскиот крал Филип V.

Притоа, од голем значај биле утврдените кастели распоредени по двата магистрални правци на левиот и десниот брег на Аксиј, што придонесувало кон посилна одбрана на територијата, го олеснувале движењето на македонските воени сили и ја засилувале нивната контрола над регионот.

Овие патишта, претставувале важен дел од инфраструктурата на античка Македонија и имале влијание врз нејзината политичка и воена стабилност.

[625] Лилчиќ-Адамс В., 2022, 304

# 11. ЗАКЛУЧНИ РАЗГЛЕДУВАЊА

Течението на реката Вардар, особено во антиката, претставувало значаен простор од најголема важност за населувањето на луѓето. Оваа прастара река, во целиот свој тек, и во непосредна нејзина близина придонела за создавање на организирани форми на живеење кои што може да се следат од нејзиниот извор, па сè до вливот во Егејското море. Реката Вардар, во епохата на антиката позната како Аксиј, со векови претставувала витален транспортен коридор, поврзувајќи различни региони на Балканот. Магистралниот пат Via Axia се издвоил како значајна рута која што се пробивала низ срцето на Македонија, по долината на Аксиј. Реката и нејзината долина се сведоци на движење на луѓе, војски и стоки, уште од праисторијата. Тука, биле оформени различни култури и создадени цивилизациите на античките Македонци, Пајонци, Римјани, Византијци, Словени, Османлии и други кои ја препознале стратешката важност на оваа рута и основале населби, градови, кастели, стражи и трговски пунктови покрај нејзините брегови.

Нејзиното значење, како важна сообраќајница во регионот е потврдено и со тоа, што меѓу многуте патишта документирани на картата Tabula Peutingeriana, била прикажана и трасата на Via Axia. Античкот период по долината на реката Вардар, секогаш бил предизвик и предмет на научна обработка на археолозите, уште од самите почетоци на археологијата на овие простори.

Резултатите од археолошките истражувања, во последните неколку години, овозможија надополнување на старите сознанија и откривање на нови локалитети што отворија нови прашања и погледи кон античкиот период на регионот. Во мојот магистерски труд, ја сублимирав

целата досега позната литература, сите досегашни истражувачки работи, објавените публикации, објавените трудови во меѓународни списанија, разни извештаи од археолошки истражувања, преку новите сознанија добиени со археолошките истражувања, последните десетина години.

Во истражувањето и пишувањето на овој труд, беше поставена примарната цел за реализирање и темелно истражување на траекторијата на Via Axia низ територијата, расветлувајќи ги значајните градови и утврдувања кои што биле оформени на нејзиниот пат. Се обидов да дадам опис на истата и според катастарските парцели во катастарските општини да може да се добие претстава за тоа каде денес се наоѓа секој конкретен позначаен локалитет на Вардарскиот патен коридор.

Античките историчари, кои своевремено ги опишувале римските провинции, па така споменувајќи градови и области што се наоѓале по течението на Аксиј, претставуваат важен извор за проучувањата. Меѓу нив, се делата на Плиниј Постариот, Птоломеј и Хиерокле, Тукидид кој го забележал градот Гортинија што бил заземен од Ситалк без борба, Страбон кој ги опишувал римските освојувања и борбите во Македонија, Тит Ливиј кој дава податоци за поделбата на Македонија во 167 година, исто како и Диодор, Полибиј кој дава податоци за топографијата на Македонија, на почетокот на 2. век. Освен историските извори, податоците од итинерарии се корисни за лоцирање на одредени градови или населби, меѓутоа од исклучително значење за проучувањето на магистралниот пат Via Axia, претставува првиот картографски приказ на Појтингеровата Карта (Tabula Peutingeriana).

Писмените сведоштва, односно епиграфските споменици пронајдени на територијата на Република Македонија, се со натписи на старогрчки и латински јазик. Само мал број од натписите, напишани на старогрчки јазик се од периодот пред доаѓањето на Римјаните на овие простори (5. и 4. век, п.н.е.). Повеќето натписи и на грчки и на латински, се

од периодот по римското управување на Македонија, Пајонија и Дарданија, при што доминираат натписите од 2. и 3. век. Како најверодостоен извор за утврдување на правецот на определен, пред сѐ магистрален пат во римскиот царски период се миљоказите (*milliarium / milliaria).*

Досега, откриените миљокази меѓу кој  се двата миљокази во околината на Скопје, еден миљоказ во селото Злокуќани, миљоказ со цилиндричен облик пронајден на некогашната скопска Градска плажа, два миљокази на латински јазик пронајдени кај Катланово, миљоказот од варовник пронајден во населбата Маџари, кој е во чест на Марко Аврелиј каде посочени се 6 милји, потоа пронајдениот сегмент од миљоказ во близина на село Марвинци, како и камениот миљоказ од времето на Константин I пронајден во Демир Капија се директни сведоци за историската улога и развојот на областа во раноримскиот период од 1. до 3. век,  што како клучен доказ ги потврдуваат границите на територијата, веќе утврдени со крајпатните кастели и стражи, распоредени на трасата Via Axia.

Во поглед на историските случувања по победата на Римјаните во трите римско–македонски војни (215–168 година, п.н.е.), започнува период на римската управа и владеење на Македонија поделена на 4 автономни области – мериди на чело со главен магистрат и совет. По востанието, предводено од Андриск, Македонија ја загубила својата виртуелна самостојност од 168-148 година, така што во 148 година п.н.е., таа добила статус на римска провинција, чии што граници често се менувале, во зависност од припојувањето на новоосвоените области, особено северната граница. Скопско-кумановскиот регион, го покривал југозападниот агол на раноримската провинција Горна Мезија (Provincia Moesia Superior), додека пак на северозапад се наоѓала провинцијата Тракија (Provincia Thracia). Во доцната антика се допирале границите на следните пет, доцноантички провинции: Macedonia Prima, Macedonia Secunda, Dardania, Epirus Nova и Dacia Mediterranea, од кои само

провинцијата *Macedonia Secunda* целосно била опфатена со територијата на денешна Р. Македонија, додека останатите провинции во Р. Македонија зафаќаат само помали делови.

Магистралниот пат Via Axia, по долината на реката Вардар претставува јужен крак на таканаречениот Via militaris (воjнички пат), којшто од патот Белград-Софија-Константинопол се двоел кај Ниш, и по течението на Вардар продолжувал на југ до Тесалоника.

Ако ги земеме предвид предложените исправки од страна на неколку истражувачи, со кои се исфрлаат станиците Aqve (?) – XII – Anausaro – XXXV - Ad fines – VIII - Ad hercule, логично е да заклучиме дека истите биле по грешка преместени јужно од Скупи кон Стоби, односно патот Скупи-Стоби бил споен со друг соседен пат. Претставеното растојанието на Tabula Peutingeriana, помеѓу градовите Скупи и Стоби што изнесува 111 милји (дистанца која што одговара на 164,28 – 166,5 км), споредена со реалната оддалеченост од 52 милја (84 км), ни укажува на тоа дека дистанцата помеѓу Скупи и Стоби на Појтингеровата карта била дуплирана.

Патот од север преку Косово, преку територијата на античкиот град Ulpiana, каде што е и потврден со натпис влегува преку Качаничката Клисура во Скопско. Поминувајќи покрај првата станица на територијата на Македонија, градот Скупи, потоа патот продолжувал по десниот брег до крајпатниот каструм на локалитетот Дрма-Смрѓец-Praesidio. Оттука, низ Бадерско-Пчињската клисура по 4 км, доаѓа до следната наведена станица на Tabula Peutingeriana Ad cephalon - Велешко Кале (?). Патот, понатаму продолжувал на југ кон следната станица Gurbita – локалитетот „Градиште" кај селото Згрополци, од каде продолжувајќи по десниот брег на реката Вардар, преку Градско, пристигал до следната наведена станица Stopis – античкиот град Стоби. Од Стоби, на 17 км покрај десниот брег на Вардар поминувајќи покрај селото Криволак, приоѓал до локалитетот Градиште-Неготино – станицата Antigonia. Оттука, патот во римско време продолжувал во следните 13 км на југоисток и пристигал до

следната станица на Tabula Peutingeriana – Stenas. Се претпоставува, дека тоа биле остатоците на античкиот град на локалитетот Клисурско Маало-Бања, Демир Капија, што се наоѓал пред самиот карпест теснец низ кој се провлекувала реката Вардар, за да влезе во долгата Демиркаписка Клисура. Патот, водел покрај десниот брег на Вардар, преку атарот на денешното село Миравци, и потоа кај населбата на локалитетот Градишор-Мрамор, село Милетково. Се смета дека токму кај Градишор-Мрамор, постоел премин преку реката Вардар, од десниот на левиот брег. Оттука, патот пристигал до наредната станица на Tabula Peutingeriana. Тоа бил античкиот град Idomenia, денес локалитетот Исар, Марвинци. Оттука, патот продолжувал кон наредната станица, што според Појтингеровата карта се нарекувала Tauriana. Со голема веројатност, се претпоставува дека Тауријана се наоѓала под денешното село Нов Дојран. Оттука, по отворен терен, патот водел на југ долж западниот брег на Дојранското Езеро и преку крајпатната станица *Галик* – Gallicum на Појтингеровата карта, денес Кукуш – Килкис, пристигал во Тесалоника – Солун, Thessalonica. Па така, според моите согледувања, патната рута со наведените станици би изгледала вака:

Scupis (Скупи) - VIIII – Praesidio (Дрма – Смрѓец) – VIIII - Ad cephalon (Велешко Кале )– XIII – Gurbita (“Градиште” кај селото Згрополци) – VIII – Stopis (Стоби) – XII – Antigonia (Градиште – Неготино) – XI – Stenas (Клисурско Маало – Бања, Демир Капија) – XII – Idomenia (Исар Марвинци) – XX – Tauriana (Нов Дојран) – XVII – Gallicum (Кукуш) – XVI – Thessalonica (Солун).

Идентификувањето на точната рута на трасата Via, поддржано со археолошки наоди, каде некои станици се прецизно лоцирани преку археолошки истражувања, други остануваат неидентификувани, ја нагласува потребата за идни истражувања со методот на археолошки ископувања, бидејќи само со посветено и континуирано истражување би можело да се фрли повеќе светлина на споменатите загадочни локалитети, што ќе придонесе за посеопфатно разбирање на патот Скупи-

Стоби-Солун и неговото значење, во поширокиот контекст на римската инфраструктура.

Во поглед на античкиот град во Македонија, во раноримскиот период, со потпаѓањето на овие простори под римска власт, полека почнале да се шират и прифаќаат определени специфики врзани за културата на живеење на Римјаните, а со тоа и во градењето, пред сé на богатите резиденции. Во време на императорот Октавијан Август, македонските градовите почнуваат да заживуваат и да се развиваат во урбанизирани центри, при што максимално ги користеле античките патишта. Па така, градот Скупи кој се развил од раноримски легионерски логор добил статус на колонија. Градот Стоби, кој израснал непосредно околу постарата пајонска населба, во римскиот царски период познат како *municipium Stobensium,* за сите останати градови е користен називот πόλις, кој е вообичаен во целиот источен дел на Римското Царство. Градот Гортинија, споменат уште во историските извори, денес врз основа на пронајдената камена плоча во 1999 година, во истражувањата под раководство на д-р Драги Митревски со епиграфски натпис, на која што се препознава дел од името на градот (ΓΟ)ΡΤΥΝΙΑ како и пронајдениот печат во 2010 година, што е датиран од крајот на 2. или почетокот на 1. век, п.н.е., со претстава на Нике качена на бига/двоколка со коњи, а над неа натпис ΓΟΡΔΥΝΙΑ (или можеби ΓΟΡΔΥΝΙΑΣ), претставуваат суштински докази што ја потврдуваат локацијата на градот Гортинија на локалитетот Вардарски Рид каде што се откриени остатоци на континуирано живеење, и тоа од крајот на бронзеното време (13. век, п.н.е.), па сè до доаѓањето на Римјаните.

Античкиот град Тауријана, [626] чии што многубројни антички остатоци што ги красат дворовите на жителите на Нов Дојран и денес

[626] Вистина сеуште немаме податоци за постоење на одбранбен градски ѕид околу античката населба под Нов Дојран, но со оглед на фактот што оваа населба очигледно била форсирана од страната на Рим, засега прелиминарно сметам дека Тауријана имала статус на град во римско време.

сведочат за богатата историја на градот, но тие остануваат тука, разни столбови од објекти, плочи декоративни елементи, место каде историјата чека со посредство на археологијата да биде откриена, забележана и потврдена. Сите досегашни сознанија, од археолошките истражувања вршени досега посочуваат дека тука се наоѓал градот Тауријана.

Околу проблемот со убикација на градот Идомене, кој сѐ уште не е посведочен со епиграфски споменик и понатаму е отворена научната дискусија. Од сите изнесени хипотези, каде предвид беа земени локалитетите Исар-Кула, Валандово и Градишор-Мрамор Милетково, Градиште, Смоквица, меѓутоа ниту еден од споменатите локалитети не поседува убедливи археолошки индикации за убицирањето на Идомене. Во поновата литература, вниманието го привлекоа остатоците од градот на Исар, Марвинци кој својот максимален интензитет на егзистенција го доживува во 1. и 2. век, н.е. Локалитетот Исар се протега на простор од околу 5 ха поделен на два дела: акропола каде е лоцирана предримската населба, а на падините под акрополата се протега градот од римскиот и доцноримскиот период. На локалитетот, откриени се голем број монети, меѓу кои на македонските кралеви, монети на градовите Амфипол, Пела и Тесалоника, и монети на римските императори.

Постојат различни гледишта за убикација и на античкиот град Добер, што сѐ уште продолжува да биде предмет на интерес, поради отсуството на цврсти докази за неговото постоење. Многу истражувачи го идентификуваат Добер кај Дојран (според сличноста на името). Други пак, го лоцираат кај селото Габрово. Трети, некаде кај Струмица и Исар Марвинци. Но, со новите истражувања изведени во последниве години В. Лилчиќ-Адамс, дава разумно сознание дека античкиот град Добер се наоѓа во Валандово, на локалитетот Исар-Извор Свети Петар, заедно со високиот кастел на доминантното карпесто плато Жапката, потоа објектот Кула на карпестиот срт подолу од Жапката, како и остатоците на недвижни и движни наоди и објекти на Зелениште и Стакина Чешма, на просторот на денешно Валандово, што укажуваат на голем и значаен

антички и средновековен град. Последните теренски истражувања и појавата на нови докази, нудат ветувачки сознанија и убедлива перспектива за локацијата  на античкиот Добер, но потребни се понатамошни систематски археолошки истражувања.

Античкиот град Стена кој што се наоѓа на просторот на Клисурско Маало/ Бања/Болница, Демир Капија, зафаќал површина од можни 10 хектари. Демир Капија, претставува една комплексна археолошка целина што егзистирала уште од неолитот и железното време. Терминот Стенае се однесува на карпестиот теснец низ кој реката Вардар го пробила својот тек, а не и за име на античкиот град што се наоѓа на локалитетот Клисурско Маало/Бања/Болница, Демир Капија. Сепак, изворите не даваат никакви податоци дека постоел град со тоа име, поради тоа се смета, дека токму овој амбиентален назив бил употребен во Појтингеровата карта.

Околу убикацијата на античкиот град Антигонеа, за кој истражувачите предлагале лоцирање на разни локалитети во териториите на Неготино, Кавадарци, Тремник, Војшанци и крај Демир Капија, најлогичен е предлогот за убикација на Антигонеа на позицијата на „Градиште“ кај Неготино, изнесен од страна на И. Микулчиќ. Пронајдените наоди на монети од времето на Филип V и Персеј, монетите од римскиот период, како и внатрешна урбана шема, предградие и обѕидие, кое и по варварските наезди  било обновено и егзистира сѐ до 6. век, посочуваат дека на локалитетот Градиште, Неготино издигнат на десниот брег на Аксиј, што се наоѓал на стратегиска крстосница на патните правци што воделе кон Штип и Струмица на исток, и кон Аударист и Пелагонија на запад, во антиката израснал голем и важен град, најверојатно Антигонеа.

Античкиот град Стоби, кој е еден од најоткиените маркантни локалитети во Македонија, со своите импресивни градби како најголемиот град во северниот дел на римската провинција Македонија,

подоцна главен град на провинцијата Македонија Секунда, оставил силен белег во древното минато, а го предизвикува и плени вниманието во сегашноста.

Античкото гратче Гурбита, за кое што е даден предлог за убикација на локалитетот „Градиште“, кај селото Згрополци, својот подем го доживеал во 3.-1. век, п.н.е, како и во 1.-2. век, н.е. и покрај отсуството на натписи што го потврдуваат неговото име, откриените наоди од овој локалитет даваат живописна слика на овој град на античката цивилизација од предримско и римско време во долината на Вардар. Се разбира, понатамошните истражувања на овој локалитет треба да придонесат за откривање на слоевите на историјата, вградени во нејзините урнатини.

Античкиот град Билазора, беше убициран на локалитетот Градиште кај селото Кнежје. Најновите теренски археолошки истражувања, сугерираат дека иако Градиште кај село Кнежје е значаен археолошки локалитет, тој можеби не е градот Билазора. Најновите истражувања на В. Лилчиќ-Адамс, А. Јакимовски, и Г. Тренески, водат во насоката на убикација на античкиот град Билазора на локалитетот Велешко Кале, Велес. Сумирајќи ги импликациите и заклучоците од истражувањата и археолошкиот материјал, во однос на наводите за вкупната површина на локалитетот Градиште, Кнежје, од претпоставеното јужно предградие и истакнатата вкупна површина од 19.62 ха, што заостанува зад реалната површина од 16 ха и укажува на тоа дека овој локалитет не е најголем по површина специфично, ако ги споредиме со податоците за градот Астибо и неговата површина од околу можни 30 хектари, забележуваме дека Градиште е значително помало, како и интерпретацијата на пишаниот пасус на Полибиј, кој вели најголемиот град во Пајонија, кој може да се толкува и како познатиот, големиот, најистакнатиот (во географски контекст најиздадениот на север, кон страната од која навлегувале Дарданците), укажува на можна убикација на античкиот град Билазора на локалитетот Велешко Кале,

Велес. Овие нови истражувања и интерпретации, ја изменуваат нашата перцепција за големината и значењето на овие локалитети и отвора нови можности за кои секако, потребни се дополнителни анализи, прашања и дополнителни истражувања.

Античкиот град Скупи, со своите архитектонските остатоци од големите структури од римското време како што се театарот, храмот, јавните бањи, базиликите, ја нагласуваат важноста на градот како центар на културните и социјални активности, ја осветлуваат повеќеслојната историја на градот и неговата улога како крстопат на различни култури и цивилизации.

Од аспект на одбрана на овие градови, заштита на границите, контрола над клучните трговски патишта, одржувајќи го законот и редот од надворешни и локални закани, биле создадени тврдини. Античките тврдини, стратешки позиционирани на издигнат терен како што се ридови, планини или карпи, нуделе гледна точка за надзор и одбрана, дозволувајќи им на бранителите да ги следат и контролираат движењата во околните области. Тие, играле клучна улога во раниот римски период, служејќи како витални воени и административни центри низ територијата на Римската империја, дозволувајќи да се врши контрола над освоените територии. Во нив, имало гарнизони војници одговорни за одржување на редот, собирање даноци. Тврдините се појавиле масовно во раниот антички период, а продолжиле да се користат низ следните периоди.

Па така, локалитетот Давина Кула кој што во раната антика, најверојатно бил оформен како кастел стражарница, во доцната антика прераснал прво во кастел, а потоа во мал доцноантички град, чија што акропола во рановизантискиот 6. век била користена како кастел спекула, претставувал извонредно значајна стратегиска точка на магистралниот пат кој што доаѓал преку Косово кон Скупи.

Локалитетот Градиште, село Таор, има главна стратегиска позиција, контролирајќи го преминот преку реката Вардар, а со тоа и патот долж реката Вардар и споредната патна делница што водела кон селото Бадер. Пронајдените бројни наоди на многубројно оружје, воена опрема и други карактеристични наоди, наведуваат дека тврдината била дел од заштитниот систем на градот Скупи и околината. Многу истражувачи и ден денес ја поддржуваат хипотезата на А. Еванс дека Тауресион, родното место на римскиот император Јустинијан I, е всушност Градиште, Таор.

Кастелот „Дрма“ Смрѓец, Бадер, во општина Петровец лоциран на доминантен рид на левиот брег на Пчиња, го контролирал теснецот низ кој течела реката Пчиња. За овој локалитет, И. Микулчиќ дал предлог за убикација на станицата Praesidio од Појтингеровата карта и кандидат за убикација на тврдината Бедериана, од која што потекнувал византискиот цар Јустин I. Меѓутоа, во рамките на досегашните истражувања на локалитетот не е евидентиран културен хоризонт од 6. век, врз кој што би претпоставувале идентификација на локалитетот со тврдината/кастелот Бедериана, спомената кај Прокопиј.

Локалитетот Градиште/Маркови Кули/Кастелото, село Летевци се наоѓа кастелот со стратешка позиција, близу до трасата на овој Вардарски пат, категоризиран како пограничен бидејќи се наоѓал во близина на границата на провинциите Горна Мезија и Македонија. В. Лилчиќ-Адамс со соработниците, дале предлогот за убикација на Бадеријана на овој локалитет, според топонимот и археолошките наоди и земајќи ја предвид границата, ad fines на Појтингеровата карта, каде токму тука поминувала провинциска граница помеѓу Дарданија и Македонија Втора.

Локалитетите Градиште, кај селото Добрино со Кале/Каља, Добрино, можеме да согледаме дека двата кастели контролирале значајна патна траса, која што ги поврзувала Скопско и Велешко долж десниот брег на Вардар, ви за ви патната магистрала, што досега ја

знаевме како главна магистрала што водел долж последните километри на Пчиња и понатаму, долж левиот брег на реката Вардар.

Тврдините на локалитетите Кале, Сопот и Кале, Слп, првиот се наоѓа отспротива на темето на ридот Кале, Слп, каде се наоѓаат остатоци од мало, но значајно утврдување двата кастела ја контролирале провинциската граница како и трасата на Via Axia.

Кастелот на „Отовичко Кале“, Башино Село, со геостратешка вредност вршел контрола на долг дел Via Axia, која овде е на тесно место ја напушта речната долина и ја заобиколува планината Краста. Според пронајдените керамички наоди и монети, тврдината што била оформена како антигонидски кастел врз значајна пајонска насеба, веќе во последните децении од егзистенцијата на кралството Македонија, во времето на владеењето на кралевите Филип V и Персеј, продолжува со својата функција и во доцноримскиот период.

На локалитетот „Корија“ село Раштани, егзистирала богата пајонска населба. Во нејзината акропола Филип V оформил силна военостратегиска база од каде кралот ги контролирал сите воени операции, на север кон Скопско.

На локалитетот „Кула Превалец“, Велес, на сличен начин, во архајскиот период била оформена моќна пајонска тврдина за заштита на нападите кон градот на Велешкото Кале, Велес, од запад низ клисурата на реката Тополка. Подоцна, по освојувањето на градот на Велешкото Кале, Филип V, како изгледа според неговата бронзена монета откриена на овој локалитет, акрополата била користена како кастел спекула за визуелна врска помеѓу Велешко Кале и Корија, Раштани.

Утврдување на ридот „Острец“, село Згрополци било наменето за контрола на патната магистрала, долж десниот брег на реката Аксиј. Крајпатениот кастел „Свети Илија“, село Виничани служел за контрола на патот Via Axia до Гурбита на север и Стоби на југоисток. Кастелот

„Вршник Плоча“, село Цидимирци, спроти античкиот град Стоби, вршел контрола на патот долж левиот брег на Вардар, меѓутоа имал веројатно и улога на евентуална заштита на градот Стоби во раната антика. Локалитетот „Градиште Војшански Рид“, село Војшанци бил антигонидски кастел што го контролирал патот долж левиот брег на Вардар во раната антика, но продолжил да се користи и во римско време, со истата функција. Веројатно и тука, би можеле да претпоставиме дека најстарата егзистенцијална фаза на ова место била пајонска населба од архајскјо време.

Во Демиркаписката Клисура се наоѓа поголема концентрација на кастели кој го контролирале влезот и излезот од клисурата, па така, локалитетот „Пченични Дупки-Споменик“, Демир Капија претставува мал антигонидски кастел стража (оформен врз постара пајонска крајпатна населба), со функција за контрола на теснината, помеѓу речното корито и ридестиот масив на југ. Кастелот „Чифлик Илимов Рид“, Демир Капија кај селото Чифлик пред Демир Капија го контролирал приодот кон Демиркаписката Клисура, меѓутоа и патот што водел кон селото Дрен и понатаму.

Кастелот „Маркова Кула“, Корешница, на левиот брег на Вардар, лоциран на највисоката точка доминира на масивот Јуручки Камен, со видик на поширокиот регион, имал улога за контрола на патот во антиката и во средниот век. Јужно под него се наоѓа кастелот на локалитетот „Кула Среден Град“, Корешница, Демир Капија, а најјужно на карпестиот венец е Марков Град чија што функција сѐ уште виси во науката.

На десниот брег на Вардар, веднаш над теснецот во кој влегува, се издига кастелот „Кула Постралец“, Демир Капија, како најсеверната тврдина на карпестиот венец Краставец.

Покрај овие антички тврдини, концептот на високите кастели - спекули и сигнализација играле значајна улога во воената стратегија и

комуникација. Тие, овозможувале рано откривање на непријателски војски или напаѓачи и често служеле како сигнални станици за известување и тревожење, олеснувајќи ја комуникацијата на долги растојанија преку употреба на визуелни сигнали, како што се палење на оган или сигнали од чад.

Според истражувањата на сигнализацијата, во доцната антика по Вардарската магистрала на В. Лилчиќ-Адамс кој ја истражувал оваа мрежа на сигнализација во 6. век, сигналните точки во овој систем делумно се состоеле од два елементи: кастел-база, за сместување на главните трупи, од кои помалите единици биле испраќани во повисокиот кастел-спекула за чување стража и доминантна стражарска позиција, од каде бил испраќан сигнал. Меѓутоа, во дел од случаите самото утврдување ги поседувало елементите на кастел-база и кастел-спекула, во смисла на перманентно сместување на војниците во една фортификација од каде биле препраќани сигналите.

Така, можеме да заклучиме дека  дека сигналот кон Давина Кула, Чучер можел да се забележи од акрополата на градот Скупи на оддалеченост од 7,9 км и од кастелот-спекула Маркови Кули/Марково Крувче, Кисела Вода, на растојание од 14,3 км; потоа, била примана југоисточно, на локалитетот Градиште Таор на растојание од 16,95 км, па потоа до фортификацијата Кале/Каља, село Добрино на растојание од 9,15 км, следно кон кастелот на Карабуниште Цуцулигово на растојание од 2,8 км; потоа од кастелот спекула „Клепа", Двориште/Крајници, на растојание од 29,7 км. Од Клепа во 6. век биле алармирани градовите Стоби на оддалеченост од 13,4 км и Антигонеја на оддалеченост од 24,9 км и од кастелот-спекула Маркова Кула, Корешница  на растојание од 41 км, оттука сигналот го примал кастелот-спекула/база Исар-Жапката, Валандово (кота 632 м), на растојание од 25,5 км, па оптичкиот сигнал продолжувал кон кастелот-спекула/база Кале Дуб Карабали, Богданци (кота 682 м), на растојание од 18,8 км. Од Кале Дуб Карабали, Богданци алармните сигнали продолжувале на југ кон Тесалоника.

Можеме да заклучиме, стратешки гледано, дека целата област по течението на Вардар, претставува систем на поголеми фортификации (градчиња/опида), опкружени со голем број помали тврдини и стражи (фруриони/кастели) кои што им помагале на првите во одбраната.

Во поглед на предримските патни траси, можеме да согледаме дека постоеле две магистрални траси. Источен магистрален пат долж реката Вардар, познат во постарата литература. Меѓутоа, со последните истражувања согледуваме нов момент, а тоа е Западен магистален пат, трасата на западниот брег на реката Аксиј/Вардар. Според сумираните податоци од истражувањата и пронајдените наоди од локалитетите, трасите би изгледале вака:

*Западен магистрален пат (десен брег на Вардар)*

Вардарски Рид, Гевгелија (античкиот град Гортинија) - Туфка, Смоквица-Мрамор, Милетково-Раклата, Давидово-Градиште Голема Јаворица, Демир Капија-Маркова Чешма-Кула над Постралец-Клисурско Маало/Бања/Болница, Демир Капија (град Стена)-Пченични Дупки-Споменик-Градиште Чаир Рид, Тремник-Градиште, Неготино (античкиот град Антигонеа)-Пусто Градско, Градско, (античкиот град Стоби)-Свети Илија, Винчани-Градиште, Згрополци (градчето Гурбита)-Кале, Згрополци-Острец, Згрополци-Велешко Кале, Велес (град Билазора)-Кале Превалец, Велес-Корија, Раштани, Кале Влахчани Цуцул–Кале Влахчани, село Слп-Кале, село Слп-Цуцулигово, село Карабуниште-Градиште, село Добрино-градот на Исар, село Студеничани (Синтиа ?).

*Источен магистрален пат (лев брег на реката Вардар)*

Давина Кула, Чучер-Злокуќанско Кале, Злокуќани (антички град Скупи)-Дрма Смрѓец, Бадер-Кула, Бадер-Солиште, Летевци-Маркови Кули, Летевци-Кале, Слп-Отовичко Кале и Теќе, Башино Село-Асарлак, Кочилари-Градиште, Кочилари (предримски град Алмана)-Топот, Уланци, Столот-Чардак, Џидимирци-Вршник/Плоча, Џидимирци-Белата Земја Трнче, Пепелиште-Градиште, Војшанци-фортификациите: Маркова Кула,

Кула Среден Град и Марков Град, Корешница-Кула Камен, Градец-Удовски Рид, Градец-Исар, Марвинци (антички град Идомене)-Глоска Чука/Прдејска Чука, Грчиште-Градиште, Ѓавото-Кофилак/ Богородичин Рид, Богородица.

Раноантичката патна мрежа, што била клучна за одбраната и контролата на територијата на античка Македонија, развила комплексна мрежа од кастели и стражи, што овозможувало ефикасна одбрана и контрола, како и анектирање на кралството Пајонија што било конвертирано во македонска Стратегија Пајонија, од страна на македонскиот крал Филип V. Овие патишта, биле важен дел од инфраструктурата на античка Македонија и имале влијание врз нејзината политичка и воена стабилност. Рим, преку своите измени во стратегијата и интересите за походите на Исток, го преориентирал патот преку Тесалоника кон Бизантиум-Константинополис, занемарувајќи го стариот пат кон Пела.

Од досега истражените локалитети, во јужниот дел од Вардарската долина, можеме да заклучиме дека сите што се наоѓаат на десната страна на реката Вардар се далеку пооткриени, т.е поистражени, во однос на оние од левата страна на Вардар. Со тоа што, пак во северниот дел на долината помеѓу Велес и Скопје, помалку се истражени локалитетите на западниот брег на реката Вардар.

Јас, искрено се надевам дека во иднината, македонската и светската археологија ќе се фокусираат на патната мрежа, градовите и тврдините во Вардарскиот регион. Во тој контекст, како автор на овој труд, верувам дека моите согледувања и ставови ќе помогнат за целосното расветлување на енигмата со која е испреплетено минатото на Магистралниот пат Via Axia, по долината на реката Вардар.

# 12. КАРТИ, ФОТОГРАФИИ И ЦРТЕЖИ




*Сл. 42.168-166 п.н.е. заедничка одбрана на македонските и римските воени сили против дарданските упади.(В.Л.Адамс)*




*Сл. 43. мапа на Provincia Macedonija по 148 година п.н.е. (В.Л.Адамс)*




*Сл. 44. мапа на доцноантички провинции на територијата на Македонија (В.Л.Адамс)*




*Сл. 45. мапа на трасата на магистралниот пат помеѓу скопско и велешко во римскиот царски период (В.Л.Адамс)*




Сл. 46. мапа на антички градови во долината на реката Вардар




Сл. 47. карта на локалитетот Вардарски Рид, античкиот град Гортинија




*Сл. 48.карта на Нов Дојран, античкиот град Тауријана*




*Сл. 49.карта на локалитетот Исар Марвинци, град Идомене*



*Сл.50. монети од локалитетот  Исар Марвинци (В. Л. Адамс)*




*Сл. 51. план од локалитетот  Исар Марвинци (В. Л .Адамс)*




Сл. 52.карта на локалитетот Исар Кула Валандов- град Добер? (слика В. Л . Адамс)




Сл. 53.карта на Клисурско Маало/Бања/Болница, Демир Капија, античкиот град Стенае




Сл. 54. план на локалитетот Клисурско Маало/Бања/Болница, Демир Капија (слика В. Л. Адамс)




Сл. 55.карта на локалитетот Градиште, Неготино - град Антигонеа




*Сл. 56. карта на локалитетот Пусто Градско -антички град Стоби*




*Сл. 57. карта на локалитетот Кале/Градиште с. Згрополци - град Гурбита*




*Сл. 58. карта на локалитетот Велешко Кале Велес - Ad Cephalon (слика В. Л. Адамс)*




*Сл. 59.план на локалитетите Градиште Кнежје, Св.Николе и Велешко Кале Велес - елеменити за можна убикација на Билазора(слика В. Л. Адамс)*




*Сл. 60.карта на локалитетот Colonia Flavia Felix Scupinorum*




*Сл. 61.план на локалитетот Colonia Flavia Felix Scupinorum (УЗКН Скупи Л. Јованова)*

| АНТИЧКИ ТВРДИНИ ПО ДОЛИНАТА НА РЕКАТА ВАРДАР | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **број** | **локалитет** | **место** | **функција** | **вкупна површина** | **надморска височина** | **датација** |
| 1. | (Кула) Давина Кула | Глуво-Бразда и општина Чучер Сандево | castel | 3,4 ха | 532 м | 3.-2. век п.н.е/3.-6. век/9.-11. век |
| 2. | 'Градиште' Таор | с.Таор, Зелениково | castel | 2,2 ха | 306,7 м | рано бронзено време/3.-2. п.н.е/4.-6. век/10.-13. век |
| 3. | "Дрма" Смрѓец | Бадер општина Петровец | castel | 3,6 ха | 253 м | 4.-5. век |
| 4. | Градиште "Маркови Кули" | село Летевци | castel | 9.354 м2 | 266 м | рано бронзено време/3 век/4.-6. век/9.-14. век |
| 5. | Градиште, Добрино | село Добрино | castel | 0.5 ха | 444 м | 7.-6. век п.н.е/3.-2. век п.н.е/ 4.-6. - 12.-15. век |
| 6. | "Кале" Сопот | с. Сопот | castel | 1.5 ха | 324,8 м | архајски период/4-6 век |
| 7. | "Отовичко Кале" Башино Село | село Башино Село | castel | 20.300 м2 | 350 м | архајски период/3.-2. век п.н.е/ 4. век |
| 8. | "Корија" Раштани | село Раштани | castel | 126.700 м2 | 466 м | архајски период/3.-2. век п.н.е/ 4. век |
| 9. | "Кула Превалец" Велес | Велес | castel | 2930 м2 | 335 м | архајски период/Римски период |
| 10. | "Острец" село Згрополци | село Згрополци | castel | 0.81 ха | 232 м | 7.-5. век п.н.е/168-166 п.н.е/ 3. век |
| 11. | Свети Илија село Виничани | село Виничани | castel | 2,5 ха | 243 м | 3.-2. век п.н.е/4.-6. век |
| 12. | Вршник Плоча село Цидимирци | село Цидимирци | castel | / | / | 3.-2. век п.н.е |
| 13. | Градиште Војшански Рид | село Војшанци | castel | 2,5 ха | 153 м | 3.-2. век п.н.е/1.-4. век |
| 14. | Пченични Дупки-Споменик | Демир Капија | castel | 14.000 м2 | 140 м | архајски период/ Антигонидски кастел /населба во ранoримски период |
| 15. | Чифлик Илимов Рид | Демир Капија | castel | 18.000 м2 | 260 м | 3.-1. век п.н.е/ 3.-4. век |
| 16. | Маркова Кула Корешница | Корешница, Демир Капија | castel | 9.300 м2 | 412 м | рано антички период/4.-. век/ 10.-14. век |
| 17. | Кула Среден Град | Корешница, Демир Капија | castel | 10.900 м2 | 330 м | рано антички период/4.-6. век/ 13.-14. век |
| 18. | Кула Постралец | Демир Капија | castel | 16.800 м2 | 350 м | 4.-6. век |

*Табела со податоци за Античките тврдини по Долината на реката Вардар*




*Сл. 62. мапа на антички тврдини во долината на реката Вардар*




*Сл. 63. Приказ на сигнализацијата во доцната антика (В. Л. А)*




*Сл. 64. Приказ на сигнализацијата во доцната антика (В. Л. А)*




*Сл. 65.Карта со двата магистрални патишта помеѓу античките градови Скупи и Стоби(В.Л.Адамс)*

## 13. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

-**Алексова Б. 1960,** Комплекс ископавања у Нов Дојрану, Археолошки преглед, том 2, Археолошко друштво Југославије, Београд 1960, 135-138

-**Алексова Б. 1966,** Demir Kapija, Skopje-Belgrade 1966, Arheološki muzej Skoplje|Arheološko društvo Jugoslavije- 17

-**Алексова Б. 1985,** Старата епископска базилика во Стоби – Археолошки ископувања и истражувања, 1981-1984 год. Годишен зборник на Филозофскиот факултет 38, 43–72

-**Ангеловски, Б., Спасова Д., & Јакимовски, А. 2021**, Археолошки истражувања на локалитетот Дрма- Бадар, *Macedoniae Acta Archaeologica*, (23), 347–355. https://doi.org/10.55973/MAA2123347a

-**Ангеловски Б., Спасова Д., Станчевски И., Денковски К., 2017**, Археолошки истражувања на локалитетот Дрма-Бадар (истражувања 2014-2016), Археолошки информатор бр. 1, Прилеп. 47-52

-**Бабамова С., 2018**, Нова сведочанства о локацији Гортиније, Идомене и Добера, 2018 ,Српска академија наука и уметности научни скупови, Књига CLXXIII, Оделење историјских наука, Књига 40

-**Бабамова С. 2022,** Пајонија и Пајонците, Филозофски факултет Скопје, 2022, 367

-**Басотова М., 1998**, Давина Кула, Чучер, - Неколку латински натписи, Македонско наследство, бр. 8, Скопје 1998, 78-82

-**Bitrak, S., Sekunda N. V., 2015,** Excavation Coins and Stray Finds ancient,Coins from Excavations at Negotino Gradište 2009-2011, The Numismatic Chronicle, Vol 175, published by: Royal Numismatic Society, London 2015, 345-356, Plates 50-54

-**Bitrak, S., BrillowskiW., Sekunda N. V., 2017,** Excavation Coins and Stray Finds ancient ,Coins from Excavations at Negotino Gradište 2012, The Numismatic Chronicle, Vol 177, published by: Royal Numismatic Society, London 2017, 481-493, Plates 55-63

-**Bitrak, S., Brillowski W., Sekunda N. V., 2018,** Excavation Coins and Stray Finds ancient, Coins from Excavations at Negotino Gradište 2013-2017, The Numismatic Chronicle, Vol 178, published by: Royal Numismatic Society, London 2018, 389-398, Plates 47-52

-**Блажевска С. 2021,** Генерален план за заштита на археолошкиот локалитет Стоби, Р. Македонија, Национална установа Стоби, Република Македонија Фондација Балканско наследство, Бугарија, 2021 Скопје

-**Вулић Н. 1925,** Територија римског Скопља, Гласник Скопског научног друштва, 1/1925, 1–4

-**Вулић Н., 1931,** „Антички споменици у Србији“, Споменик, LXXI/1931, бр. 556; Inscriptions de la Mésie supérieure, vol. VI: Scupi et la région de Kumanovo, par Borka Josifovska-Dragojević sous la direction de Fanoula Papzoglou, Beograd, 1982, бр. 196

-**Vulic N., 1938,** Archaeologische Karte von Jugoslavien : Kavadarci, F. Pelikan, Beograd, 1938

-**Vulić N., 1941-48,** Spomenik XCVIII/77, Srpska kraljevska akademija, Beograd 1941-48

-**Вулић, Н., 1961,** Римско позориште код Скопља. *Неколико питања изаничке историје наше земље и римске старине*. Посебна издања САНУ књ. CCCXLVI Одељење Друштвених наука, 39, 1–24

-**Гајтаноска Ј.,2008,** Планиметрија на Кале, село Отовица, Македонско Наследство бр. 33, издавач Македонска Цивилизација, Скопје 2008, 59-78.

-**Георгиевски Б. 1991**, Античкиот пат Scupi-Stobi според податоците содржани во Tabula Peutingeriana, *Macedoniae acta archaeologica* бр. 12 (1991), стр. 211-219

-**Георгиев З.,2008,** Стоби, Македонски Културно Наследство археолошки локалитети, Скопје 2008, Министерство за култура на Република Македонија, Управа за заштита на културното наследство

-**Герасимовска, Д., 2007,**Живеалиштето и културата на живеење низ антиката во Македонија. Докторска дисертација. Скопје: Филозофски факултет.

-**Донев Д., 2005,** Северната граница на античкото кралство Македонија, неколку прелиминарни размислувања, Македонско Наследство бр. 26, Скопје 2005, 29-63

-**Donev D., 2007,** Several Unpublished or Unknown Hill-Forts from Mid-Vardar Valley, and on the Problem of the Hill-Fort as a Settlement Form, Macedonian Heritage No 31, Skopje 2007, 63-79.

-**Donev D., 2008,** Several Unpublished or Unknown Hill-Forts from Mid-Vardar Valley, and on the Problem of the Hill-Fort as a Settlement Form, II Part, Macedonian Heritage No 33, Skopje 2007, 27-49

-**Dr. Karl Hald,,1917,** Auf den Trümmern Stobis, Stuttgarg 1917

-**Драгојевић-Јосифовска Б.1959**, „База са посветом П. Мемију Регулу", ЖА IX/1-2, 285-290

-**Драгојевић-Јосифовска Б.1967**, Извештај о археолошком ископавању код села Марвинаца. Годишен зборник на Филозофскиот факултет 19, 307–352.

-**Драгојевић Јосифовска Б. 1968:** Три необјављена натписа из Скупа, Жива антика, XVIII/1968, бр. 1, 73–75

-**Драгојевић Јосифовска Б. 1970,** Један латински натпис из Скупа, Годишен зборник на Филозофскиот факултет 22, 319–324.

-**Dragojevic Josifovska B., 1976,** Idomenai, Idomenae, in: Tabula Imperiiromani, Naisus – Dyrrhachion – Scupi – Serdica – Thessalonike, Sectio K34, Slovenska akademija Znanosti in Umetnosti, Ljubljana 1976, 63-64

-**Dragojević-Josifovska B., 1982,** Inscriptions de la MésieSuperieure, Vol. VI, Scupi et la region de Kumanovo, Centre d'étudesépigraphiques et numismatiques de la Faculté de philosophie de luniversité de Belgrad, Beograd 1982, 1-197

-**Јосифовска Драгојевиќ Б. 1958** „Грчки натпис со сигнатура на уметникот Ἄδυμος Εὐάνδρου", ЖА VIII/2, 295-300

-**Јосифовска Драгојевиќ Б.. 1970**, „Депо фолеси од с. Марвинци", ГЗбФф XXII, 353-372

-**Evans A. 1885,**Antiquarian Researches in Illyricum, (Parts III, and IV*),* 1885, Society of Antiquaries of London (IV.-Scupi, Skopia, and the birthplace of Justinian, with notes on the Roman Road-line Scoupi – Naissus – Remesiana)

-**Ивановски М. 1974,** Миљоказ на императорот Филип I Арабјанин, Гласник на Историскиот музеј на Македонија, 3/1974, 53–55.

-**Јакимовски А., 2012,** Антички светилки од Република Македонија. Скопје: Македонска цивилизација, 2012

-**Јакимовски А., 2017,** Археолошки истражувања на римскиот,Римски театар Скупи театар во Скупи 2013-2016 година, Филозофскиот факултет - Скопје и Музејот на град Скопје 2017

-**Јакимовски А., Јованова Л.,Ончевска- Тодоровска М.,Јованов М., Павловски Г., 2017** ,Римски театар Скупи, Музеј на град Скопје ,2017, Филозофскиот факултет - Скопје и Музејот на град Скопје 2017

-**Јакимовски А., 2018:** Биографија на професор д-р Виктор Лилчиќ Адамс, Folia Archaeologica Balkanica IV, 2018, 42

-**Jakimovski A., V.Lilčić Adams, M.Jovanov,2020,** AD HOC project (Accessible and Digitized Archeological and Cultural Heritage), FZF,Skopje 2020

-**Јакимовски А., 2022,** Пајонска Нумизматика Пајонија и Пајонците, Филозофски факултет Скопје, 2022,215-295

-**Јованов М.,2005**, Крајот на животот на Вардарски Рид, Вардарски Рид Том I, 2005, Скопје, Фондација Вардарски Рид Скопје

-**Јованов М. 2009**, Погребување во антиката помеѓу Вардар и Струма. Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски Факултет – Скопје

-**Јованов М. 2022,** Пајонските градови преку новите археолошки откритија, Филозофски факултет Скопје, 2022,197-214

-**Јованова Л., 2013,** Македонија во римскиот период (археологија), во: Македонија,милениумски културно-историски факти, Скопје, 2013, 789 – 930.

-**Јованова Л., 2016,** Скупи Colonia Flavia Scupinorum, Управа за заштита на културното наследство, 2016 (Најзначајните вредности од обласа на културното и природното наследство на Република Македонија)

-**Јосифовски П. 2001,** Римската монетарница во Стоби, Народна банка на Р.М., Скопје 2001, 1-341, Табли: I-XLVI

-**ЈНУ Институт за старословенска култура – Прилеп 2019**, Годишен извештај за археолошки ископувања на локалитетот Дрма-Бадар, с. Бадер 2019 година

-**Крстевски Ц., 2022,** Доберос: античкиот град на Исар – Марвинци**,** Антолог, Скопје 2022

-**Крстевски Ц., Бофо Л., 2006,** Градот на Исар-Марвинци и римската администрација во провинцијата Македонија, Folia archaeologica Balkanica 1, Скопје 2006,333-355

-**Крстевски Ц., 2008**, Градот на Исар, Македонски Културно Наследство археолошки локалитети, Скопје 2008, Министерство за култура на Република Македонија, Управа за заштита на културното наследство

-**Лилчиќ (Адамс) В., 1994,** Античка патна мрежа, Археолошка карта на Република Македонија, Том. I, МАНУ, Скопје 1994, 112-118.

-**Лилчиќ-Адамс В. Шелдаров Н. 1994**, Кралевите на античка Македонија и нивните монети во Република Македонија. Скопје: Македонска цивилизација, 1994

-**Лилчиќ-Адамс В., 1995,** Антика, во: Македонија културно наследство, Мисла, Скопје 1995, 46-89

**-Лилчиќ-Адамс В., 1997,** Fauces Pelagoniae, Македонско наследство бр. 4, Скопје 1997, 30-51

-**Лилчиќ-Адамс В.1998,** Давина Кула, Чучер, Македонско Наследство бр.8 Скопје 23-44

-**Лилчиќ-Адамс В.1998,** Доцноантички комуникации и тврдини во регионот на средното Повардарие, Македонско Наследство бр.7 Скопје 13-54

-**Лилчиќ-Адамс В.2001,** Македонскиот камен за боговите, Христијаните и за живот по животот. Том 1, Скопје: Македонска цивилизација, 2001

-**Лилчиќ-Адамс В., 2008**, Три тврдини на македонските кралеви кај Демир Капија, Македонско наследство бр. 33, Скопје 2008, 2-26

-**Лилчиќ-Адамс В, 2013,** Македонија во доцната антика (археологија), во: Македонија, милениумски, културно-историски факти, том 2, Скопје 2013, 963-1029

-**Lilčić-Adams V., 2016,** The ancient Kingdom of Macedonia and the Republic of Macedonia, ed. Ministry of Culture of the Republic of Macedonia, Cultural Heritage Protection Office, Skopje 2016, 1-86 (with co-authors: Igor Shirtovski, Vladimir Atanasov, Viktor Simonovski, Filip Adzievski)

-**Lilčić-Adams V. 2017,** The visual Communication System of the Early Byzantine Castles along the Via Axia in the Republic of Macedonia in the 6th Century AD, во: Space, Landscapes and Settlements in Byzantium, Presented to Hohannes Koder, Wienna – Novi Sad 2017, 237-249, illustrations, map: 484-498

-**Лилчиќ-Адамс В., 2019,** Скупи и античката цивилизација на Скопско, во: Скопје, осум милениуми живот, култура, творештво. Скопје: Филозофски факултет,117-312, Скопје 2019

-**Лилчиќ-Адамс В, 2022,** Македонската стратегија Пајонија, Пајонија и Пајонците, Филозофски факултет Скопје, 2022,295-366

-**Лилчиќ-Адамс В., Фасоло М., Јакимовски А, Тренески Г., 2023,** Via Axia во античката епоха, труд презентиран на XXVI симпозиум на Македонското археолошко друштво, во Охрид на 18-20 октомври 2023 година, статија во подготовка за печат.

-**Lilčić-Adams V. &Jakimovski A., 2024,** New archaeological moments around the location of the ancient city of Bylazora, Omage de academician Nikola Tasic, SANU, Beograd 2024 (во печат).

-**Лилчиќ-Адамс В., Атанасов В., Илиевски А., Ширтовски И., 2024,** Прокопиевиот кастел Бедеријана и археолошкиот контекст на локалитетот Маркови Кули, Летевци 2023, МАНУ, Скопје 2024, во печат.

-**Македонска академија на науките и уметностите, 1994, 1996:** Археолошка карта на Република Македонија, томови: 1, 2, 3

-**Miller K., 1916,** Itineraria Romana, Stuttgart 1916, 555

-**Мирковић, М., 1960,** Римски пут Naissus–Scupi и станице Ad-Fines, Жива антика X, 1960,249–256.

-**Микулчиќ, Иван 1976,** Убикација на Билазора. Годишен зборник на Филозофскиот факултет 28, 149–166

-**Микулчиќ, Иван. 1982**, Старо Скопје со околните тврдини. Скопје : Македонска книга.

-**Микулчиќ, Иван 1982,** Хеленистички тврдини во Демир Капија и Бабуна, Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, кн. 34, Скопје 1982, 127-143

-**Микулчиќ, Иван 1984**, Проблемот на Антигонеја. Годишен зборник на Филозофскиот факултет 37, 111–138.

-**Микулчиќ, Иван 1984**, Проблемот на Антигонеја, Зборник на Филозофски факултет во Скопје, кн. 11 (37), Скопје 1984, 111 фуснота 1, 118-126

-**Микулчиќ И. 1985,** Стоби во предримско време - топографски осврт, Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, кн. 39, Скопје 1985, 101-117. (res.: Stobi in vorromischer Zeit - topographischer Überblick).

-**Микулчиќ, Иван 1989**. Топографија на Стенае – Просек – Демир Капија, Годишен зборник на Филозофскиот факултет 41-42, 65–89

-**Микулчиќ И. 1999,** Антички градови во Македонија, , МАНУ ,Макропроект Историја на културата на Македонија, Скопје 1999, 1-455 (монографија)

-**Mikulčić, I. 2002,**Spätantike und frühbyzantinischebefestigungen in Nordmakedonien, München 2002.

-**Микулчиќ И.2003**, Стоби, антички град, Скопје 2003.

-**Mócsy A., 1970,** Gesellschaft und Romanisation in der römischen Provinz Moesia Superior, Budapest 1970, 17-25

-**Митревски Д., 2001**, Старомакедонскиот град на Вардарски Рид, Скопје,2001

-**Митревски Д. 2005**, Вардарски Рид Истражувања 1995-2004, Вардарски Рид Том I, 2005, Скопје, Фондација Вардарски Рид Скопје

-**Митревски Д., 2005,** Куќата на колекционерот, Вардарски Рид Том I, 2005, Скопје, Фондација Вардарски Рид Скопје

-**Митревски Д, 2008**, Вардарски Рид, Македонски Културно Наследство археолошки локалитети, Скопје 2008, Министерство за култура на Република Македонија, Управа за заштита на културното наследство

-**Митревски Д., 2016**, Скопско Кале – Кале, од праисторијата до раниот антички период, ПНВ публикации, Скопје 2016, 1-175, планови 1-13; табели 1-107.

-**Митревски Д., 2016**, Античка Билазора престолнина на независните Пајонци, „Народен Музеј“ - Свети Николе,2016

-**Митревски Д., 2016**, Скопско Кале, Управа за заштита на културното наследство, 2016 (Најзначајните вредности од областа на културното и природното наследство на Република Македонија)

-**Митревски Д., 2017**, Гробовите од железното време под римскиот театар во Скупи, Римскиот театар Скупи, Филозофскиот факултет - Скопје и Музејот на град Скопје 2017

-**Митревски Д., 2018,** Владетелскиот комплекс во Билазора, Monumenta, Годишник на истражувачкиот Центар за културно наследство број 2–3, 2017/2018

-**Митревски Д., 2019,**Скопско во праисторијата и раната ,во: Скопје, осум милениуми живот, култура, творештво. Скопје: Филозофски факултет,15-116, Скопје 2019.

-**Митревски Д., 2022**, **Пајонско кралство и престолнина,** Филозофски факултет Скопје, 2022,111-162

-**Папазоглу Ф., 1957:** Македонски градови у римско доба, Скопје 1957, 1-

-**Papazoglu F., 1969** *Srednjobalkanska plemena u predrimsko doba*, CBI, Sarajevo, 1969

-**Papazoglou F. 1988**, Les villes de Macédoine à l'époque romaine, Ecole Francaise d'Athenes; 1st edition (December 31, 1988),1-528

-**Papazoglu F. 1988,** Les cites macedoniennes a l'epoque romaine, Ecole Française ď Athènes, XVII, Athènes-Paris, 1988, 528 (Supplément XVI du BCH), 174–179.

-**Петров О. 2021**, Докторска дисертација Градот -Тврдината Просек и неговиот ареал во средниот век,„Скопје 2021

-**Петрова Е. 2018,** Муниципиум Стобенсиум, Управа за заштита на културното наследство, 2018 (Најзначајните вредности од областа на културното и природното наследство на Република Македонија)

-**Ристов К. 2002**, Античките патишта во Гевгелиско-Валандовскиот регион, Македонско Наследство бр. 18, Скопје 2005, 18

-**Ристов К. 2017**, Таор, Управа за заштита на културното наследство, 2017 (Најзначајните вредности од областа на културното и природното наследство на Република Македонија)

-**Ристов К. 2019**, Таор Рановизантиско утврдување и населба од праисторијата до средниот век, "Софија", Богданци 2019

-**Сламков Е., Гушев Ѓ. 2005**, Римски гробови од Дојранско, Macedonian Acta Archaeologica, Vol 16 (1997-1999), Скопје 2005, 189-209

-**Сламков Е. 2012: Антички период,** Археолошки водич – Гевгелиско Валандовски регион, Гевгелија 2012**, 30-47**

-**Сламков Е. 2020,** Конзервација и реставрација на фортификацијата на централниот комлекс на локалитетот Вардарски рид - Гевгелија**,** Археолошки информатор бр.4, 2020, Прилеп

-**СоколовскаВ., 1986,** Исар-Марвинци и Повардарјето во античко време, Скопје 1986,1-189

-**Соколовска В. ,1997**,Пајонија во светлината на поновите истражувања, Македонско Наследство ,Скопје, 1997

-**Соколовска В., 2011,** Античкиот град на Исар-Марвинци, Валандово, Скопје 2011

-**Соколовска В., 2013,** Античка Демир Капија, Скопје, Порта Археологика

-**Соколовска В., 2022** Прилози за историјата на Пајонија и античка Македонија, Предлози и потврди,. Патримониум.мк, Год. 14, Но. 20, Скопје 2022

-**Томовски Т. 1961**, Прилог за реконструкција на Tabula Peutingeriana на делницата Scupi -Stobi, Жива Антика XI св. 1, Скопје 1961, 113-125

-**Fasolo M, Lilcik-Adams V., 2023,** Tra Danubio ed Egeo: la via Axia e il controllo del territoriodalla Protostoria al Medioevo, труд презентиран на VIII Congresso di topografia antica in memoria di Giovanni Uggeri, 14 – 15 – 16 Giugno 2023, Ferrara, статија во подготовка за печат.

-**Хусеновски Б., Сламков Е.2005**, Водич низ постојаната археолошка поставка, Гевгелија 2005

-**Шелдаров Н., 2003,** Македонија и Пајонија, Колекција Шелдаров, НБРМ, Скопје 20023, 1-174

-**Ширтовски И., 2018**, Исар – Жапката – алка во рановизантискиот оптички телеграф од Демир Капија кон Тесалоника, во светлина на најновите истражувања, Folia Archaeologica Balkanica IV, 2018,Skopje, FZF,467-481

-**Škrivanić, G. (1974),** Jugoslovenske zemlje na Pojtingerovoj tabli, Monumenta Cartographica Iugoslaviae, t. 1, Beograd 1974.

-**Шурбаноска М. &Јакимовски А., 2011,** Forum Romanum Stobis, II, Скопје 2011, 1-119